СЛУЖБЕН ВЕСНИК
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 24 год. LXVII | 25 февруари 2011, петок | Цената на овој број е 350 денари.

www.slvesnik.com.mk | contact@slvesnik.com.mk

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
581.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви……	**3**
582.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост…….	**5**
583.	**Закон** за игрите на среќа и за забавните игри……	**6**
584.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за акцизите……..	**58**
585.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за кредитно биро…….....	**60**
586.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.....	**61**
587.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност.....	**63**
588.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за инвестициски фондови..	**64**
589.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за девизната инспекција....	**70**
590.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за девизното работење.....	**71**
591.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва.....	**76**
592.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита на потрошувачите.....	**84**
593.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост.....	**100**
594.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите.....	**101**
595.	**Закон** за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување.....	**103**
596.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за основање на национална Агенција за европски образовни програми и мобилност.....	**103**
597.	**Закон** за престанување на важење на Законот за вршење овластувања од страна на републичките органи на управата во поглед внесување и растурање странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија.....	**104**
598.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за шумите.....	**105**
599.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за ветеринарно здравство..	**110**
600.	**Закон** за изменување и дополнување на Законот за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција.....	**125**

		Стр.
601.	**Закон** за изменување на Законот за научноистражувачката дејност.....	**130**
602.	**Одлука** за огласување избор на претседател на Државната изборна комисија.....	**131**
603.	**Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на регистрите на одобрени институции за осеменување и на одобрени одгледувалишта на пчелни матици.....	**131**
604.	**Правилник** за подеталните критериуми за катастарот на пчелните пасишта и пчеларскиот ред за испаша.....	**136**
605.	**Правилник** за начинот на одгледувањето и прометот на пчелните матици наменети за промет, преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал, како и големината на заштитениот појас околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици.....	**136**
606.	**Правилник** за големината на рибите под која не смеат да се ловат за стопански и рекреативен риболов.....	**137**
607.	**Правилник** за дозволените риболовни средства и нивната употреба за вршење стопански и рекреативен риболов.....	**139**
608.	**Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на регистар на признатите организации на одгледувачи.....	**139**
609.	**Правилник** за начинот на затворање и означување на затворено градилиште....	**142**
610.	**Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација.....	**142**
611.	**Правилник** за формата и содржината на барањето за добивање на одобрение и формата и содржината на образецот на одобрението за градење.....	**144**
612.	**Правилник** за формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација.....	**156**
613.	**Правилник** за начинот и постапката за издавање, обновување и одземање на овластувањата за проектирање на градби, ревизија на проектна документација, инженер за изведба и надзорен инженер, како и формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот за издадени и одземени овластувања.....	**159**
614.	**Правилник** за начинот и постапката за издавање, обновување и одземање на лиценците за проектирање на градби, ревизија на проектна документација, управител на градба, изведувач на градби, надзор на изградбата на градби и управител на одржување на објекти, формата и содржината на образецот на лиценците како и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот за издадени и одземени лиценци.....	**170**
615.	**Правилник** за начинот на вршење на техничкиот преглед.....	**183**
616.	**Правилник** за изменување и дополнување на Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост.....	**185**
617.	**Правилник** за изменување на Правилникот за висината на надоместокот за добивање на лиценци.....	**186**
618.	**Правилник** за формата и содржината на изводот од генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место, државна урбанистичка планска документација и од локална урбанистичка планска документација.....	**186**
619.	**Правилник** за содржината на проектите, означувањето на проектот, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските записи.....	**190**
620.	**Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер.....	**194**
621.	**Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер.....	**194**
622.	**Решение** за обновување на дозвола за работење на брокер.....	**194**
623.	**Решение** за стапување во примена на востановен катастар на недвижности..	**195**
624.	**Одлука** за изменување и дополнувања на Одлуката за издавање согласности на банка.....	**195**
625.	**Правилник** за формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање и промена на Уверението за регистрација на воздухоплови.....	**197**
626.	**Правилник** за изменување на Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување.....	**200**
	Огласен дел.....	**1-56**

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

581.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за стоковните резерви,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1032/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СТОКОВНИТЕ РЕЗЕРВИ

Член 1

Во Законот за стоковните резерви („Службен весник на Република Македонија" број 84/2008 и 77/2009), по членот 3 се додава нов член 3-а, кој гласи:

„Член 3-а

Постапката на вршење на надзорот се води согласно со Законот за инспекциски надзор доколку со овој закон поинаку не е уредено."

Член 2

По членот 9 се додава нов член 9-а, кој гласи:

„Член 9-а

Складиштарот е должен складираните стоковни резерви кои му се доверени на чување од Агенцијата, да ги евидентира и да ја води секоја промена на состојбата на материјални картици (вонбилансно), како и редовно да врши годишен попис на пописни листи, и за истото да доставува редовен годишен извештај до Агенцијата."

Член 3

Членот 22 се менува и гласи:

„(1) При вршење на надзор на стоковните резерви овластените лица од членот 21 на овој закон, изготвуваат записник.

(2) Врз основа на записникот од ставот (1) на овој член овластеното лице со решение ќе му нареди на складиштарот да ги отстрани утврдените неправилности во рок од 30 дена од приемот на решението.

(3) Против решението од ставот (2) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисија при Агенцијата составена од три члена кои ги именува директорот на Агенцијата.

(4) Овластените лица кои во вршењето на надзорот ќе констатираат дека има елементи на кривично дело, се должни за тоа да достават извештај до директорот на Агенцијата заради поведување на постапка пред надлежен орган."

Член 4

По членот 25 се додаваат два нови члена 25-а и 25-б, кои гласат:

„Член 25-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор овластените лица од членот 21 на овој закон утврдат дека по прв пат е сторена неправилност од членот 9-а на овој закон, се должни да состават записник во кој ќе се утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од 30 дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува директорот на Агенцијата.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Агенцијата, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на надзорот.

(4) Едукацијата може да се спроведува за повеќе утврдени исти или исородни неправилности за еден или повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку овластените лица од членот 21 на овој закон при спроведување на контролниот надзор утврдат дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесуваат заклучок со кој се запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку овластените лица од членот 21 на овој закон при спроведување на контролниот надзор утврдат дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесуваат барање за поведување прекршочна постапка пред надлежен суд.

(9) Агенцијата води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од директорот на Агенцијата.

Член 25-б

Агенцијата за извршените инспекциски надзори од страна на овластените лица е должна на својата интернет страница да објавува квартални извештаи."

Член 5

Членот 26 се менува и гласи:

„(1) Глоба во износ од 2.500 до 3.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на складиштарот, ако:

1) ги користи стоковните резерви, ги отуѓи, ја промени структурата на стоковните резерви и складишниот простор или на друг начин располага со стоковните резерви без писмен налог од Агенцијата (член 9 став (1));

2) стоките од стоковните резерви ги користат како средства за обезбедување на побарувања кон трети лица, залог или кој било друг вид на обезбедување (член 9 став (3)) и

3) го попречува вршењето на надзорот од страна на инспекторите и овластените лица (член 24).

(2) Глоба во износ од 300 до 600 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок и на одговорното лице кај складиштарот за дејствијата од членот 26 на овој закон.

(3) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата, на одговорното лице кај складиштарот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност или должност во траење од една до три години.”

Член 6

По членот 26 се додаваат два нови члена 26- а и 26- б, кои гласат:

“Член 26– а

Глоба во износ од 1.500 до 2.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на складиштарот ако физички го попречува издавањето на стоки од стоковните резерви за кои е издаден налог од Агенцијата (член 9 став (2)).

Член 26- б

(1) Глоба во износ од 200 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на складиштарот ако не постапи согласно со одредбите од членот 9- а на овој закон.

(2) За дејствијата од ставот (1) на овој член, покрај глобата, на одговорното лице кај складиштарот ќе му се изрече и прекршочна санкција забрана за вршење дејност или должност во траење од една до три години.”

Член 7

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR REZERVA TË MALLRAVE

Neni 1

Në Ligjin për rezerva të mallrave ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 84/2008 dhe 77/2009), pas nenit 3 shtohet nen i ri 3-a, si vijon:

"Neni 3-a

Procedura për kryerjen e mbikeqyrjes udhehiqet në pajtim me Ligjin për mbikeqyrje inspektuese, nese me kete ligji nuk eshte rregulluar ndryshe."

Neni 2

Pas nenit 9 shtohet nen i ri 9-a, si vijon:

"Neni 9-a

Magazinieri detyrohet që rezervat e mallrave të magazinuara që i jane ngarkuar për ruajtje nga Agjencia, t'i evidentoje dhe ta mbaje çdo ndryshim të gjendjes së kartelave materiale (jashte bilancit), si dhe rregullisht të kryeje regjistrim vjetor në lista për regjistrim, dhe për kete të dorezoje raport të rregullt vjetor në Agjenci."

Neni 3

Neni 22 ndryshohet si vijon:

"(1) Gjate kryerjes së mbikeqyrjes së rezervave të mallrave personat e autorizuar nga neni 21 i ketij ligji, perpilojne procesverbal.

(2) Në baze të procesverbalit nga paragrafi (1) i ketij neni personi i autorizuar me aktvendim do ta urdheroje magazinierin që t'i menjanoje parregullsite e konstatuara, në afat prej 30 ditesh nga pranimi i aktvendimit.

(3) Kunder aktvendimit nga paragrafi (2) i ketij neni mund të parashtrohet ankese në afat prej tete ditesh nga dita e pranimit të aktvendimit në Komisionin e Agjencise, të perbere prej tre anetareve të cilet i emeron drejtori i Agjencise.

(4) Personat e autorizuar që në kryerjen e mbikeqyrjes do të konstatojne se ka elemente të vepres penale, detyrohen që për kete të dorezojne raport te drejtori i Agjencise për ngritje të procedures në organin kompetent."

Neni 4

Pas nenit 25 shtohen dy nene të reja 25-a dhe 25-b, si vijojne:

"Neni 25-a

(1) Nese gjate kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese personat e autorizuar nga neni 21 i ketij ligji konstatojne se për here të pare eshte bere parregullsi nga neni 9-a i ketij ligji, detyrohen që të perpilojne procesverbal në të cilin do të percaktohet parregullsia e kryer me sugjerim për menjanimin e parregullsise së konstatuar në afat prej 30 ditesh dhe me dorezim të njekohshem të fteses për realizimin e edukimit të personit ose subjektit ku eshte konstatuar parregullsia gjate kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese.

(2) Formen dhe permbajtjen e fteses për edukim, si dhe menyren e realizimit të edukimit i percakton drejtori i Agjencise.

(3) Edukimin e organizon dhe e realizon Agjencia, në afat jo më të gjate se tete dite nga dita e kryerjes së mbikeqyrjes.

(4) Edukimi mund të realizohet për më shume parregullsi të percaktuara të njejta ose të njellojta për një apo më shume subjekte.

(5) Nese në terminin e caktuar personi ose subjekti për të cilin realizohet edukimi nuk paraqitet në edukim do të konsiderohet se edukimi eshte realizuar.

(6) Nese personi ose subjekti për të cilin realizohet edukimi paraqitet në edukimin e caktuar dhe e kryen atë do të konsiderohet se eshte edukuar lidhur me parregullsine e konstatuar.

(7) Nese personat e autorizuar nga neni 21 i ketij ligji gjate kryerjes së mbikeqyrjes kontrolluese konstatojne se jane menjanuar parregullsite e percaktuara nga paragrafi (1) i ketij neni, miratojne konkluzion me të cilin nderpritet procedura e mbikeqyrjes inspektuese.

(8) Nese personat e autorizuar nga neni 21 i ketij ligji gjate kryerjes së mbikeqyrjes kontrolluese konstatojne se nuk jane menjanuar parregullsite e percaktuara nga paragrafi (1) i ketij neni, parashtrojne kerkese për ngritjen e procedures kundervajtese para gjykates kompetente.

(9) Agjencia mban evidence për edukimin e realizuar në menyren e percaktuar nga drejtori i Agjencise.

Neni 25-b

Agjencia për mbikeqyrjet e kryera inspektuese nga personat e autorizuar, detyrohet që në faqen e saj të internetit të publikoje raporte tremujore."

Neni 5

Neni 26 ndryshohet si vijon:

"(1) Gjobe në shume prej 2 500 deri në 3 000 euro në kundervlere me denare, do t'i shqiptohet për kundervajtje magazinierit, nese:

1) i shfrytezon rezervat e mallrave, i tjeterson, e ndryshon strukturen e rezervave të mallrave dhe hapesiren e magazines ose në menyre tjeter disponon me rezerva të mallrave pa urdherese me shkrim nga Agjencia (neni 9 paragrafi (1));

2) mallrat nga rezervat e mallrave i shfrytezojne si mjete për sigurimin e kerkesave të personave të trete, peng ose cfaredo lloji tjeter të sigurimit (neni 9 paragrafi (3)) dhe

3) e pengon kryerjen e mbikeqyrjes nga inspektoret dhe personat e autorizuar (neni 24).

(2) Për veprimet nga neni 26 i ketij ligji, gjobe në shume prej 300 deri në 600 euro në kundervlere me denare, do t'i shqiptohet për kundervajtje edhe personit pergjegjes te magazinieri.

(3) Për veprimet nga paragrafi (1) i ketij neni, krahas gjobes, personit pergjegjes te magazinieri do t'i shqiptohet edhe sanksion për kundervajtje ndalim për kryerjen e veprimtarise ose detyres në kohezgjatje prej një deri në tre vjet."

Neni 6

Pas nenit 26 shtohen dy nene te reja 26-a dhe 26-b, si vijojne:

"Neni 26-a

Gjobe në shume prej 1 500 deri në 2 000 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet magazinierit, nese fizikisht e pengon dhenien e mallrave nga rezervat e mallrave për të cilat eshte leshuar urdherese nga Agjencia (neni 9 paragrafi (2)).

Neni 26-b

(1) Gjobe në shume prej 200 deri në 500 euro në kundervlere me denare, do t'i shqiptohet magazinierit, nese nuk vepron në pajtim me dispozitat e nenit 9-a të ketij Ligji.

(2) Për veprimet nga paragrafi (1) i ketij neni, krahas gjobes, personit pergjegjes te magazinieri do t'i shqiptohet edhe sanksion kundervajtes ndalim për kryerjen e veprimtarise ose detyres në kohezgjatje prej një deri në tre vjet."

Neni 7

Aktet nenligjore të parapara me kete ligj do të miratohen në afat prej 30 ditesh nga dita e hyrjes në fuqi e ketij ligji.

Neni 8

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

582.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА СТАНОВИ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за продажба на станови во општествена сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1033/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРОДАЖБА НА СТАНОВИ ВО ОПШТЕСТВЕНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за продажба на станови во општествена сопственост („Службен весник на Република Македонија“ број 36/90, 62/92, 7/98 и 24/2003), во членот 6-а ставови 1 и 2 зборовите: „Јавниот правобранител“ се заменуваат со зборовите: „Државното правобранителство на Република Македонија“.

Член 2

Во членот 7-б став 2 зборовите: "Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија" се заменуваат со зборовите: "правното лице основано од Владата на Република Македонија за стопанисување со станбениот и деловниот простор од значење за Републиката".

Член 3

По членот 7-б се додава нов член 7-в, кој гласи:

„Член 7-в

При доцнење со плаќање на обврските од страна на купувачите на становите по основ на продадени општествени станови не се пресметува и наплатува казнена камата. Казнена камата не се пресметува и наплатува и во случаите кога тоа е предвидено со договорот за продажба на станови.

Ако купувачот на стан од ставот 1 на овој член по влегувањето во сила на овој закон не плати шест месечни рати едноподруго, деловната банка е должна да го извести Државното правобранителство на Република Македонија во рок од 15 дена од истекот на шестиот месец.

Врз основа на известувањето од ставот 2 на овој член Државното правобранителство на Република Македонија со тужба до надлежниот суд ќе поднесе барање за раскинување на договорот за продажба на станот и за тоа го известува правното лице основано од Владата на Република Македонија за стопанисување со станбениот и деловниот простор од значење за Републиката.

Државното правобранителство на Република Македонија е должно во рок од 15 дена од правосилноста на пресудата со која се раскинува договорот за купопродажба на станот да достави оригинален примерок од пресудата до правното лице основано од Владата на Република Македонија за стопанисување со станбениот и деловниот простор од значење за Републиката. Доставената правосилна пресуда претставува основ за воведување на станот во евиденцијата на државни станови.

Во случај на раскинување на договорот за купопродажба на стан, на поранешниот купувач му се понудува за предметниот стан да склучи договор за закуп согласно со Законот за домување.

Доколку во рок од три месеци од правосилноста на пресудата за раскинување на договорот за купопродажба на станот поранешниот купувач не склучи договор за користење на станот под закуп, го губи правото за користење на станот.

Средствата за купување на станот уплатени согласно со договорот за купопродажба на станот до денот на раскинување на договорот ќе се сметаат како надоместок за користење на станот (закупнина) за периодот од денот на склучување на договорот до денот на раскинување на договорот.

Член 4

Купувачите на станови кои имаат достасани, а не платени рати до денот на влегувањето во сила на овој закон, се должни да ги платат истите во рок од 12 месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Доколку купувачите на станови не извршат плаќање во рокот од ставот 1 на овој член, деловната банка е должна да го извести Државното правобранителство на Република Македонија во рок од 15 дена од истекот на рокот од ставот 1 на овој член кое е должно да постапи согласно со членот 7-в став 3 од овој закон.

Член 5

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTESIMIN E LIGJIT PËR SHITJE TË BANESAVE NË PRONESI SHTETERORE

Neni 1

Në Ligjin për shitjen e banesave në pronesi shoqerore ("Gazeta Zyrtare e Republikes së Maqedonise" numer 36/90, 62/92, 7/98 dhe 24/2003), në nenin 6-a paragrafet 1 dhe 2 fjalet: "Avokati Publik" zevendesohen me fjalet: "Avokatia Shteterore e Republikes së Maqedonise".

Neni 2

Në nenin 7-b paragrafi 2 fjalet: "Ndermarrja Publike për Ekonomizim me Lokale Banesore dhe Afariste të Republikes së Maqedonise" zevendesohet me fjalet: "personi juridik i themeluar nga Qeveria e Republikes së Maqedonise për ekonomizim me lokalin banesor dhe afarist me rendesi për Republiken".

Neni 3

Pas nenit 7-b shtohet nen i ri 7 -v, si vijon:

"Neni 7-v

Gjate vonimit të pageses së detyrimeve nga bleresit e banesave në baze të banesave të shitura shoqerore, nuk llogaritet dhe paguhet kamate ndeshkimore. Kamata ndeshkimore nuk llogaritet dhe arketohet edhe në raste kur kjo eshte parapare me marreveshjen për shitjen e banesave.

Nese bleresi i baneses nga paragrafi 1 i ketij neni pas hyrjes në fuqi të ketij ligji nuk i paguan gjashte keste mujore të njepasnjeshme, banka afariste detyrohet që ta njoftoje Avokatine Shteterore të Republikes së Maqedonise, në afat prej 15 ditesh nga kalimi i muajit të gjashte.

Në baze të njoftimit nga paragrafi 2 i ketij neni Avokatia Shteterore e Republikes së Maqedonise me padi në gjykaten kompetente do të parashtroje kerkese për prishjen e marreveshjes për shitjen e baneses dhe për kete e njofton personin juridik të themeluar nga Qeveria e Republikes së Maqedonise për ekonomizim me lokal banesor dhe afarist me rendesi për Republiken.

Avokatia Shteterore e Republikes së Maqedonise detyrohet që në afat prej 15 ditesh nga plotfuqishmeria e aktgjykimit me të cilin prishet marreveshja për shitblerje të baneses, t'i dorezoje kopje origjinale të aktgjykimit personit juridik të themeluar nga Qeveria e Republikes së Maqedonise për ekonomizim me lokal banesor dhe afarist me rendesi për Republiken. Aktgjykimi i plotfuqishem i dorezuar paraqet baze për futjen e baneses në evidencen e banesave shteterore.

Në rast të prishjes së marreveshjes për shitblerje të baneses, bleresit të meparshem i ofrohet që për banesen në fjale të lidhe marreveshje për qira në pajtim Ligjin për banim.

Nese në afat prej tre muajsh nga plotfuqishmeria e aktgjykimit për prishjen marreveshjes për shitblerje të baneses, bleresi i meparshem nuk lidh marreveshje për shfrytezimin e baneses me qira, e humb të drejten e shfrytezimit të baneses.

Mjetet për blerjen e baneses të paguara në pajtim me marreveshjen për shitblerje të baneses deri në diten e prishjes së marreveshjes, do të llogariten si kompensim për shfrytezimin e baneses (qira) për periudhen nga dita e lidhjes së marreveshjes deri në diten e prishjes së marreveshjes.

Neni 4

Bleresit e banesave që kane keste të arritura e të papaguara deri në diten e hyrjes në fuqi të ketij ligji, detyrohen që t'i paguajne të njejtat në afat prej 12 muajsh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Nese bleresit e banesave nuk e kryejne pagesen në afatin nga paragrafi 1 i ketij neni, banka afariste detyrohet që ta njoftoje Avokatine Shteterore të Republikes së Maqedonise në afat prej 15 ditesh nga kalimi i afatit nga paragrafi 1 i ketij neni, e cila detyrohet të veproje në pajtim me nenin 7v paragrafi 3 të ketij ligji.

Neni 5

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

583.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ

Се прогласува Законот за игрите на среќа и за забавните игри,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1034/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИГРИТЕ НА СРЕЌА И ЗА ЗАБАВНИТЕ ИГРИ

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се уредуваат видовите, условите и начинот на приредување на игрите на среќа и забавните игри.

Член 2

Поимите употребени во овој закон го имаат следново значење:

1. **Игри на среќа** се игрите во кои учесниците имаат еднакви можности за стекнување на добивка со посредна или непосредна уплата на одреден износ (влог), а резултатот од играта исклучиво или претежно зависи од случајноста или од некој неизвесен настан во играта;

2. **Забавни игри** се игрите на компјутери, симулатори, видеоавтомати, флипери и други слични апарати кои се ставаат во погон со помош на пари, жетони или на друг начин, како и пикадо, билијарди и други слични игри во кои се учествува со уплата, а во кои учесникот не може да оствари добивка во пари, предмети или права, туку стекнува право на една или повеќе бесплатни игри од ист вид, како и други игри од забавен карактер во кои се подразбира дека учесникот во забавните игри кој губи ги сноси трошоците за играта или каде што уплатите (влоговите) и добивката се незначителни;

3. **Приредувач на игра на среќа** е трговско друштво со седиште во Република Македонија на кое му е издадена лиценца, односно дозвола за приредување на игри на среќа и трговско друштво во кое содружник или акционер е Република Македонија и е основано за приредување на игри на среќа;

4. **Приредувач на забавна игра** е трговско друштво и физичко лице - трговец поединец на кои им е издадена дозвола за приредување на забавни игри;

5. **Учесник во игрите на среќа и во забавните игри** е лице кое ги исполнило условите определени со правилата на играта на среќа и забавната игра утврдени од страна на приредувачот на играта на среќа, односно приредувачот на забавната игра;

6. **Лотариски игри на среќа** се игри кои се приредуваат со јавно извлекување и кај кои однапред е одреден фондот на добивките;

7. **Лотарија** е игра на среќа кај која учесникот поседува лоз кој го издава приредувачот на играта на среќа на кој, во согласност со правилата на играта, однапред се впишани одредени броеви. Лозот се смета за добитен кога на механичкото јавно извлекување на лотаријата, на денот кој е однапред одреден, ќе се извлечат одредени делови од бројот или цели броеви впишани на лозот;

8. **Експрес лотарија** е игра на среќа во која учесникот има лоз кој го издава приредувачот на играта на среќа на кој, во согласност со правилата на играта на среќа, однапред се впишани видови и износ на добивка, одреден симбол или број, а кои се обезбедуваат со ставање на лозот во запечатена обвивка. Лозот е добитен кога на него е назначена добивка, симбол или број кој според правилата на играта претставуваат добивка;

9. **Инстант лотарија** е игра на среќа во која учесникот поседува лоз кој го издава приредувачот на играта на среќа на кој, во согласност со правилата на играта на среќа, однапред е впишан вид и износ на добивка или одреден симбол или број кои се прекриени со соодветна заштита, а која учесникот ја отстранува со гребење на заштитата. Лозот е добитен кога на него е назначена добивка или одреден симбол или број кои во согласност со правилата на играта претставуваат добивка;

10. **ТВ томбола** (ТВ бинго) е игра на среќа во која учесникот поседува потврда за уплата која ја издава приредувачот на играта на среќа и на која, во согласност со правилата на играта на среќа, однапред се впишани броеви, а добитник е учесникот кој поседува потврда за уплата што покажува комбинација на броеви (комбинација на добивката) која според правилата на играта е означена како добитна, при што броевите на оваа комбинација се добиваат по пат на механичко или електронско јавно извлекување и тоа на ден кој е однапред одреден и во однапред утврдено време, во согласност со правилата на игра, а со посредство на телевизиски медиум;

11. **Томбола од затворен тип** е игра на среќа во која учесникот има томболска картичка која ја издава приредувачот на играта на среќа и на која, во согласност со правилата на играта на среќа, однапред се впишани броеви, а добитник е учесникот кој поседува томболска картичка што покажува комбинација на броеви (комбинација на добивката) која според правилата на играта е означена како добитна, при што броевите на оваа комбинација се добиваат по пат на механичко извлекување кое не се пренесува со посредство на средствата за јавно информирање;

12. **Лото и кено** се игри на среќа во кои учесникот во согласност со правилата на играта треба да погоди одредена група на броеви по сопствен избор. За одиграните комбинации на броеви, учесникот на играта добива потврда за уплата. Добивка се постигнува кога одиграните броеви на потврдата за уплата одговараат на броевите извлечени со механичко или електронско јавно извлекување и кога од страна на учесникот ќе се исполнат други услови утврдени во правилата на играта;

13. **Спортска прогноза** (тото) е игра на среќа во која учесникот го погодува резултатот на спортските натпревари за секој пар посебно, согласно со правилата на играта. За одиграната прогноза, учесникот на играта добива потврда за уплата. Добивка се постигнува само кога учесникот ги погодил сите или со правилата на играта утврдениот број резултати од натпреварите, а под услов постигнатите резултати да се идентични со прогнозираните резултати на потврдата за уплата;

14. **Фонто** е игра на среќа во која учесникот на негов повик, со исполнување и на други услови, ако се предвидени со правилата на игра, доделува одреден број или друга единствена ознака или учесникот сам ја избира. Учесникот ја остварил добивката ако доделениот број или друга единствена ознака е извлечена со јавно извлекување во согласност со правилата на игра;

15. **Електронски игри на среќа** се игри на среќа кај кои извлекувањето се врши по пат на електронски или механички генератор на случајноста и резултатот се пренесува електронски, при што фондот на добивки не мора однапред да биде одреден;

16. **Видеолотарија** е електронска игра на среќа која се игра на електронски видеолотариски терминали (ВЛТ-терминали) кои се поврзани во електронски контролирана мрежа, при што резултатот од играта (одлуката за добивка или загуба) се генерира со помош на електронскиот или механичкиот генератор на случајноста (генераторот на случајни броеви) исклучиво на еден централен сервер (од страна на централата на приредувачот на играта на среќа);

17. **Електронско бинго и електронско кено** се игри на среќа кај кои учесникот во играта на среќа ги добива потврдите за уплата во електронска форма на терминал или автомат и извлекувањето се врши од страна на централата по пат на електронскиот или механичкиот генератор на случајноста. Резултатот во согласност со правилата на играта електронски се пренесува и прикажува на терминалите;

18. **Наградни игри** се игрите на среќа кои заради рекламирање на производи и услуги ги приредува едно трговско друштво или повеќе трговски друштва заедно, на начин определен од страна на приредувачот на играта на среќа (на вообичаен начин, електронски начин, по пат на мобилен уред, интернет и слично) со јавно објавување на условите за учество во играта утврдени со правилата на играта, при што приредувачот на играта на среќа се обврзува на извлечените добитници да им ги додели наградите во предмети, пари или права;

19. **Интерактивни игри на среќа** се игрите на среќа кои се приредуваат преку средствата за електронски комуникации, односно телекомуникации и кои се реализираат преку одговорање на прашања или демонстрирање на знаења или вештини, под услов учеството во играта да е условено со уплата (влог) од страна на учесникот во играта и тоа од телефонски такси или која било друга форма на уплата (влог) од страна на учесникот во играта;

20. **Посебни игри на среќа** се игри на среќа во кои учесниците играат еден против друг или против приредувачот на играта на среќа и имаат можност да остварат добивка во зависност од висината на својот влог и правилата на играта на среќа;

21. **Игри на среќа во казино** се игри на среќа во кои учесниците во игрите на среќа играат против казиното или еден против друг во согласност со меѓународните правила на масите за игра со топчиња, коцки и карти;

22. **Игри на среќа во обложувалница** се игри на среќа во кои учесникот во согласност со правилата на игра се натпреварува за резултатите на различни спортски и други настани:

- обложување за резултатите на поединечни или групни спортски натпреварувања, трки и слично,
- обложување за танцови, пеачки, музички и слични натпреварувања и
- други натпреварувања;

23. **Игри на среќа во автомат клуб** се игри кои се приредуваат на автомати, електронски рулети и други апарати со повеќенаменска улога и добивка („мултиплеер“) и на системот на автоматите кој подразбира поврзување на поголем број автомати поради формирање на единствен џек-пот со исти и истовремени можности на сите учесници во играта;

24. **Автомати за игри на среќа со повеќенаменска улога и добивка** („мултиплеер“) се механички, електронски или слични уреди на кои учесниците во игрите на среќа со уплата на одреден износ (жетон, метални пари или непосредна уплата на благајна, односно на автоматот) имаат можност за добивка и

25. **Интернет игри на среќа** се игри на среќа во кои учесникот во игрите на среќа може да учествува по пат на глобалната интернет мрежа (ГИН).

Член 3

(1) За се што не е предвидено со овој закон се применува Законот за општата управна постапка.

(2) Управните акти со кои се одлучува во постапките утврдени со овој закон се конечни во управната постапка и против нив може да се поведе управен спор пред надлежен суд, во согласност со Законот за управните спорови.

(3) Постапката на вршење на инспекцискиот надзор се врши согласно со Законот за инспекцискиот надзор, доколку со овој закон поинаку не е уредено.

Член 4

(1) Игрите на среќа можат да бидат општи игри на среќа, посебни игри на среќа и интернет игри на среќа.

(2) Општи игри на среќа се:
1) лотариски игри на среќа;
2) електронски игри на среќа;
3) наградни игри и
4) интерактивни игри на среќа.

(3) Посебни игри на среќа се:
1) игри на среќа во казино;
2) игри на среќа во обложувалница и
3) игри на среќа во автомат клуб.

(4) Интернет игри на среќа се општите и посебните игри на среќа од ставовите (2) и (3) на овој член, како и други видови на игри на среќа во кои учесникот може да учествува преку глобалната интернет мрежа.

Член 5

(1) Лотариски игри на среќа се:
1) лотарија;
2) експрес лотарија;
3) инстант лотарија;
4) ТВ томбола (ТВ бинго);
5) лото;
6) кено;
7) спортска прогноза (тото);
8) фонто и
9) томбола од затворен тип.

(2) Електронски игри на среќа се:
1) видеолотарија;
2) електронско бинго и
3) електронско кено.

Член 6

За игра на среќа не се смета квиз кој се реализира преку одговарање на прашања или демонстрирање на знаења или вештини, под услов учеството во квизот да не е условено со уплата (влог) од страна на учесникот во квизот и тоа од телефонски такси во висина поголема од редовната цена на телефонските импулси или која било друга форма на уплата (влог) на сметка на учесникот во квизот.

II. ПРИРЕДУВАЊЕ НА ИГРИ НА СРЕЌА И ЗАБАВНИ ИГРИ

Член 7

(1) Приредувањето на игрите на среќа и забавните игри утврдени со овој закон е право на Република Македонија, ако со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Лотариските и електронските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, Република Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа во кое Република Македонија е содружник или акционер со најмалку 51% од основната главнина.

(3) Правото на приредување на останатите игри на среќа и забавните игри утврдени со овој закон, вклучувајќи ја и томболата од затворен тип, Република Македонија го пренесува со издавање на лиценца, односно дозвола на трговски друштва, односно трговец поединец, кои ги исполнуваат условите утврдени со овој закон.

(4) Лиценцата, односно дозволата од ставот (3) на овој член не смее да се пренесе на друго трговско друштво, односно трговец поединец.

Член 8

(1) Лиценцата ги содржи правата и обврските на приредувачот на игрите на среќа.

(2) Лиценцата се издава за временски период кој за секоја одделна игра на среќа е утврден со овој закон.

(3) Приредувачот на игрите на среќа е должен игрите на среќа за кои добил лиценца да ги спроведува без прекин во текот на временскиот период за кој му е издадена лиценцата.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, приредувачот на игрите на среќа може да го прекине спроведувањето на играта на среќа во случај на виша сила или технички дефект (престанок на струја и слично) и тоа во периодот потребен за отстранување на последиците од вишата сила, односно техничкиот дефект.

(5) За прекинот од ставот (4) на овој член одлучува Министерството за финансии, по доставено и образложено барање од страна на приредувачот на игрите на среќа. Приредувачот на игрите на среќа е должен да го извести Министерството за финансии без одлагање за престанувањето на причините за прекинот.

(6) Во случај на прекин на спроведувањето игра на среќа подолго од периодот од ставот (4) на овој член, Владата на Република Македонија ја одзема лиценцата.

(7) Во случај на одземање на лиценцата, се определува рок во кој приредувачот на игрите на среќа е должен и понатаму да ги спроведува започнатите игри на среќа, во кој ќе се обезбеди завршување на започнатите игри на среќа, кој не може да биде подолг од 30 дена.

(8) Приредувачот на игрите на среќа има право да се откаже од приредувањето на играта на среќа за која

му е издадена лиценцата и пред истекот на рокот на важноста на лиценцата, без право на враќање на уплатените надоместоци и давачки утврдени со овој и друг закон, со обврска да ги плати пристигнатите за плаќање надоместоци и давачки утврдени со овој и друг закон. За откажувањето одлучува Владата на Република Македонија по доставено образложено барање од страна на приредувачот на игрите на среќа до Министерството за финансии, со соодветна примена на одредбата од ставот (7) на овој член.

Член 9

(1) Забавните игри, наградните игри и интерактивните игри на среќа се приредуваат врз основа на дозвола.

(2) Дозволата од ставот (1) на овој член особено содржи податоци за:

1) приредувачот на забавната игра, наградната игра, односно интерактивната игра на среќа;

2) видот на играта на среќа;

3) времетраењето на дозволата;

4) местото на приредувањето забавна игра, наградна игра, односно интерактивна игра на среќа;

5) правата и обврските на приредувачот на забавната игра, наградната игра, односно интерактивната игра на среќа и

6) износот на надоместокот за добиената дозвола.

(3) Приредувачот на игрите е должен игрите од ставот (1) на овој член за кои добил дозвола да ги спроведува без прекин во текот на времето за кое му е издадена дозволата.

(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, приредувачот на игрите може да го прекине спроведувањето на игрите од ставот (1) на овој член во случај на виша сила или технички дефект (престанок на струја и слично) и тоа во периодот потребен за отстранување на последиците од вишата сила, односно техничкиот дефект.

(5) За прекинот од ставот (4) на овој член одлучува Министерството за финансии по доставено и образложено барање од страна на приредувачот на игрите. Приредувачот на игрите е должен да го извести Министерството за финансии без одлагање за престанување на причините за прекинот.

(6) Во случај на прекин на спроведувањето на игрите од ставот (1) на овој член подолго од периодот од ставот (4) на овој член, Министерството за финансии ја одзема дозволата.

(7) Во случај на одземање на дозволата се определува рок во кој приредувачот на игрите е должен и понатаму да ги спроведува започнатите игри од ставот (1) на овој член, во кој ќе се обезбеди завршување на започнатите игри, кој не може да биде подолг од 30 дена.

(8) Приредувачот на игрите има право да се откаже од приредувањето на игрите од ставот (1) на овој член за кои му е издадена дозволата и пред истекот на рокот на важноста на дозволата, без право на враќање на уплатените надоместоци и давачки утврдени со овој и друг закон, со обврска да ги плати пристигнатите за плаќање надоместоци и давачки утврдени со овој и друг закон. За откажувањето одлучува Министерството за финансии по доставено образложено барање од страна на приредувачот на игрите, со соодветна примена на одредбата од ставот (7) на овој член.

Член 10

(1) Трговското друштво на кое му е издадена лиценца во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на играта на среќа во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата.

(2) Трговското друштво, односно трговецот поединец на кое му е издадена дозвола за приредување на забавна игра во согласност со овој закон е должно да започне со приредување на играта во рок од 15 дена од денот на приемот на дозволата.

(3) Трговското друштво на кое му е издадена дозвола за приредување на наградна игра и интерактивна игра на среќа е должно да започне со приредувањето на играта на среќа во рокот определен со правилата на играта утврдени од страна на приредувачот на игрите.

Член 11

(1) За издавање на лиценца и дозвола се плаќа надоместок, освен ако со овој закон поинаку не е уредено.

(2) Надоместокот за лиценцата се плаќа така што 50% од надоместокот се уплаќа при издавање на лиценцата, а остатокот од 50% на еднакви годишни рати додека трае лиценцата.

(3) Надоместокот од 50% кој се плаќа при издавање на лиценцата, приредувачот на игрите на среќа е должен да го плати во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата. Во спротивно ќе се смета дека лиценцата не била воопшто издадена.

(4) Роковите на достасаност на годишните рати за надоместокот во износ од 50% се утврдуваат во лиценцата. Доколку приредувачот на игрите на среќа пропушти да го плати износот на годишната рата до утврдениот датум согласно со лиценцата, Владата на Република Македонија ја одзема лиценцата.

Член 12

Издадените лиценци за приредување на игрите на среќа се објавуваат на интернет страницата на Министерството за финансии.

Член 13

(1) Лиценцата, односно дозволата за приредување на игрите на среќа, односно на забавните игри ќе му се одземе на приредувачот на игрите на среќа, односно на забавните игри, ако се утврди дека:

1) не почнал со приредување на играта во роковите утврдени со членот 10 на овој закон;

2) не ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови утврдени со овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон;

3) ги крши правилата на играта на среќа;

4) не ги плаќа редовно надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон или на учесниците во игрите на среќа не им ги исплатува добивките;

5) не допушта или на друг начин спречува надзор пропишан со овој закон или го отежнува спроведувањето на надзорот;

6) неточно прикажува остварен промет;

7) позајмува пари на учесниците во игрите на среќа;

8) не постапува согласно со издадената лиценца, односно дозвола за приредување на играта на среќа и забавните игри;

9) не депонира депозит или не обезбеди банкарска гаранција во случаите утврдени со членот 18 на овој закон;

10) не ја одржува висината на основната главнина на трговското друштво пропишана со овој закон и

11) во други случаи утврдени со закон.

(2) Лиценцата, односно одобрението за приредување на игрите на среќа, односно на забавните игри ќе му се одземе на приредувачот на игрите на среќа, односно на забавните игри, ако се утврди дека приредува игри на среќа или забавни игри врз основа на добиена лиценца или одобрение согласно со прописите кои важеле до денот на започнувањето на примената на овој закон, а не го усогласил своето работење со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 14

(1) Секоја игра на среќа има правила, а казиното има и правилник.

(2) Правилата на игрите на среќа, односно правилникот на казиното ги донесува приредувачот на игрите на среќа.

(3) Правилата на игрите на среќа, односно правилникот на казиното треба да бидат истакнати на видно место во просторот каде што се приредуваат игрите на среќа и да бидат достапни за учесниците во игрите на среќа.

(4) Во текот на играта на среќа, односно во текот на започнатото коло, не можат да се менуваат правилата на играта на среќа и правилникот на казиното, а започнатата игра на среќа, односно започнатото коло мора да се заврши до крајот според истите правила, односно правилник.

(5) По исклучок од ставот (4) на овој член Министерството за финансии, на барање на приредувачот на играта на среќа, може да даде согласност да се одложи денот или да се промени местото на извлекувањето, односно определувањето на добивката. Барањето треба да биде образложено.

(6) Доколку приредувачот на играта на среќа започнал со продажба на лозови, томболски картички или примил уплати, а поради околности кои однапред не можеле да се предвидат нема можност да ја заврши играта на среќа и таа се откажува е должен во рок од 30 дена од денот на откажувањето на играта да им ги врати применените пари, односно влогови на учесниците во играта на среќа.

(7) Министерството за финансии дава согласност на правилата на игрите на среќа и на правилниците на казината.

(8) Согласноста од ставот (7) на овој член се издава на начин што се заверува секоја страна од правилата на играта на среќа, односно правилникот на казиното со ставање на печат на Министерството за финансии.

Член 15

(1) Добивките од игрите на среќа можат да бидат во пари, предмети и права.

(2) За исплатата на добивките од игрите на среќа гарантира приредувачот на игрите на среќа со целокупниот свој имот.

(3) Република Македонија не гарантира за добивките кои учесниците ќе ги остварат во игрите на среќа.

Член 16

(1) Средствата остварени по сите основи од приредувањето на игри на среќа и забавни игри се користат за финансирање на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија на граѓани за борба против семејното насилство и за Црвениот крст на Република Македонија.

(2) Износот на средствата за намената утврдена во ставот (1) на овој член се определува на 50% од вкупниот приход од игрите на среќа и забавните игри утврден во претходната календарска година, но не помалку од 60 милиони денари и не повеќе од 120 милиони денари.

(3) Распределбата на средствата од ставот (2) на овој член ја врши Владата на Република Македонија со одлука, врз основа на програма поднесена од страна на Министерството за труд и социјална политика.

(4) Министерството за труд и социјална политика програмата од ставот (3) на овој член ја изготвува врз основа на поднесени проекти од страна на субјектите од ставот (1) на овој член, во кои се назначени износот на средствата и намената за нивно искористување.

(5) Средствата остварени по сите основи од приредувањето на посебните игри на среќа се користат за финансирање на спортот, за спортските федерации и клубови преку Агенцијата за млади и спорт.

(6) Висината на средствата за намената утврдена во ставот (5) на овој член се определува на износ кој не може да биде помал од 30 милиони денари и не поголем од 50 милиони денари.

(7) Распределбата на средствата од ставот (6) на овој член ја врши Владата на Република Македонија со одлука, врз основа на програма поднесена од Агенцијата за млади и спорт.

(8) Агенцијата за млади и спорт програмата од ставот (7) на овој член ја изготвува врз основа на поднесени проекти од страна на спортските федерации и клубови, како и врз основа на сопствени проекти за унапредување на спортот, во кои се назначени износот на средствата и намената за нивно искористување.

Член 17

Надоместоците и посебните давачки од игрите на среќа утврдени со овој закон се приход на Буџетот на Република Македонија.

Член 18

(1) Приредувачот на игри на среќа за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ кој за соодветната игра на среќа е утврден со овој закон, во рок од 15 дена од денот на приемот на лиценцата и во истиот рок доказот за депонираниот депозит или банкарската гаранција да ги достави до Министерството за финансии.

(2) Обврската од ставот (1) на овој член не се однесува на приредувачите на наградните игри, интерактивните игри на среќа, забавните игри и на приредувачите на лотариските игри на среќа, освен на приредувачите на играта на среќа томбола од затворен тип.

Член 19

Се забранува:

1) учество во странски игри на среќа, особено ако влоговите се уплаќаат на територијата на Република Македонија;

2) продажба, рекламирање и секое друго претставување на странски лозови, томболски картички, ливчиња, тикети, електронски картички и слично на територијата на Република Македонија;

3) приредување на игри на среќа и забавни игри во технолошките индустриски развојни зони на територијата на Република Македонија;

4) приредување на игри на среќа кои не се регулирани со овој закон, а кои даваат можност за стекнување на добивка и

5) учество во игри на среќа или забавни игри кои се приредуваат без издадена лиценца, односно дозвола.

Член 20

(1) Лица помлади од 18 години не можат да учествуваат во игрите на среќа.

(2) Приредувачот на играта на среќа е должен да го оневозможи учеството на лица помлади од 18 години во игрите на среќа.

(3) На лица помлади од 18 години не е дозволен влез во казина, во простории каде што се приредува томбола од затворен тип, во обложувалници и во автомат клубови.

(4) Приредувачот на играта на среќа е должен да оневозможи влез на лица помлади од 18 години во казина, во простории каде што се приредува томбола од затворен тип, во обложувалници и во автомат клубови.

(5) Приредувачот на играта на среќа има право да врши увид во документацијата со која се докажува возраста на лицата од ставовите (1) и (3) на овој член.

Член 21

(1) Игрите на среќа и забавните игри се приредуваат во посебно уредени простории кои треба да ги исполнуваат просторните и техничко-технолошките услови, кои ги пропишува министерот за финансии.

(2) Продажбата на лозови, инстант лозови и томболски картички за ТВ томбола, односно уплатата на лото, кено и спортска прогноза (тото) може да се врши и по пат на улична продажба.

(3) Доколку тоа го дозволува видот на играта на среќа, општите и посебните игри на среќа можат да се приредуваат преку СМС пораки и преку апликација на мобилен уред.

(4) Просторните и техничко-технолошките услови кои приредувачите на игрите на среќа се должни да ги исполнуваат доколку ги приредуваат игрите на среќа преку СМС пораки и преку апликација на мобилен уред ги пропишува министерот за финансии со актот од ставот (1) на овој член.

Член 22

(1) Лозовите, томболските картички и уплатните тикети за обложување ги печати приредувачот на игрите на среќа.

(2) Лозовите и томболските картички за одделните видови на игри на среќа ги евидентира Управата за јавни приходи.

(3) Приредувачите на игрите на среќа се должни во рок од 30 дена по завршувањето на играта на среќа, непродадените лозови и томболски картички да ги предадат во Управата за јавни приходи, без право на надоместок на трошоците за вратените количини.

(4) Формата и содржината на лозовите, томболските картички и уплатните тикети за обложување ги пропишува министерот за финансии.

Член 23

(1) Приредувачот на посебни игри на среќа е должен да води книга на благајна на начин што овозможува увид во дневната состојба на приходите од игрите на среќа.

(2) Книгата на благајна приредувачот на посебните игри на среќа е должен да ја води според сметководствените начела, стандарди, принципи и сметководствената практика.

(3) Книгата на благајна се води во поврзани листови заверени во Управата за јавни приходи.

(4) Книгата на благајна се чува најмалку десет години.

(5) Содржината на книгата на благајна ја пропишува министерот за финансии.

Член 24

Трговското друштво на кое му е издадена лиценца за приредување на игри на среќа е должно во рок од шест месеци по завршувањето на финансиската година да доставува ревизорски извештај до Министерството за финансии за извршената ревизија од страна на овластен ревизор.

Член 25

(1) Во врска со работите од областа на игрите на среќа и забавните игри, Министерството за финансии:

1) постапува по поднесени барања за издавање на лиценци и дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри, како и по барања за прекин и откажување на лиценци и дозволи;

2) издава и одзема дозволи за приредување на игри на среќа и за забавни игри;

3) донесува решенија за прекин на приредувањето на игрите на среќа и забавните игри и за откажување на дозволата;

4) донесува решенија за давање на согласност за одложување на денот на извлекувањето или за промена на местото на извлекувањето односно определувањето на добивката кај игрите на среќа во случаите определени со овој закон;

5) донесува решенија за промена на бројот на автоматите во автомат клубовите, за автоматите и масите во казината и за бројот на терминалите во играчниците за приредување на електронски игри на среќа;

6) донесува решенија за промена на деловната просторија во која се приредуваат игрите на среќа и забавните игри и за промена на уплатно-исплатните места;

7) донесува решенија за давање на согласност за уплатно–исплатните места;

8) врши контрола над соодветноста на банкарската гаранција, односно на депонираниот депозит што е уплатен како гаранција согласно со одребите на овој закон;

9) води евиденција за издадени, одземени и откажани лиценци и дозволи и

10) врши и други работи согласно со овој закон.

(2) Во врска со работите од областа на игрите на среќа, Владата на Република Македонија:

1) издава и одзема лиценци за приредување на игри на среќа;

2) одлучува за откажување на лиценците за приредување на игри на среќа и

3) врши и други работи согласно со овој закон.

(3) Формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата од ставот (1) точка 9 на овој член ги пропишува министерот за финансии.

III. ОПШТИ ИГРИ НА СРЕЌА

1. Услови и начин на приредување на општите игри на среќа

Член 26

(1) Трговското друштво во државна сопственост од членот 7 став (2) на овој закон, по уписот во трговскиот регистар што се води во Централниот регистар на Република

Македонија и целосната уплата на основната главнина до Министерството за финансии задолжително приложува:

1) документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на Република Македонија;

2) акт за основање на трговското друштво;

3) правила на игрите на среќа кои трговското друштво ќе ги приредува;

4) уверение издадено од надлежен орган дека управителите на трговското друштво не се правосилно осудени на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци;

5) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа;

6) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;

7) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;

8) уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган и

9) информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија за периодот на последната деловна година, а ако субјектот не е постар од една година - од денот неговото основање до денот на приложувањето на информацијата.

(2) Министерството за финансии врши проверка на комплетноста и соодветноста на доставената документација.

Член 27

Основната главнина на трговското друштво од членот 7 став (2) на овој закон не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народна банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 28

(1) Приредувачот на игрите на среќа е должен продажбата на лозовите и потврдите за уплата да ги врши преку уплатно-исплатни места за кои има добиено согласност од страна на Министерството за финансии.

(2) Приредувачот на игрите на среќа поднесува барање за согласност на уплатно-исплатни места до Министерството за финансии, кон кое приложува листа на уплатно-исплатни места со податоци за адресата на објектот, неговата површина и други податоци.

(3) Кон барањето од ставот (2) на овој член се приложува и записник за увид на самото место од страна на Управата за јавни приходи и решение со кое се потврдува исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови на уплатно-исплатните места.

2. Правила на лотариските игри

Член 29

(1) Правилата на одделната лотариска игра на среќа ги донесува приредувачот на играта на среќа, а се применуваат по претходно добиена согласност од Министерството за финансии.

(2) Условите за приредување на лотариски игри на среќа кои се приредуваат во соработка со приредувачи на игри на среќа од други држави се пропишуваат со правилата на играта на среќа, на кои согласност дава Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството за финансии.

Член 30

(1) Учесник во лотариските игри на среќа е физичко лице кое ги исполнува условите за учество во одредена игра на среќа (коло или серија) во согласност со овој закон и правилата на играта на среќа донесени од страна на приредувачот на играта на среќа.

(2) За учесник во лотариските игри на среќа во кои учеството во играта на среќа се докажува со поседување на потврда за уплата, се смета имателот на таквата потврда ако податоците на потврдата за уплатата се идентични со снимените податоци во централниот компјутерски систем кај приредувачот на играта на среќа.

(3) За учесник во игрите на среќа лотарија, инстант лотарија и експрес лотарија се смета имателот на неоштетен лоз кој е издаден од приредувачот на игрите на среќа.

Член 31

(1) Правилата на лотариските игри на среќа особено содржат:

1) назив и седиште на приредувачот на игрите на среќа;

2) име, опис и времетраење на играта на среќа;

3) услови за учество во играта на среќа;

4) место во кое се приредува играта на среќа, односно подрачјето на кое се врши уплатата на влоговите за учество во играта на среќа;

5) висината на влогот, односно поединечната цена на лозот, комбинацијата и крајниот рок за уплата за учество во играта на среќа;

6) количина и парична вредност на емисијата на лозовите;

7) видот и вкупната вредност на добивката;

8) опис на лозовите, односно потврдата за уплата;

9) начин, постапка и контрола на извлекувањето, односно утврдувањето на добивките;

10) начин на објавување на фондот на добивките, поединечната вредност на добивките и резултатите од играта на среќа;

11) начин и рок за исплата на паричните добивки, односно остварување на добивките од друг вид и

12) постапка во случај на откажување на извлекувањето.

(2) Правилата за лотариските игри на среќа не можат да се менуваат по почетокот на продажбата на лозовите или уплатите за одреденото коло или серија, освен во случај од членот 14 став (5) на овој закон.

Член 32

(1) Пред почетокот на одреденото коло или серија, приредувачот на лотариските игри на среќа е должен правилата на играта на среќа јавно да ги објави најмалку во еден дневен весник достапен на територијата на која се продаваат лозовите или се примаат уплатите, а на лицата заинтересирани за учество во играта на среќа е должен да им овозможи на уплатно-исплатите места да се запознаат со правилата на играта на среќа.

(2) Обврската за јавно објавување од ставот (1) на овој член се смета за исполнета и доколку приредувачот на игрите на среќа пред почетокот на одреденото коло или серија правилата на играта на среќа ги објави на својата интернет страница.

3. Извлекување на добивките

Член 33

(1) Во лотариските игри во кои добитните комбинации се утврдуваат со извлекување, извлекувањето е јавно.

(2) Извлекувањето се спроведува под надзор на три лица овластени од приредувачот на игрите на среќа.

(3) Пред почетокот на извлекувањето приредувачот на игрите на среќа мора да ги соопшти податоците за висината на уплатата и фондот на добивки.

(4) Приредувачот на игрите на среќа формира комисија за потврдување на резултатите од игрите на среќа.

Член 34

(1) Министерството за финансии на барање на приредувачот на игрите на среќа може да ја одобри промената на местото на извлекувањето на добивките или денот на извлекувањето, најдолго до 30 дена.

(2) Промената на местото или одлагањето на денот на извлекувањето на добивките приредувачот на игрите на среќа мора го објави на ист начин како што се објавени правилата за приредување на играта на среќа.

(3) Ако во случаите од ставовите (1) и (2) на овој член се одложи денот на извлекувањето на добивките, приредувачот на игрите на среќа може да продолжи со продажбата на лозовите до денот одреден за извлекување на добивките.

(4) Ако се менува денот на извлекувањето од технички причини (престанок на струја, дефект на машината за извлекување и слично), извлекувањето ќе се одржи за најмногу 24 часа, а приредувачот на игрите на среќа е должен за тоа да го извести Министерството за финансии.

Член 35

(1) За текот на извлекувањето на добивките се води записник кој го составуваат овластените лица од членот 33 став (2) на овој закон.

(2) Записникот од ставот (1) на овој член мора да ги содржи местото, времето и начинот на извлекување на добивките, бројот на продадените и непродадените лозови, вкупната уплата во тоа коло или серија, извлечените добитни комбинации, извештајот за утврдените резултати и добивките, како и видот, бројот и вредноста на добивките. Записникот се доставува до Министерството за финансии најдоцна во рок од седум дена од денот на извлекувањето.

Член 36

Извештајот за резултатите од извлекувањето и износот на добивките приредувачот на игрите на среќа е должен јавно да ги објави во најмалку еден дневен весник кој се дистрибуира на целата територија на Република Македонија и на уплатно-исплатните места, најдоцна во рок од седум дена од денот на извлекувањето.

4. Фонд на добивки и исплата

Член 37

(1) Фондот на добивки во лотариските игри на среќа изнесува најмалку 50% од примените уплати за учество во играта на среќа.

(2) Износот на фондот на добивки во одделна игра на среќа од ставот (1) на овој член по поединечно коло или серија на игри на среќа мора да биде утврден пред извлекувањето на добивките.

(3) Фондот на добивки од ставот (1) на овој член се користи за исплата на добивките на учесниците во играта на среќа.

Член 38

(1) Исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковите и другите добивки во лотариските игри на среќа се врши во рок одреден со правилата на играта на среќа кој не може да биде подолг од 60 дена од објавувањето на извештајот за резултатите од играта на среќа.

(2) Ако добитникот во лотариските игри на среќа не ја подигне добивката од играта на среќа во рокот од ставот (1) на овој член, износот на таа добивка се пренесува во некое од следните кола, односно серии во која било лотариска игра на среќа.

Член 39

(1) За приредување на лотариските игри на среќа се плаќа посебна давачка во износ од 4% на вкупно остварените уплати, односно средства прибрани преку продажба на лозови, на месечна основа.

(2) Посебната давачка од ставот (1) на овој член се плаќа до 15 во месецот за претходниот месец.

5. Лиценца за приредување на томбола од затворен тип

Член 40

(1) Лиценца за приредување на томбола од затворен тип се издава од страна на Владата на Република Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 1.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(3) Трговското друштво од ставот (2) на овој член кон барањето задолжително треба да достави:

1) документ за регистрација на трговското друштво издаден од Централниот регистар на Република Македонија и доказ за висината на основната главнина;

2) акт за основање на трговското друштво;

3) правила на играта на среќа;

4) уверение издадено од надлежен орган дека управителите на трговското друштво не се правосилно осудени на безусловна казна затвор во траење од најмалку шест месеци;

5) потврда дека трговското друштво нема блокирано трансакциска сметка во банка во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а ако трговското друштво не е постаро од шест месеци - од денот на неговото основање;

6) потврда дека трговското друштво редовно исплатува плати на вработените во период од најмалку шест месеци пред поднесувањето на барањето, а ако трговското друштво не е постаро од шест месеци - од денот на неговото основање;

7) уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган;

8) информација за економско-финансиската состојба на субјектот издадена од Централниот регистар на Република Македонија, со која се потврдуваат позитивни финансиски резултати во работењето на субјектот за периодот на последната деловна година, а ако субјектот не е постар од една година - од денот на неговото основање до денот на поднесувањето на понудата;

9) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на лиценца за приредување на игри на среќа;

10) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дека на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на лиценца за приредување на игри на среќа;

11) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност за приредување на игри на среќа;

12) доказ за потеклото на средствата, односно стварите и правата кои се внесени како основна главнина;

13) програма за спречување на перење пари и финансирање на тероризам согласно со прописите со кои е регулирано спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам и

14) доказ за потеклото на паричните средства кои се уплаќаат на име надоместок за добивање на лиценца.

(4) Трговското друштво од ставот (2) на овој член, покрај доказите од ставот (3) на овој член е должно да достави и записник за увид на самото место од страна на Управата за јавни приходи и решение со кое се потврдува исполнувањето на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на томбола од затворен тип.

Член 41

(1) Лиценцата за приредување на томбола од затворен тип се издава за период од четири години.

(2) За добивање на лиценца за приредување на томбола од затворен тип се плаќа надоместок во износ од 100.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 42

(1) Лиценцата за приредување на томбола од затворен тип се однесува само на една деловна просторија.

(2) Приредувачот на играта на среќа томбола од затворен тип има право да ја промени деловната просторија во која се приредува томболата од затворен тип.

(3) Приредувачот на играта поднесува барање за промена на деловната просторија до Министерството за финансии, кон кое приложува:

1) доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на томбола од затворен тип и

2) доказ дека претходната деловна просторија е затворена, односно во неа не се приредува томбола од затворен тип од страна на приредувачот на играта.

(4) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на деловната просторија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

Член 43

(1) Томбола од затворен тип може да се приредува со томболски картички кои се евидентирани и одобрени од страна на Управата за јавни приходи.

(2) Продажбата на томболските картички од ставот (1) на овој член приредувачот на играта ја врши исклучиво во деловната просторија во која се приредува томболата од затворен тип.

(3) Начинот на евидентирање и одобрување на картичките од ставот (1) на овој член го пропишува министерот за финансии.

Член 44

(1) Приредувачот на томбола од затворен тип за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во томболата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 15.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

(2) Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот пропишан со овој закон, приредувачот на томбола од затворен тип е должен да го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

Член 45

(1) Приредувачот на томбола од затворен тип донесува правила на играта на среќа за приредување на томбола од затворен тип, кои се применуваат по добиената согласност од Министерството за финансии.

(2) Пред почетокот на играта на среќа томбола од затворен тип, приредувачот на играта на среќа е должен правилата на играта на среќа да ги истакне на видно место во просторијата каде што се врши приредувањето на играта.

Член 46

На лицата кои можат да бидат учесници во играта на среќа томбола од затворен тип и на правилата на играта на среќа соодветно се применуваат одредбите на членовите 30 ставови (1) и (2) и 31 од овој закон.

Член 47

Исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковите и другите добивки кај играта на среќа томбола од затворен тип се врши во рок одреден со правилата на играта на среќа кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на извлекувањето.

Член 48

(1) За приредување на играта на среќа томбола од затворен тип се плаќа посебна давачка во износ од 4% на вкупно остварените уплати од продажбата на томболските картички, врз месечна основа.

(2) Посебната давачка од ставот (1) на овој член се плаќа до 15 во месецот за претходниот месец.

IV. ЕЛЕКТРОНСКИ ИГРИ НА СРЕЌА

1. Услови и начин на приредување на електронските игри на среќа

Член 49

Одредбите од членовите 26 и 29 на овој закон соодветно се применуваат на електронските игри на среќа.

Член 50

Лиценца за приредување на електронски игри на среќа може да добие трговско друштво кое има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 51

(1) Приредувачот на електронските игри на среќа за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 15.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

(2) Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот пропишан со овој закон, приредувачот на играта е должен да го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот на играта е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

Член 52

(1) Учесници во електронските игри на среќа се физички лица кои ги исполнуваат условите за учество во овие игри во согласност со овој закон и со правилата за соодветната игра на среќа донесени од страна на приредувачот на играта на среќа.

(2) За учесник во електронските игри на среќа во кои учеството во играта на среќа се докажува со поседување на соодветна потврда за уплатата на влогот, се смета имателот на таквата потврда, ако податоците на потврдата се идентични со снимените податоци во централниот компјутерски систем кај приредувачот на играта на среќа.

(3) Учеството во електронските игри на среќа се остварува со уплата на влог за играта на среќа на благајна на приредувачот на играта или на друг начин пропишан со правилата на играта на среќа.

Член 53

(1) Правилата на електронските игри на среќа особено содржат:

1) назив и седиште на приредувачот на играта на среќа;

2) име, опис и времетраење на играта на среќа;

3) услови за учество во играта на среќа;

4) место во кое се приредува играта на среќа, односно подрачјето на кое се врши уплатата на влоговите за учество во играта на среќа;

5) висина на влогот и крајниот рок за уплата за учество во играта на среќа;

6) вид и вкупната вредност на добивката;

7) опис на електронските потврди или другите видови на потврди за уплатата;

8) начин, постапка и контрола на електронското извлекување, односно утврдувањето на добивките;

9) начин на објавување на добивките, поединечна вредност на добивките и резултатите од играта на среќа;

10) начин и рок за исплата на паричните добивки, односно остварување на добивките од друг вид и

11) постапка во случај на откажување на електронското извлекување.

(2) Правилата за електронските игри на среќа не можат да се менуваат по почетокот на уплатата на влоговите за одреденото коло или серија, освен во случајот од членот 14 став (5) на овој закон.

Член 54

(1) За приредување на електронските игри на среќа, приредувачот на игрите плаќа надоместок во износ од 50 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, месечно по терминал.

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член се плаќа најдоцна до 15 во месецот, за претходниот месец.

2. Просторни и техничко-технолошки услови за приредување на електронските игри на среќа

Член 55

(1) Електронските игри на среќа може да се приредуваат во посебно уредени простории.

(2) Правилата на електронските игри на среќа мора да бидат истакнати на видно место во играчницата.

(3) Приредувачот на електронските игри на среќа мора да обезбеди лична заштита на учесниците во електронските игри на среќа и посетителите.

(4) Просторните и техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнуваат играчниците ги пропишува министерот за финансии со актот од членот 21 став (1) на овој закон.

Член 56

(1) Лиценцата за приредување на електронски игри на среќа се однесува само на една деловна просторија.

(2) Приредувачот на електронските игри на среќа има право да ја промени деловната просторија во која се приредуваат електронските игри на среќа.

(3) Приредувачот на електронските игри на среќа поднесува барање за промена на деловната просторија до Министерството за финансии, кон кое приложува:

1) доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на електронски игри на среќа и

2) доказ дека претходната деловна просторија е затворена, односно во неа не се приредуваат електронски игри на среќа од страна на приредувачот.

(4) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на деловната просторија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

V. ПОСЕБНИ ИГРИ НА СРЕЌА

1. Услови и начин на приредување на посебните игри на среќа

1.1. Лиценца за приредување на игри на среќа во казино

Член 57

(1) Лиценца за приредување на игри на среќа во казино се издава од страна на Владата на Република Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 2.500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(3) Трговското друштво од ставот (2) на овој член, покрај доказите од членот 40 став (3) на овој закон, е должно да достави и

1) доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во казино, издаден од надлежен орган и

2) доказ издаден од страна на правно лице овластено од министерот за финансии дека поставените автомати и маси во казиното се технички исправни.

Член 58

(1) Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино се издава за период од шест години.

(2) За добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во казино се плаќа надоместок во износ од 600.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

Член 59

Приредувачот на игрите на среќа е должен без одлагање да го информира Министерството за финансии за промената на секој податок или околност кои се од влијание за работата на казиното, а особено за промената на:

1) членовите на органите на управување и надзор на трговското друштво приредувач на игрите на среќа;

2) лицата овластени за застапување и водење на работите на трговското друштво приредувач на игрите на среќа;

3) идентитетот на лицата кои учествуваат во основната главнина на трговското друштво приредувач на игрите на среќа и

4) основната главнина на трговското друштво приредувач на игрите на среќа.

Член 60

(1) Лиценцата за приредување на игри на среќа во казино се однесува само на една деловна просторија.

(2) Приредувачот на игрите на среќа има право да ја промени деловната просторија во која се приредуваат игрите на среќа во казино.

(3) Приредувачот на игрите на среќа поднесува барање за промена на деловната просторија до Министерството за финансии, кон кое приложува:

1) доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во казино и

2) доказ дека претходната деловна просторија е затворена, односно во неа не се приредуваат игри на среќа во казино од страна на приредувачот.

(4) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на деловната просторија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

Член 61

(1) Приредувачот на игрите на среќа во казино за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во казиното, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебните давачки утврдени со овој закон е должен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 100.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

(2) Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот пропишан со овој закон, приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

(3) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен дневно во благајната на казиното да има депозит за ризик од најмалку 10.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија, кој служи за исплата на добивките на учесниците во игрите на среќа во казино.

Член 62

(1) Приредувачот на игрите на среќа во казино донесува правила на игра за приредување на игри на среќа во казино и правилник на казиното, кои се применуваат по добиената согласност од Министерството за финансии.

(2) Пред почетокот на играта приредувачот на игрите на среќа во казино е должен правилата на играта и правилникот на казиното да ги истакне на видно место во просторијата каде што се врши приредувањето на играта.

1.2. Правила на игрите на среќа во казино и правилник на казиното

Член 63

(1) Правилата на игрите на среќа во казино особено содржат:

1) видови на посебните игри на среќа кои се приредуваат во казиното;

2) забрана за наведување и кредитирање на учесниците во играта;

3) правила за секој вид на игра која ќе се приредува, условите за учество во играта, висина на влогот во играта, цената на жетоните или кредитните поени во играта на автомати со опис на начинот на евидентирање во тотал-регистарот на автоматот и крајниот рок за наплата за учество во играта;

4) податоци за видот и бројот на автомати за игри со детални податоци за нивната идентификација и

5) начин и рок за исплата на паричните добивки, односно остварување на добивките од друг вид.

(2) Правилата од ставот (1) на овој член за секој вид на игри на среќа во казиното мора да бидат во согласност со добрите деловни обичаи и меѓународните правила на игри на среќа во казино.

(3) На учесниците во игрите на среќа кои во текот на играта на среќа ќе ги прекршат правилата на играта, приредувачот на игрите на среќа во казино може да им забрани натамошно учество во игрите и присуство во казиното.

Член 64

(1) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да донесе правилник на казиното што се става на увид на посетителите преку огласна табла.

(2) Правилникот од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) организација на работата на казиното со распоред на просториите за работа на казиното;

2) услови за влез во казиното (доказ за идентитет и контрола на посетителите);

3) услови кога на одделни учесниците во игрите на среќа може да им се забрани пристап во казиното или учество во игрите на среќа;

4) работно време на казиното и

5) работи и задачи на вработените во казиното во врска со изведувањето на игрите на среќа.

Член 65

(1) Приредувачот на игрите на среќа во казино може да ги приредува само оние игри на среќа во вид и обем утврдени со лиценцата.

(2) За промена на бројот и видот на автоматите и масите за игри на среќа во казино кој е предвиден со лиценцата, приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да поднесе барање до Министерството за финансии.

(3) Доколку приредувачот на игрите на среќа во казино сака да го зголеми бројот на автоматите и масите во казиното, кон барањето од ставот (2) на овој член доставува доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови во деловната просторија за приредување на игри на среќа во казино и уверенија за техничка исправност на новопоставените автомати и маси издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии.

(4) Доколку приредувачот на игрите на среќа во казино сака да го намали бројот на автоматите и масите во казиното, кон барањето од ставот (2) на овој член доставува уверение за исклучување од употреба на автоматот или масата, издадено од страна на правно лице овластено од министерот за финансии.

(5) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на бројот на автоматите и масите во казиното во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

Член 66

(1) За приредување на игри на среќа во казино приредувачот на игрите на среќа во казино ги плаќа следниве надоместоци:

1) за рулет маса приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 3.300 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, по рулет маса и

2) за други маси во казиното приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 1.850 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, по маса.

(2) Надоместокот од ставот (1) на овој член се плаќа до 15 во месецот, за претходниот месец.

(3) Приредувачот на игрите на среќа во казино еднаш месечно до Министерството за финансии поднесува извештаи за остварените приходи по видот на игрите.

(4) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да ги води податоците за дневните пресметки по автомат, односно маса за игра на среќа.

(5) Податоците од евиденцијата со конечните месечни пресметки и копија од доказот за уплатата на надоместоците од ставот (1) на овој член од страна на приредувачот на игрите на среќа во казино се доставуваат до Министерството за финансии до 15 во месецот, за претходниот месец.

(6) За автоматите за игри на среќа поставени во казиното, соодветно се применуваат одредбите на членовите 89 и 94 од овој закон.

Член 67

Вредноста на промотивните жетони во казиното не може да биде поголема од 2% од месечниот приход на казиното.

Член 68

Исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковите и другите добивки кај игрите на среќа во казино се врши во рок одреден со правилата на играта на среќа кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на остварувањето на добивката.

Член 69

Казиното може со правилникот да пропише работно време од 24 часа на ден, секој ден, независно од тоа дали со закон или со друг пропис е одреден државен или верски празник или друг неработен ден.

Член 70

(1) Казиното мора да има благајна и одвоен заштитен простор за чување на парите и другите вредности.

(2) Уплатите и исплатите кај игрите на среќа во казината се вршат во денари или во странска валута во согласност со прописите од областа на девизното работење.

(3) Во казиното мора да има менувачница, а може да има и простор за давање на угостителски услуги во кој се послужуваат храна и пијалаци.

(4) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да обезбеди непрекинат аудио-видео надзор во казиното со снимање, така што да се осигури непрекинат и непосреден надзор.

(5) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен документацијата за непрекинато снимање да ја чува 15 дена или на барање на Управата за јавни приходи и подолго.

(6) Податоците од документацијата од ставот (5) на овој член претставуваат деловна тајна, а приредувачот на игрите на среќа во казино може да ги соопшти на други лица само во согласност со закон.

(7) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да ги надгледува учесниците во игрите на среќа и посетителите за да може играта да се одвива во согласност со одредбите на овој закон и правилата на играта.

(8) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да обезбеди лична заштита на учесниците во игрите на среќа и посетителите.

(9) Казиното мора да има централен сметачки систем (сервер) за онлајн надзор кој овозможува поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи и кој мора посебно да обезбеди централно вмрежување на сите автомати на еден приредувач на игри на среќа во казино кој овозможува евентуална контрола на податоците од страна на Управата за јавни приходи, за сите приклучени автомати.

(10) Просторните и техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнува казиното поблиску ги пропишува министерот за финансии со актот од членот 21 став (1) на овој закон.

Член 71

(1) Униформирани лица можат да влегуваат во казиното само заради вршење на службените работи.

(2) Во казиното не е допуштено внесување на технички помагала соодветни за стекнување на предност во играта на среќа.

(3) Приредувачот на игрите на среќа во казино е должен да обезбеди надзор на влегувањето и излегувањето во казиното со евидентирање на посетителите и непрекинат аудио-видео надзор, односно контрола на рецепцијата, со снимање на влезот, односно излезот во казиното.

(4) Казиното може на одредени лица врз основа на процена, привремено или трајно да им го забрани или да им го ограничи учеството во игрите на среќа во казиното.

Член 72

(1) Вработените во казиното кои непосредно учествуваат во приредувањето на игрите на среќа мора да бидат стручно оспособени за работа во казино.

(2) Вработените во казиното не смеат да учествуваат во игрите на среќа како играчи во казиното во кое работат.

(3) Вработените во казиното мораат да ги чуваат како деловна тајна податоците до кои дошле при вршењето на својата работа.

2. Игри на среќа во обложувалница

2.1. Лиценци за приредување на игри на среќа во обложувалница

Член 73

(1) Лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава од страна на Владата на Република Македонија врз основа на поднесено барање до Министерството за финансии.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член може да го поднесе трговско друштво кое на денот на поднесувањето на барањето има уплатено основна главнина која не може да биде помала од 500.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(3) Трговското друштво од ставот (2) на овој член, покрај доказите од членот 40 став (3) на овој закон е должно да достави и доказ за исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во обложувалница издаден од надлежен орган.

Член 74

(1) Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се издава за период од три години.

(2) За добивање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница се плаќа надоместок во износ од 105.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(3) Лиценцата за приредување на игри на среќа во обложувалница се однесува на приредување на игри на среќа обложување преку уплатно-исплатни места.

(4) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница има право да ги промени деловните простории во кои се приредуваат игрите на среќа во обложувалница.

(5) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница кон барањето за промена на деловната просторија до Министерството за финансии задолжително приложува:

1) доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игри на среќа во обложувалница и

2) доказ дека претходната деловна просторија е затворена, односно во неа не се приредуваат игри на среќа во обложувалница од страна на приредувачот.

(6) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на деловната просторија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

Член 75

Барателот за издавање на лиценца за приредување на игри на среќа во обложувалница е должен да има обезбедено компјутерски систем во кој се поврзани сите компјутери преку кои ќе се врши евидентирање на уплатата и исплатата од сите свои уплатно-исплатни места, така што системот обезбедува податоци за уплатата и исплатата на секој од компјутерите кои може да се прикажуваат во секое време и таквиот систем мора да овозможува негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи.

Член 76

(1) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалницата, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон е дол-

жен да депонира депозит или да обезбеди банкарска гаранција, во банка со седиште во Република Македонија, во износ од 300.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на депонирањето, односно на денот на издавањето на банкарската гаранција.

(2) Со издавањето на лиценцата и уплатата на депозитот, односно банкарската гаранција во висина од ставот (1) на овој член приредувачот на игри на среќа во обложувалница има право да приредува игри на среќа во обложувалница во најмногу 25 уплатно-исплатни места.

(3) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница има право да го зголеми бројот на уплатно-исплатните места со поднесување на барање до Министерството за финансии, кон кое го приложува доказот од членот 73 став (3) на овој закон, при што за секои следни десет уплатно-исплатни места приредувачот е должен да достави доказ за уплатен депозит, односно да приложи банкарска гаранција, во износ од 50.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата на депозитот, односно на денот на издавање на банкарската гаранција, кои служат за обезбедување на исплатата на добивките на учесниците во игрите на среќа во обложувалниците, за плаќање на јавните давачки утврдени со закон, како и за надоместоците и посебната давачка утврдени со овој закон.

(4) Доколку се намали депозитот или се активира банкарската гаранција под износот пропишан со овој закон, приредувачот на игри на среќа во обложувалница е должен да го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон, најдоцна во рок од 48 часа, а за секоја настаната промена приредувачот е должен веднаш да го извести Министерството за финансии.

Член 77

(1) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница донесува правила на игра за приредување на игри на среќа во обложувалница, кои се применуваат по добиената согласност од Министерството за финансии.

(2) Пред почетокот на играта на среќа приредувачот на игри на среќа во обложувалница е должен правилата на играта на среќа да ги истакне на видно место во просторијата каде што се врши приредувањето на игрите на среќа, односно на секое уплатно-исплатно место.

(3) Уплатите и исплатите за обложување се примаат, односно се исплаќаат на уплатно-исплатните места на приредувачот на игри на среќа во обложувалница.

(4) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница е должен на видно место да истакне на секое уплатно-исплатно место ознака која ги содржи податоците за приредувачот, локацијата како и рокот на важноста на лиценцата.

2.2. Правила на игрите на среќа во обложувалница

Член 78

Правилата за приредување на игри на среќа во обложувалница особено содржат:

1) назив и седиште на приредувачот на игри на среќа во обложувалница;

2) име, опис и времетраење на играта на среќа;

3) услови за учество во играта на среќа;

4) висина на влогот и краен рок за уплата за учество во играта на среќа;

5) место во кое се приредува играта на среќа, односно подрачјето на кое се врши уплатата на влоговите за учество во играта на среќа;

6) вид и вкупна вредност на добивката;

7) начин, постапка и контрола на утврдување на добивките;

8) начин на објавување на резултатите од играта на среќа и

9) начин и рок за исплата на паричните добивки, односно остварување на добивките од друг вид.

Член 79

(1) За приредување на игрите на среќа во обложувалница, приредувачот на игри на среќа во обложувалница плаќа посебна давачка во висина од 20% која се пресметува на разликата меѓу уплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места на тој приредувач и исплатениот износ од сите компјутери во сите уплатно-исплатни места, на месечна основа.

(2) Посебната давачка од ставот (1) на овој член се плаќа до 15 во месецот, за претходниот месец.

(3) Доказот за уплатата на посебната давачка од ставот (1) на овој член приредувачот на игри на среќа во обложувалница е должен да го достави до Министерството за финансии најдоцна до 15 во месецот, за претходниот месец.

Член 80

Исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковните и другите добивки кај игрите на среќа во обложувалница се врши во рок одреден со правилата на играта на среќа кој не може да биде подолг од 60 дена од денот на остварувањето на добивката.

Член 81

Се забранува приредување на обложување на територијата на Република Македонија:

1) кое е во спротивност со овој закон, добрите деловни обичаи и моралот и

2) кое се однесува на резултатите од избори за претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија, градоначалници и советници во Советот на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје.

Член 82

(1) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница мора да има централен пресметковен систем за надзор кој треба да се наоѓа на територијата на Република Македонија и кој мора да овозможува поврзување со информацискиот систем на Управата за јавни приходи.

(2) Приредувачот на игри на среќа во обложувалница мора да има софтвер кој ги задоволува сите технички услови за приредување на играта на среќа и архивирање на податоците во бази со невозможност за промена на податоците.

(3) Просторните и техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнуваат уплатно-исплатните места на приредувачот на игри на среќа во обложувалница ги пропишува министерот за финансии со актот од членот 21 став (1) на овој закон.

Член 83

Обложувалницата може да утврди работно време од 24 часа на ден, секој ден, независно од тоа дали со закон или со друг пропис е одреден државен или верски празник или друг неработен ден.

Член 84

1) доказ дека новата деловна просторија ги исполнува просторните и техничко-технолошките услови за приредување на забавни игри и

2) доказ дека претходната деловна просторија е затворена, односно во неа не се приредуваат забавни игри од страна на приредувачот.

(4) Министерството за финансии со решение одлучува за промената на деловната просторија во рок од осум дена од денот на поднесувањето на барањето.

Член 136

(1) Дозволата за приредување на забавни игри се издава за период од десет години.

(2) За издавање на дозволата од ставот (1) на овој член се плаќа еднократен надоместок во износ од 1.000 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, во рок од 15 дена од денот на приемот на дозволата.

(3) За приредување на забавни игри приредувачот на забавни игри плаќа надоместок во месечен износ од десет евра по апарат, во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

(4) Надоместокот од ставот (3) на овој член се плаќа до 15 во месецот, за претходниот месец.

(5) Доколку подносителот постапи спротивно на ставовите (2) и (4) на овој член, дозволата се одзема.

Член 137

(1) Просторните и техничко-технолошките услови кои треба да ги исполнува забавниот клуб ги пропишува министерот за финансии со актот од членот 21 став (1) на овој закон.

(2) Во забавен клуб се забранува приредување на игри на среќа на автомати.

X. УСЛОВИ И НАЧИН НА ПУШТАЊЕ ВО УПОТРЕБА НА АВТОМАТИТЕ ЗА ИГРИ НА СРЕЌА

Член 138

(1) Автоматите за игри на среќа при пуштањето во употреба мораат да бидат технички исправни.

(2) Утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа го врши правно лице овластено од министерот за финансии.

(3) Овластувањето од ставот (2) на овој член се издава за период од три години.

(4) Овластувањето од ставот (2) на овој член може да му се издаде на правно лице со седиште во Република Македонија, кое ги исполнува следниве услови:

1) да има вработено соодветен број на вработени со соодветна стручна квалификација потребна за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа;

2) да располага со соодветна опрема за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа;

3) да не приредува игри на среќа или забавни игри и

4) да не произведува, да не поправа и да не изнајмува автомати за игри на среќа.

(5) Потребниот број на вработени, стручната квалификација и опремата од ставот (4) точки 1 и 2 на овој член за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа кои треба да ги поседува правното лице, поблиску ги пропишува министерот за финансии.

Член 139

(1) За издавање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, Министерството за финансии објавува јавен повик, кој трае 15 дена од денот на неговото објавување.

(2) Јавниот повик за прибирање на понуди за издавање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа се објавува во „Службен весник на Република Македонија“ и во најмалку два дневни весници кои се дистрибуираат на целата територија на Република Македонија, од кои најмалку во еден дневен весник кој се издава на јазикот кој го зборуваат најмалку 20% од заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

(3) Јавниот повик од ставот (1) на овој член особено содржи:

1) податоци за потребниот број на вработени кај правното лице и нивната стручна квалификација потребни за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа;

2) податоци за опремата за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа која правното лице треба да ја поседува;

3) рок, адреса и начин на доставување на понудите, време и час на јавното отворање на понудите и

4) документацијата со која се докажува исполнувањето на условите утврдени со членот 138 став (4) на овој закон и доказите од членот 141 на овој закон.

(4) Документацијата од ставот (3) точка 4 на овој член, заедно со финансиска понуда за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа се доставува до Министерството за финансии во затворен плик со назнака „Не отворај“ и со назначување на бројот на јавниот повик.

(5) Понудите со потребната документација се доставуваат преку препорачана пратка или лично во архивата на Министерството за финансии.

(6) Министерството за финансии го објавува јавниот повик од ставот (1) на овој член и ја спроведува постапката на избор на лицето од членот 138 став (2) на овој закон и министерот за финансии го издава овластувањето во текот на последните шест месеци пред истекот на рокот на важењето на претходно издаденото овластување.

Член 140

(1) Финансиската понуда од членот 139 став (4) на овој закон се состои од податоци за цената на чинење на секоја одделна услуга поврзана со утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, за секој тип на автомат, односно маса за игра на среќа.

(2) Овластувањето за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа ќе го добие правното лице кое ги исполнува условите од членот 138 став (4) на овој закон, ги доставило документите од членот 141 на овој закон и доставило финансиска понуда со најниска цена на чинење на секоја одделна услуга поврзана со утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, за секој тип на автомат, односно маса за игра на среќа.

Член 141

Кон понудата за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, правното лице - понудувач задолжително треба да достави:

1) документ за регистрација на правното лице издаден од Централниот регистар на Република Македонија;

2) потврда дека правното лице нема блокирано трансакциска сметка во банка во период од најмалку шест месеци пред објавувањето на јавниот повик, а ако лицето не е постаро од шест месеци - од денот на неговото основање;

3) потврда дека против правното лице не е поведена постапка за ликвидација и не е отворена стечајна постапка;

4) уверение за платени јавни давачки, издадено од надлежен орган;

5) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна забрана за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа;

6) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна одземање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и

7) потврда од Регистарот на казни за сторени кривични дела на правните лица дека не му е изречена споредна казна привремена или трајна забрана за вршење на дејност.

Член 142

Понудите кои не ја содржат документацијата пропишана со членот 141 на овој закон или не се доставени во согласност со членот 139 ставови (4) и (5) на овој закон, нема да се разгледуваат.

Член 143

(1) За спроведување на постапката за отворање и евалуација на понудите за добивање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, министерот за финансии формира Комисија.

(2) Комисијата од ставот (1) на овој член се состои од тројца членови и нивни заменици, вработени во Министерството за финансии.

(3) За спроведената постапка, отворањето на понудите и извршената евалуација Комисијата изготвува извештај во рок од осум дена од денот на отворањето на понудите.

(4) Извештајот од ставот (3) на овој член, заедно со предлогот за избор на најповолен понудувач за издавање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, Комисијата го доставува до министерот за финансии.

(5) Врз основа на извештајот и предлогот од ставот (4) на овој член, министерот во рок од осум дена од денот на доставувањето донесува решение за избор на најповолен понудувач за издавање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и го издава овластувањето во рок од осум дена од денот на донесувањето на решението за изборот.

(6) Против решението од ставот (5) на овој член, незадоволниот понудувач може да поведе управен спор пред надлежен суд.

Член 144

(1) Правното лице овластено за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа е должно да ги исполнува условите од членот 138 став (4) на овој закон во текот на целиот период на важност на овластувањето.

(2) Правното лице овластено за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа е должно да се придржува кон цените на чинење на секоја одделна услуга поврзана со утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, за секој тип на автомат, односно маса за игра на среќа, содржани во финансиската понуда доставена од правното лице во текот на постапката на јавниот повик од членот 139 став (1) на овој закон.

(3) Доколку од страна на Управата за јавни приходи биде утврдено постапување спротивно на ставовите (1) и (2) на овој член, за констатираната неправилност веднаш го известува Министерството за финансии, кое веднаш ќе донесе решение за одземање на овластувањето за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа од правното лице и во рок од 15 дена од денот на донесувањето на решението ќе објави нов јавен повик за издавање на овластување за утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа.

(4) Правното лице на кое му е доставено решение од ставот (3) на овој член ќе продолжи да врши утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, под постојана контрола од страна на Управата за јавни приходи до издавање на ново овластување од страна на министерот за финансии.

(5) Против решението од ставот (3) на овој член, правното лице може да поведе управен спор пред надлежен суд.

Член 145

(1) За техничката исправност на автоматите за игри на среќа овластеното правно лице од членот 138 став (2) на овој закон издава уверение за техничка исправност на автоматот.

(2) По барање на приредувачот на играта на среќа, овластеното правно лице е должно да пристапи кон утврдување на техничката исправност на автоматите за игри на среќа, во рок од три работни дена од денот на поднесеното барање од страна на приредувачот на

играта на среќа, и доколку утврди дека соодветниот автомат за игри на среќа е технички исправен, да го издаде уверението од ставот (1) на овој член во рок од три работни дена од денот на утврдувањето на техничката исправност.

(3) Начинот на утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и формата и содржината на уверението за техничка исправност на автоматите за игри на среќа ги пропишува министерот за финансии.

Член 146

(1) Технички исправните автомати за игри на среќа задолжително се жигосуваат.

(2) Формата и содржината на жигот од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

Член 147

(1) Автоматите за игри на среќа кои се технички исправни и имаат жиг, можат да бидат ставени во употреба ако имаат плочки за означување и регистрација, кои ги издава овластеното лице од членот 138 став (2) на овој закон.

(2) Плочки за означување и регистрација имаат и масите за игри со топчиња, коцки или карти што се во употреба.

(3) Евиденција на издадените плочки за означување и регистрација води овластеното лице од членот 138 став (2) на овој закон.

(4) Начинот на водење на евиденцијата од ставот (3) на овој член, формата и содржината на плочката за означување и регистрација од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

XI. ОСТВАРУВАЊЕ И ЕВИДЕНЦИЈА НА ДОБИВКИТЕ

Член 148

(1) Остварувањето на добивките од игрите на среќа согласно со овој закон се врши со приложување на важечка исправа за идентификација на добитникот.

(2) Приредувачот на игрите на среќа е должен при остварувањето на добивката од игрите на среќа на добитникот да му издаде потврда за добивката, која ја потпишуваат приредувачот на игрите на среќа и добитникот, односно од нив овластени лица.

Член 149

(1) Приредувачот на игрите на среќа согласно со овој закон е должен да води евиденција за остварените добивки во играта на среќа кои поединечно го надминуваат износот од 10.000 денари и за нивните добитници.

(2) Формата, содржината и начинот на водењето на евиденцијата од ставот (1) на овој член ги пропишува министерот за финансии.

XII. НАДЗОР

Член 150

(1) Надзорот над спроведувањето на одредбите на овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон го врши Управата за јавни приходи.

(2) Инспекцискиот надзор го вршат овластени службени лица на Управата за јавни приходи.

Член 151

(1) При вршењето на инспекцискиот надзор, овластеното службено лице на Управата за јавни приходи особено врши надзор:

1) над приредувањето на игрите на среќа, дали игрите на среќа се приредуваат во согласност со закон, во согласност со издадената лиценца, односно дозвола и во согласност со правилата на игрите на среќа;

2) на исполнување на просторните и техничко-технолошките услови за приредување на игрите на среќа и забавните игри;

3) на автоматите за игри на среќа во однос на нивниот број, техничката исправност и жигот и проверка на плочките за означување и регистрација на автоматите за игри на среќа и масите на кои се приредуваат игрите на среќа;

4) на водењето на деловните книги и другата документација поврзана со приредувањето на игрите на среќа и забавните игри;

5) над плаќањето на надоместоците за добивање на лиценца, односно дозвола надоместоците, посебните надоместоци и посебните давачки утврдени со овој закон, како и над плаќањето на даноците и другите јавни давачки утврдени со закон, од страна на приредувачите на игри на среќа и забавни игри;

6) над депонираниот банкарски депозит, односно банкарската гаранција;

7) на лозовите, томболските картички и тикетите;

8) над приредувањето на игрите на среќа и забавните игри во случај на одземање, прекин и откажување на лиценцата, односно дозволата;

9) на достапноста на правилата за приредување на игрите на среќа на учесниците во игрите на среќа;

10) на продажните места на лозовите, томболските картички, тикетите и терминалите;

11) на посетата на лицата во просториите каде што се приредуваат посебни игри на среќа;

12) на учеството во игрите на среќа на лицата на кои со овој закон тоа им е забрането;

13) над приредувањето на забавни игри;

14) на работното време на просториите во кои се приредуваат игри на среќа и забавни игри;

15) на објавувањето, исплатата и подигањето на добивките на добитниците во игрите на среќа;

16) на неповредливоста на тајноста на податоците согласно со закон;

17) над исполнувањето на условите од членот 138 став (4) на овој закон и обврската на овластеното лице за придржување кон цените на чинење на секоја одделна услуга поврзана со утврдувањето на техничката исправност на автоматите за игри на среќа и

18) врши други работи заради надзор над приредувањето на игрите на среќа и забавните игри согласно со овој закон.

(2) При вршењето на инспекцискиот надзор овластените службени лица изготвуваат записник.

(3) Врз основа на записникот од ставот (2) на овој член овластеното службено лице со решение ќе му нареди на приредувачот на играта на среќа да ги отстрани утврдените неправилности во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

(4) Против решението од ставот (3) на овој член може да се поднесе жалба во рок од осум дена од денот на приемот на решението до Комисија при Министерството за финансии составена од тројца членови кои ги именува министерот за финансии, од кои најмалку еден член е од редот на раководните државни службеници вработени во Министерството за финансии.

(5) Ако во постапката на надзор од страна на овластеното службено лице на Управата за јавни приходи се утврдат повреди на одредбите на овој закон и подзаконските акти донесени врз основа на овој закон кои претставуваат основ за одземање на лиценцата односно дозволата, Управата за јавни приходи за тоа веднаш го известува Министерството за финансии кое ќе поведе постапка за одземање на лиценцата, односно дозволата.

(6) Ако во постапката на надзор од страна на овластеното службено лице на Управата за јавни приходи се утврди дека игрите на среќа или забавните игри се вршат без издадена лиценца, односно дозвола или

спротивно на издадената лиценца, односно дозвола, спротивно на правилата на играта на среќа или се утврди дека дошло до измена на условите пропишани со овој закон за приредување на игрите на среќа, односно забавните игри, овластеното службено лице времено го забранува приредувањето на игрите на среќа, односно забавните игри и врши запечатување на деловната просторија во која се приредуваат игрите на среќа, односно забавните игри.

Член 152

(1) Управата за јавни приходи може во секое време и без претходна најава да изврши надзор над работата на носителите на лиценца, односно дозвола за приредување на игри на среќа или забавни игри, со цел за утврдување на законитото и правилното работење од страна на носителите на лиценцата, односно дозволата.

(2) Приредувачите на игри на среќа и забавни игри се должни секојдневно да овозможуваат непосредно или посредно вршење на надзор од страна на надлежните органи.

Член 153

Доколку овластените службени лица при вршењето на надзорот утврдат постоење на основано сомневање дека е сторено кривично дело, се должни да поднесат пријава до надлежниот орган.

Член 154

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, овластеното службено лице утврди дека по прв пат е сторен прекршок од членовите 157 став (1) точка 14 и 158 на овој закон, овластеното службено лице е должно да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на сторената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за финансии.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Управата за јавни приходи, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или исородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукацијата не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку овластеното службено лице при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој се запира постапката на инспекциски надзор.

(8) Доколку овластеното службено лице при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, за констатираниот прекршок на сторителот на прекршокот му предлага постапка за порамнување.

(9) Управата за јавни приходи, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот за финансии.

Член 155

Управата за јавни приходи за бројот на извршените контроли од страна на овластените службени лица е должна на својата интернет страница да објавува квартални извештаи.

XIII. КАЗНЕНИ ОДРЕДБИ

Кривично дело приредување на игри на среќа без лиценца, односно дозвола од надлежен орган

Член 156

(1) Правното лице што организира и приредува игри на среќа во посебно уредени простории за таа намена, без лиценца, односно дозвола од надлежен орган, ќе се казни со парична казна во износ од 20 милиони денари.

(2) За делото од ставот (1) на овој член ќе се казни и одговорното лице во правното лице со казна затвор од најмалку три години.

(3) Средствата за организирање и приредување на игрите на среќа од овој член, како и затечените пари на сторителите ќе се одземат.

XIV. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 157

(1) Глоба во износ од 5.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на правно лице за прекршок, ако:

1) ја пренесе лиценцата, односно дозволата на друго трговско друштво, односно друг трговец поединец (член 7 став (4));

2) ја прекине или откаже играта на среќа за која добил лиценца, спротивно на членот 8 ставови (5) и (8) од овој закон;

3) не го запази рокот во кој мора и понатаму да ги спроведува започнатите игри на среќа за кои добил лиценца (член 8 став (7));

4) приредува забавни игри, наградни игри или интерактивни игри на среќа без дозвола од надлежен орган (член 9 став (1));

5) не го запази рокот во кој мора и понатаму да ги спроведува започнатите игри на среќа за кои добил дозвола (член 9 став (7));

6) ги прекине или откаже игрите од членот 9 став (1) на овој закон, спротивно на членот 9 ставови (5) и (8) од овој закон;

7) започнатата игра на среќа, односно започнатото коло не го заврши до крајот според истите правила, односно правилник (член 14 став (4));

8) продава, рекламира или на секој друг начин претставува странски лозови, томболски картички, ливчиња, тикети, електронски картички и слично на територијата на Република Македонија (член 19 точка 2);

9) приредува игра на среќа која не е регулирана со овој закон, а која дава можност за стекнување на добивка (член 19 точка 4);

10) приредува игри на среќа или забавни игри во простории кои не ги исполнуваат просторните и техничко-технолошките услови пропишани од министерот за финансии (член 21 став (1));

11) во рок од 30 дена по завршувањето на играта на среќа непродадените лозови и томболски картички не ги предаде во Управата за јавни приходи (член 22 став (3));

12) приредува посебни игри на среќа, а не води книга на благајна или не води книга на благајна на пропишаниот начин или книгата на благајна не ја чува најмалку десет години (член 23);

13) во рокот пропишан со овој закон не достави ревизорски извештај до Министерството за финансии за извршената ревизија од страна на овластен ревизор (член 24);

14) постапи спротивно на членот 32 од овој закон или не ги истакне на видно место правилата на игрите на среќа, односно правилникот на казиното (членови 45 став (2), 55 став (2), 62 став (2), 77 став (2), 91 став (2) и 127 став (3));

15) исплатата на паричните добивки, односно преземањето на стоковните и другите добивки не го изврши во рок од 60 дена од денот на објавувањето на извештајот за резултатите од играта (членови 38 став (1), 47, 68, 80, 95 и 128);

16) приредувачот ја промени деловната просторија во која се приредува играта на среќа без решение од Министерството за финансии (членови 42 став (2), 60 ставови (3) и (4), 88 ставови (2) и (3) и 135 ставови (3) и (4)) или го зголеми бројот на деловните простории во кои се приредуваат игри на среќа во автомат клуб без решение од Министерството за финансии (член 88 ставови (5) и (6)) или приредува обложување преку уплатно-исплатно место без решение од Министерството за финансии;

17) при намалување на депозитот под износот пропишан со овој закон или при активирање на банкарската гаранција не го надополни износот до полниот износ пропишан со овој закон во рок од 48 часа (членови 44 став (2), 51 став (2), 61 став (2), 76 став (4) и 90 став (2));

18) постапи спротивно на членот 59 од овој закон;

19) приредувачот на игри на среќа во казино и автомат клуб еднаш месечно до Министерството за финансии не поднесува извештај за остварените приходи по видот на игрите или не достави доказ за уплата на посебната давачка (членови 66 став (3) и 94 став (3));

20) постапи спротивно на членот 70 став (4) на овој закон;

21) приредува обложување на територијата на Република Македонија кое се однесува на резултатите од избори на претседател на Република Македонија, пратеници во Собранието на Република Македонија, градоначалници и советници во советите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје (член 81 точка (2));

22) постапи спротивно на членот 127 став (2) од овој закон;

23) приредува игри на среќа на автомати во забавен клуб (член 137 став (2)) и

24) стави во употреба технички неисправни автомати за игри на среќа (член 138 став (1)).

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице за прекршокот од ставот (1) на овој член.

(3) За прекршокот од ставот (1) на овој член на правното лице, покрај глобата од ставот (1) на овој член, ќе му се изрече и прекршочна санкција привремена забрана за вршење на одделна дејност во траење од шест месеци до две години, а на одговорното лице во правното лице покрај глобата од ставот (2) на овој член, ќе му се изрече и забрана за вршење на професија дејност или должност во траење од една до три години.

Член 158

(1) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на физичко лице за прекршок, ако:

1) учествува во странски игри на среќа, во кои влоговите се уплаќаат на територијата на Република Македонија (член 19 точка 1);

2) учествува во игри на среќа или забавни игри кои се приредуваат без издадена лиценца, односно дозвола (член 19 точка 5);

3) во казиното внесува технички помагала соодветни за стекнување на предност во играта на среќа (член 71 став (2)) и

4) вработен во казино учествува како играч во игрите на среќа во казиното во кое работи (член 72 став (2)).

(2) Глоба во износ од 1.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице приредувач на игра на среќа за прекршок, ако:

1) овозможува учество во игри на среќа на лице помладо од 18 години (член 20 став (2)) и

2) овозможува влез во казина, во простории каде се приредува томбола од затворен тип, во обложувалници и автомат клубови на лице помладо од 18 години (член 20 став (4)).

XV. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 159

Од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на членовите 66 став (6), 75, 79, 89 и 94 од овој закон приредувачите на игрите на среќа во казино, во обложувалница и во автомат клуб имаат можност да обезбедат компјутерски систем во кој се поврзани сите компјутери, односно автомати на приредувачите на игрите на среќа, преку кој се врши евидентирање на уплатата и исплатата и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи или да ги плаќаат надоместоците, односно давачките утврдени во членовите 160 став (2), 161 став (2) и 162 став (2) на овој закон.

Член 160

(1) Приредувачите на игрите на среќа во казино кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на членот 66 став (6) на овој закон одлучиле да обезбедат компјутерски систем во кој се поврзани сите автомати на приредувачите на игрите на среќа, преку кој се врши евидентирање на уплатата и исплатата и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, се должни да ја плаќаат посебната давачка утврдена со членот 94 на овој закон.

(2) Приредувачите на игрите на среќа во казино кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на член 66 став (6) на овој закон не обезбедиле компјутерски систем од ставот (1) на овој член и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, не ја плаќаат посебната давачка утврдена со членот 94 на овој закон, а ги плаќаат следниве надоместоци:

1) за автомати за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник во игрите на среќа приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 420 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, по автомат и

2) за автомати за игри на среќа на кои истовремено можат да учествуваат повеќе учесници во игрите на среќа приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 735 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, по автомат.

(3) Надоместоците од ставот (2) на овој член се плаќаат до 15 во месецот, за претходниот месец.

(4) Приредувачот од ставот (2) на овој член еднаш месечно до Министерството за финансии поднесува извештај за остварените приходи по видот на игрите на среќа.

Член 161

(1) Приредувачите на игрите на среќа во обложувалница кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената од членот 75 на овој закон одлучиле да обезбедат компјутерски систем во кој се поврзани сите компјутери на приредувачите на игрите на среќа преку кој се врши евидентирање на уплатата и исплатата и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, се должни да ја плаќаат посебната давачка утврдена со членот 79 на овој закон.

(2) Приредувачите на игрите на среќа во обложувалница кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на членот 75 на овој закон не обезбедиле компјутерски систем од ставот (1) на овој член и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, не ја плаќаат посебната давачка утврдена со членот 79 на овој закон, а плаќаат посебна давачка од 100.000 денари месечно, за секое уплатно-исплатно место.

(3) Посебната давачка од ставот (2) на овој член се плаќа до 15 во месецот, за претходниот месец.

(4) Доказот за уплатата на посебната давачка од ставот (2) на овој член приредувачот од ставот (2) на овој член е должен да го достави до Министерството за финансии најдоцна до 15 во месецот, за претходниот месец.

Член 162

(1) Приредувачите на игрите на среќа во автомат клуб кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на членот 89 на овој закон одлучиле да обезбедат компјутерски систем во кој се поврзани сите автомати на приредувачите на игрите на среќа, преку кој се врши евидентирање на уплатата и исплатата и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, се должни да ја плаќаат посебната давачка утврдена со членот 94 на овој закон.

(2) За приредувачите на игрите на среќа во автомат клуб кои во периодот од денот на започнувањето на примената на овој закон до денот на започнувањето на примената на членот 89 на овој закон не обезбедиле компјутерски систем од ставот (1) на овој член и негово поврзување со соодветен компјутерски систем на Управата за јавни приходи, лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб се издава за приредување на игри на среќа во една деловна просторија, приредувачите не ја плаќаат посебната давачка утврдена со членот 94 на овој закон, а ги плаќаат следниве надоместоци:

1) за автомати за игри на среќа на кои може да учествува еден учесник во игрите на среќа приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 420 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, по автомат и

2) за автомати за игри на среќа на кои истовремено можат да учествуваат повеќе учесници во игрите на среќа приредувачот плаќа месечен надоместок во износ од 735 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата, по автомат.

(3) Надоместоците од ставот (2) на овој член се плаќаат до 15 во месецот, за претходниот месец.

(4) Приредувачот од ставот (2) на овој член еднаш месечно до Министерството за финансии поднесува извештај за остварените приходи по видот на игрите на среќа.

Член 163

(1) Приредувачите на игрите на среќа во казино од денот на влегувањето во сила на овој закон до денот на започнувањето на примената на овој закон се должни да ги плаќаат и надоместоците утврдени со членот 160 став (2) на овој закон.

(2) Приредувачите на игрите на среќа во обложувалница од денот на влегувањето во сила на овој закон до денот на започнувањето на примената на овој закон се должни да ја плаќаат посебната давачка утврдена со членот 161 став (2) на овој закон.

(3) Приредувачите на игрите на среќа во автомат клуб од денот на влегувањето во сила на овој закон до денот на започнувањето на примената на овој закон се должни да ги плаќаат надоместоците утврдени со членот 162 став (2) на овој закон.

Член 164

(1) Постапките започнати до денот на започнувањето на примената на овој закон ќе продолжат согласно со прописите кои важеле до денот на започнувањето на примената на овој закон.

(2) Приредувачите на игри на среќа и забавни игри кои на денот на започнувањето со примената на овој закон имаат добиено лиценци или одобренија согласно со прописите кои важеле до денот на започнувањето на примената на овој закон, се должни своето работење да го усогласат со одредбите на овој закон во рок од шест месеци од денот на започнувањето на примената на овој закон.

(3) Лиценците и одобренијата издадени согласно со Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" број 10/97, 54/97, 13/2001, 2/2002 и 54/2007) продолжуваат да важат за периодот за кој се издадени.

(4) Изменувањата на лиценците и одобренијата издадени согласно со Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" број 10/97, 54/97, 13/2001, 2/2002 и 54/2007) ќе се вршат согласно со одредбите на овој закон.

(5) Министерот за финансии ќе го објави јавниот повик од членот 139 став (1) на овој закон во рок од 30 дена од денот на започнувањето на примената на овој закон.

Член 165

(1) Министерот за финансии во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон ќе ги донесе подзаконските акти предвидени со овој закон.

(2) До донесувањето на подзаконските акти од ставот (1) на овој член ќе се применуваат подзаконските акти донесени врз основа на Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" број 10/97, 54/97, 13/2001, 2/2002 и 54/2007).

Член 166

Одредбите на членовите 66 став (6), 75, 79, 89 и 94 на овој закон ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2012 година.

Член 167

Со денот на започнувањето на примената на овој закон престанува да важи Законот за игрите на среќа и за забавните игри („Службен весник на Република Македонија" број 10/97, 54/97, 13/2001, 2/2002 и 54/2007), освен одредбите на членот 78-а во делот со кој се уредени надоместоците во месечен износ за рулет маса, за други маси и за автомати на игри на среќа кои ги плаќаат приредувачите на игри на среќа во казино и автомат клуб и одредбите на членот 79-а во делот со кој е уредена посебната давачка која ја плаќаат приредувачите на играта на среќа обложување на спортски натпревари, кои престануваат да важат со денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 168

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе започне да се применува по истекот на шест месеци од денот на неговото влегување во сила, освен одредбите на членовите 66 ставови (1), (2), (3), (4) и (5), 160 став (2), 161 став (2), 162 став (2) и 163 од овој закон кои ќе започнат да се применуваат од денот на влегувањето во сила на овој закон.

L I GJ
PËR LOJERA TË FATIT DHE LOJERA ARGETUESE

I. DISPOZITA TË PERGJITHSHME

Neni 1

Me kete ligj rregullohen llojet, kushtet dhe menyra e organizimit të lojerave të fatit dhe lojerave argetuese.

Neni 2

Nocionet e perdorura në kete ligj e kane kete domethenie:

1. **Lojera të fatit** jane lojerat në të cilat pjesemarresit kane mundesi të barabarta për fitim të fitimit me pagese të drejtperdrejte ose të terthorte të një shume të caktuar (depozite), ndersa rezultati nga lojera vecanerisht apo kryesisht varet nga rastesia ose ndonje ngjarje e pasigurt në loje;

2. **Lojera argetuese** jane lojera në kompjutere, simulatore, video-automate, flipere, dhe aparate tjera të ngjashme që vihen në levizje nepermjet parave, zhetoneve ose në menyre tjeter, si dhe pikado, biliard dhe lojera tjera të ngjashme në të cilat merret pjese me pagese, e në të cilat pjesemarresi nuk mund të realizoje fitim në para, sende ose të drejta, por fiton të drejten për një ose më teper lojera falas të llojit të njejte, si dhe lojerat tjera me karakter argetues në të cilat nenkuptohet se pjesemarresi në lojerat argetuese i cili humb i barte shpenzimet për lojen ose ku pagesat (depozitat) dhe fitimi jane të pakonsiderueshme;

3. **Organizues i lojes së fatit** eshte shoqeria tregtare me seli në Republiken e Maqedonise, së ciles i eshte leshuar licence për organizimin e lojerave të fatit dhe shoqeria tregtare në të cilen bashkepronar ose aksionar eshte Republika e Maqedonise dhe e themeluar për organizimin e lojerave të fatit;

4. **Organizues i lojes argetuese** eshte shoqeria tregtare dhe personi fizik-tregtar individual, të cileve u eshte leshuar leje për organizimin e lojerave të fatit;

5. **Pjesemarres në lojerat e fatit dhe në lojerat argetuese** eshte personi i cili i ka permbushur kushtet e percaktuara me rregullat e lojes së fatit dhe lojes argetuese, të percaktuara nga ana e organizuesit të lojes së fatit, perkatesisht organizuesit të lojes argetuese;

6. **Lojera të fatit të lotarise** jane lojerat që organizohen me terheqje publike dhe tek të cilat më perpara eshte caktuar fondi i fitimeve;

7. **Lotari** eshte loje e fatit tek e cila pjesemarresi posedon bilete lotarie, të cilen e leshon organizuesi i lojes së fatit, në të cilen në pajtim me rregullat e lojes, paraprakisht jane të shenuar numra të caktuar. Bileta e lotarise konsiderohet si fituese kur në terheqjen publike mekanike, në diten e caktuar më perpara, do të terhiqen pjese të caktuara të numrit ose numra të tere të shenuara në bileten e lotarise.

8. **Lotari ekspres** eshte loje e fatit në të cilen pjesemarresi ka bilete lotarie, që e leshon organizuesi i lojes së fatit, në të cilen në pajtim me rregullat e lojes së fatit, më perpara jane të shenuara llojet dhe shuma e fitimit, simbol i caktuar ose numer, e që sigurohen me vendosjen e biletes së lotarise në mbeshtjelles të vulosur. Bileta e lotarise eshte fituese kur në të eshte shenuar fitimi, simboli ose numri që sipas rregullave të lojes paraqesin fitim;

9. **Lotari instant** eshte loje e fatit në të cilen pjesemarresi posedon bilete lotarie, të cilen e leshon organizuesi i lojes së fatit, në të cilen në pajtim me rregullat e lojes së fatit, më perpara eshte shenuar lloji dhe shuma e fitimit ose simbol i caktuar ose numer, që jane të fshehura me mbrojtje adekuate, të cilen pjesemarresi e menjanon me gervishtje të mbrojtjes. Bileta e lotarise eshte fituese kur në të eshte shenuar fitimi ose simboli i caktuar ose numer, që në pajtim me rregullat e lojes paraqesin fitim;

10. **TV Tombola (**TV Bingo) eshte loje e fatit në të cilen pjesemarresi posedon vertetim për pagese, të cilin e leshon organizuesi i lojes dhe në të cilin në pajtim me rregullat e lojes së fatit, më perpara jane shenuar numrat, ndersa fitues eshte pjesemarres i cili posedon vertetim për pagese që paraqet kombinimin e numrave (kombinimin e fitimit), që sipas rregullave të lojes eshte i shenuar si fitues, me ç'rast numrat e ketij kombinimi fitohen nepermjet terheqjes publike mekanike ose elektronike edhe atë në diten dhe në kohen e caktuar më perpara, në pajtim me rregullat e lojes, e me ndermjetesimin e mediumit televiziv;

11. **Tombole e tipit të mbyllu**r eshte loje e fatit në të cilen pjesemarresi ka kartele tombole, të cilen e leshon organizuesi i lojes së fatit dhe në të cilen në pajtim me rregullat e lojes së fatit, më perpara jane shenuar numrat, ndersa fitues eshte pjesemarres i cili posedon kartele tombole që paraqet kombinimin e numrave (kombinimin e fitimit), që sipas rregullave të lojes eshte i shenuar si fitues, me ç'rast numrat e ketij kombinimi fitohen nepermjet terheqjes mekanike e cila nuk transmetohet me ndermjetesimin e mjeteve të informimit publik.

12. **Loto dhe keno** jane lojera të fatit në të cilat pjesemarresi në pajtim me rregullat e lojes duhet të qelloje grup të caktuar numrash sipas zgjedhjes personale. Për kombinimet e luajtura të numrave, pjesemarresi i lojes merr vertetim për pagese. Fitimi arrihet kur numrat e luajtur në vertetimin për pagese u pergjigjen numrave të terhequr me terheqje publike mekanike ose elektronike dhe kur nga ana e pjesemarresit do të permbushen kushte tjera të percaktuara në rregullat e lojes;

13. **Prognoze sportive** (toto) eshte loje e fatit në të cilen pjesemarresi e qellon rezultatin e garave sportive për çdo cift vecanerisht, në pajtim me rregullat e lojes. Për prognozen e luajtur, pjesemarresi i lojes merr vertetim për pagese. Fitimi arrihet vetem kur pjesemarresi i ka qelluar të gjitha ose me rregullat e lojes numrin e percaktuar të rezultateve të garave, e me kusht që rezultatet e arritura të jene identike me rezultatet e prognozuar në vertetimin për pagese.

14. **Fonto** eshte loje e fatit në të cilen pjesemarresi me thirrje të tij, me permbushje edhe të kushteve tjera, nese jane parapare me rregullat e lojes, ndan numer të caktuar ose shenje tjeter unike ose pjesemarresi vete e zgjedhe. Pjesemarresi e realizon fitimin nese numri i ndare ose shenja tjeter unike eshte terhequr me terheqje publike në pajtim me rregullat e lojes;

15. **Lojera elektronike të fatit** jane lojerat e fatit tek të cilat terheqja behet nepermjet gjeneratorit të rastesise elektronik ose mekanik dhe rezultati transmetohet në menyre elektronike, me ç'rast fondi i fitimeve nuk duhet detyrimisht të caktohet më perpara;

16. **Video-lotari** eshte loje elektronike e fatit e cila luhet në terminale elektronike të video-lotarise (terminale-EVL), që jane të lidhura në rrjet të kontrolluar elektronik, me ç'rast rezultati i lojes (vendimi për fitim apo humbje) gjenerohet nepermjet gjeneratorit të rastesise elektronik ose mekanik (gjeneratorit të numrave të rastesishem), ekskluzivisht në një server qendror (nga ana e centralit të organizuesit të lojes së fatit);

17. **Bingo elektronike dhe keno elektronike** jane lojera të fatit tek të cilat pjesemarresi në lojen e fatit i merr vertetimet për pagese në forme elektronike në terminal ose automat dhe terheqja behet nga ana e centralit nepermjet gjeneratorit të rastesise elektronik ose mekanik. Rezultati në pajtim me rregullat e lojes në menyre elektronike transmetohet dhe paraqitet në terminalet;

18. **Lojera shperblyese** jane lojerat e fatit të cilat për shkak të reklamimit të prodhimeve dhe sherbimeve i organizon një shoqeri tregtare ose më shume shoqeri tregtare bashkerisht, në menyren e percaktuar nga ana e organizuesit të lojes së fatit (në menyre të zakonshme, në menyre elektronike, nepermjet celularit, internetit e të ngjashme),

me shpallje publike të kushteve për pjesemarrjen në loje, të percaktuara me rregullat e lojes, me ç'rast organizuesi i lojes së fatit detyrohet që fituesve të terhequr t'ua ndaje shperblimet në sende, para ose të drejta;

19. **Lojera interaktive të fatit** jane lojerat e fatit të cilat organizohen nepermjet mjeteve për komunikime elektronike, perkatesisht telekomunikimeve dhe që realizohen nepermjet pergjigjes së pyetjeve ose demonstrimit të njohurive ose shkathtesive, me kusht që pjesemarrja në loje të jete e kushtezuar me pagese (depozite) nga ana e pjesemarresit në loje, edhe atë nga taksat telefonike ose cfaredo forme tjeter e pageses (depozites) nga ana e pjesemarresit në loje;

20. **Lojera të vecanta të fatit** jane lojerat e fatit në të cilat pjesemarresit luajne njeri kunder tjetrit ose kunder organizuesit të lojes së fatit dhe kane mundesi që të realizojne fitim varesisht nga lartesia e depozites së vet dhe rregullat e lojes së fatit;

21. **Lojera të fatit në kazino** jane lojerat e fatit në të cilat pjesemarresit në lojerat e fatit luajne kunder kazinos ose njeri kunder tjetrit në pajtim me rregullat nderkombetare të tavolines për loje me toptha, zare dhe karta;

22. **Lojera të fatit në bastore** jane lojerat e fatit në të cilat pjesemarresi në pajtim me rregullat e lojes garon për rezultatet e ngjarjeve të ndryshme sportive dhe të ngjarjeve tjera:

- bast për rezultatet e garave sportive të vecanta ose në grup, garave të vrapimit dhe ngjashem,
- bast për gara në vallezim, kendim, gara muzikore dhe ngjashem dhe
- gara tjera;

23. **Lojera të fatit në klube me automate** jane lojerat që organizohen në automate, rulete dhe aparate tjera me rol të shumefishte dhe fitim ("multiplejer") dhe në sistemin e automateve që nenkupton lidhje të një numri më të madh të automateve për shkak të formimit të Xhek Potit unik me mundesi të njejta dhe të njekohshme të të gjithe pjesemarresve në loje;

24. **Automate për lojera të fatit me rol të dhe fitim shumefishte** ("multiplejer") jane aparate mekanike, elektronike apo aparate të ngjashme në të cilat pjesemarresit në lojerat e fatit me pagese të një shume të caktuar (zheton, monedha ose pagese të drejtperdrejte në arke, perkatesisht automat), kane mundesi për fitim dhe

25. **Lojera të fatit nepermjet internetit** jane lojerat e fatit në të cilat pjesemarresi në lojerat e fatit mund të merr pjese nepermjet rrjetit global të internetit (GIN-it).

Neni 3

(1) Për gjithcka që nuk parashihet me kete ligj zbatohet Ligji për procedure të pergjithshme administrative.

(2) Aktet juridike me të cilat vendoset në procedurat e percaktuara me kete ligj jane perfundimtare në proceduren administrative dhe kunder tyre mund të ngritet kontest administrativ para gjykates kompetente, në pajtim me Ligjin për konteste administrative.

(3) Procedura e kryerjes së mbikeqyrjes inspektuese zbatohet në pajtim me Ligjin për mbikeqyrje inspektuese, nese me kete ligj nuk eshte rregulluar ndryshe.

Neni 4

(1) Lojerat e fatit mund të jene lojera të pergjithshme të fatit, lojera të vecanta të fatit dhe lojera të fatit nepermjet internet.

(2) Lojera të pergjithshme të fatit jane:
1) lojerat e fatit të lotarise;
2) lojerat elektronike të fatit;
3) lojerat shperblyese dhe
4) lojerat interaktive të fatit.

(3) Lojera të vecanta të fatit jane:
1) lojerat e fatit në kazino;
2) lojerat e fatit në bastore dhe
3) lojerat e fatit në klube me automate.

(4) Lojera të fatit nepermjet internetit jane lojerat e vecanta dhe të pergjithshme të fatit nga paragrafet (2) dhe (3) të ketij neni, si dhe llojet tjera të lojerave të fatit në të cilat pjesemarresi mund të marre pjese nepermjet rrjetit global të internetit.

Neni 5

(1) Lojera të fatit të lotarise jane:
1) lotaria;
2) lotaria ekspres;
3) lotaria instant;
4) TV Tombola (TV Bingo),
5) loto;
6) keno;
7) prognoza sportive (toto);
8) fonto dhe
9) tombola e tipit të mbyllur.

(2) Lojera elektronike të fatit jane:
1) video-lotaria;
2) bingo elektronike dhe
3) keno elektronike.

Neni 6

Si loje e fatit nuk konsiderohet kuizi i cili realizohet nepermjet pergjigjes së pyetjeve ose demonstrimit të njohurive ose shkathtesive, me kusht që pjesemarrja në kuiz të mos jete e kushtezuar me pagese (depozite) nga ana e pjesemarresit në kuiz, edhe atë nga taksat telefonike në lartesi më të madhe se cmimi i rregullt i impulseve telefonike ose cfaredo forme tjeter të pageses (depozites) në llogari të pjesemarresit të kuizit.

II. ORGANIZIMI I LOJERAVE TË FATIT DHE LOJERAVE ARGETUESE

Neni 7

(1) Organizimi i lojerave të fatit dhe lojerave argetuese të percaktuara me kete ligj eshte e drejte e Republikes së Maqedonise, nese me kete ligj nuk eshte rregulluar ndryshe.

(2) Lojerat e fatit të lotarise dhe lojerat elektronike të fatit, pervec tomboles së tipit të mbyllur, Republika e Maqedonise në menyre të pavarur i organizon me themelimin e shoqerise tregtare për organizimin e lojerave të fatit, në të cilen Republika e Maqedonise eshte bashkepronar ose aksionar me së paku 51% të kryegjese themelore.

(3) Të drejten për organizimin e lojerave tjera të fatit dhe lojerave argetuese të percaktuara me kete ligj, duke e perfshire edhe tombolen e tipit të mbyllur, Republika e Maqedonise e bart me leshimin e licences, perkatesisht leje shoqerive tregtare, perkatesisht tregtarit individual, që i plotesojne kushtet e percaktuara me kete ligj.

(4) Licenca, perkatesisht leja nga paragrafi (3) i ketij neni nuk guxon t'i bartet shoqerise tjeter tregtare, perkatesisht tregtarit individual.

Neni 8

(1) Licenca i permban të drejtat dhe obligimet e organizuesit të lojerave të fatit.

(2) Licenca leshohet për periudhe kohore që për çdo loje të caktuar të fatit eshte percaktuar me kete ligj.

(3) Organizuesi i lojerave të fatit detyrohet që lojerat e fatit për të cilat ka marre licence t'i realizoje pa nderprerje gjate periudhes kohore për të cilen i eshte leshuar licenca.

(4) Me perjashtim nga paragrafi (3) i ketij neni, organizuesi i lojerave të fatit mund ta nderprese realizimin e lojes së fatit në rast të fuqise madhore ose defektit teknik (nderprerjes së rrymes etj.), edhe atë në periudhe të nevojshme për menjanimin e pasojave nga fuqia madhore, perkatesisht defekti teknik.

(5) Për nderprerjen nga paragrafi (4) i ketij neni, vendos Ministria e Financave, pas kerkeses së dorezuar dhe të arsyetuar nga ana e organizuesit të lojerave të fatit. Organizuesi i lojerave të fatit detyrohet që ta njoftoje Ministrine e Financave pa prolongim për pushimin e shkaqeve të nderprerjes.

(6) Në rast të nderprerjes së realizimit të lojes së fatit më gjate se periudha nga paragrafi (4) i ketij neni, Qeveria e Republikes së Maqedonise e heq licencen.

7) cmimi i shitjes nuk eshte cmimi perfundimtar i njesise së ndonje prodhimi apo sherbimi ose të sasise së dhene të prodhimit, në të cilen nuk eshte perfshire tatimi mbi vleren e shtuar dhe të gjitha taksat tjera publike (neni 8 paragrafi 2);

8) vepron në kundershtim me dispoziten nga neni 8 paragrafi 9 i ketij ligji;

9) nuk u permbahet cmimeve të vendosura të shitjes dhe kushteve të shitjes (neni 8 paragrafi 9);

10) prodhimin e shet në ambalazh që eshte i demshem për shendetin e njerezve, nuk eshte i pershtatur me formen dhe sasine e prodhimit dhe shkakton huti te konsumatori në lidhje me sasine dhe madhesine e prodhimit (neni 10 paragrafi 2);

11) për prodhimet në gjendje refuze nuk vendoset deklarate e dukshme qartesisht dhe e lexueshme në ambalazhin në të cilin prodhimi vendoset për shitje ose në vendin e shitjes (neni 11 paragrafi 3);

12) ofron falas ose bashke me ndonje prodhim tjeter qumesht artificial dhe ushqim tjeter të dedikuar për foshnja deri në moshen gjashte vjecare, shishe dhe biberone dhe biberone mashtrues (neni 17 paragrafi 2);

13) leshon në shitje prodhime të cilat nuk kane deklarata ose nese deklarata nuk i permban të gjitha të dhenat e percaktuara në nenin 23 paragrafet 1, 2, 3, 4 dhe 5 të ketij ligji;

14) leshon në qarkullim prodhime, perkatesisht jep sherbime që nuk i plotesojne kushtet nga nenet 32 dhe 33 të ketij ligji;

15) nuk e zevendeson prodhimin e blere ushqimor me mangesi me prodhim me cilesi perkatese ose konsumatorit nuk ia kthen shumen e paguar, nese mangesite jane percaktuar në afatin deri kur prodhimi mund të perdoret (neni 44);

16) nuk e njofton me shkrim konsumatorin për të drejten e tij që në menyre të njeanshme ta prishe marreveshjen me deklarate në momentin e lidhje së marreveshjes (neni 107 paragrafi 1) dhe

17) nuk prononcohet në afat prej 30 ditesh nga kundershtimi i parashtruar (neni 118 paragrafi 4).

Gjobe në shume prej 300 eurosh në kundervlere me denare do t'i shqiptohet edhe personit pergjegjes në personin juridik Për veprimet nga paragrafi 1 i ketij neni.

Gjobe në shume prej 400 eurosh në kundervlere me denare do t'i shqiptohet personit fizik për kundervajtjet nga paragrafi 1 i ketij neni.

Për kundervajtjet e percaktuara në kete nen, inspektori shteteror ose personi i autorizuar për kryerjen e mbikeqyrjes së drejtperdrejte detyrohet që t'i propozoje kryeresit të kundervajtjes procedure për barazim para se të parashtroje kerkese për procedure për kundervajtje para Komisionit për Kundervajtje të formuar në pajtim me Ligjin për Inspektoratin Shteteror të Tregut."

Neni 14

Neni 138 ndryshohet si vijon:

"Gjobe në shume prej 700 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet për kundervajtje aty për aty personit juridik, nese:

1) në menyre të qarte dhe në vend të dukshem në lokalin e shitjes nuk i vendos kushtet e veta të shitjes (neni 6 paragrafi 1);

2) në menyre të qarte, të dukshme të lexueshme dhe sigurt nuk e vendos cmimin e shitjes të prodhimeve dhe sherbimeve, perkatesisht në vendin e shitjes në të cilin jane ekspozuar prodhimet, të prodhimeve në gjendje refuze, të sherbimeve të cilat i jep dhe të pjeseve rezerve të cilat i shet (neni 8 paragrafi 1);

3) cmimi i prodhimit, perkatesisht I sherbimit nuk eshte shenuar në denare, pervec nese me ligj tjeter nuk eshte rregulluar ndryshe (neni 8 paragrafi 1 pika 3);

4) gjate shitjes së prodhimeve në gjendje refuze nuk e vendos vetem cmimin për njesine matese në vendin e shitjes së prodhimit (neni 8 paragrafi 5);

5) gjate vendosjes së të dhenave për neto peshen për prodhimet e paketuara paraprakisht nuk vendos cmim për njesi matese neto (neni 8 paragrafi 7);

6) shet prodhime të cilat kane mangesi ose gabim, kurse fizikisht nuk i ka vecuar nga prodhimet tjera dhe në menyre të qarte, të dukshme dhe të lexueshme nuk ka vendosur mbishkrim se behet fjale për shitje të prodhimit me mangesi ose gabim (neni 9);

7) prodhimin e shet në ambalazh joadekuat (neni 10 paragrafi 1);

8) në menyre të qarte dhe në vend të dukshem nuk e vendos cmimin e letres së vecante për mbeshtjellje dhe të zbukurimeve plotesuese, si dhe cmimin e atyre prodhimeve dhe sherbimit për mbeshtjellje (neni 10 paragrafi 3);

9) kryen shitje të prodhimeve në gjendje refuze të cilat nuk jane paraprakisht të paketuara, nuk i mate në prani të konsumatorit (neni 11 paragrafi 1);

10) shitjen e prodhimeve në gjendje refuze nuk i paketon në ambalazh adekuat (neni 11 paragrafi 2);

11) shenimet që udhezojne për shitje me lirim, perkatesisht ulje të cmimit, nuk kryhen sipas dispozitave nga neni 12 paragrafet 1 dhe 2 të ketij ligji;

12) fizikisht nuk i vecon prodhimet për shitje me lirim nga prodhimet të cilat nuk jane për shitje me lirim dhe në menyre të qarte dhe në vend të dukshem nuk vendos mbishkrim se behet fjale për shitje me lirim (neni 13 paragrafi 1);

13) gjate shitjes së prodhimeve me gabim nuk vendos mbishkrim me të cilin do të njoftohet konsumatori ku eshte gabimi i prodhimit (neni 12 paragrafi 2) dhe

14) prodhimet të cilat nuk jane për shitje me lirim për shkak të ndryshimit të afatit të perdorimit nuk i vecon në vend të vecante dhe në menyre të qarte dhe të dukshme nuk vendos njoftim për shkakun e uljes së cmimeve dhe afatin perfundimtar të perdorimit të prodhimit (neni 14).

Gjobe në shume prej 200 euro në kundervlere me denare aty për aty do t'i shqiptohet edhe personit pergjegjes në personin juridik, për veprimet nga paragrafi 1 i ketij neni.

Gjobe në shume prej 400 euro në kundervlere me denare do t'i shqiptohet personit fizik, për kundervajtjet nga paragrafi 1 i ketij neni.

Neni 15

Nenet 139, 140 dhe 141 shlyhen.

DISPOZITA KALIMTARE DHE TË FUNDIT

Neni 16

Nenet nga 31-zh, 31-z, 31-x, 31-i, 31-j, 31-k, 31-ll, 31-l, 31-m, 31-n, 31-nj dhe 31-e hyjne në fuqi në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Neni 17

Akti nga neni 31-z i ketij ligji do të miratohet në afat prej një viti nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Aktet nga neni 9 i ketij ligji do të miratohen në afat prej 15 ditesh nga dita e hyrjes në fuqi të ketij ligji.

Neni 18

Dispozitat e neneve 31-m dhe 31-n të ketij ligji do të zbatohen me fillimin e zbatimit të Ligjit për mbikeqyrje inspektuese.

Neni 19

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

593.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1059/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНДУСТРИСКАТА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за индустриската сопственост ("Службен весник на Република Македонија" број 21/2009), во членот 52 став (2) зборовите: "рок од шест месеца" се заменуваат со зборовите: "рок од дванаесет месеци".

Член 2

Во членот 121 став (2) зборовите: "301 став (5)" се заменуваат со зборовите: "297 став (5)".

Член 3

Членот 231 се менува и гласи:

„(1) Со заштитениот географски назив се одбележуваат природни производи, индустриски непрехранбени производи, занаетчиски производи и производи од домашна ракотворба.

(2) Со заштитениот географски назив се одбележуваат и земјоделски производи, прехранбени производи, индустриски прехранбени производи, кои не се опфатени со Законот за квалитет на земјоделски производи."

Член 4

Членот 318 се менува и гласи:

"(1) Доколку инспекторот утврди дека се повредени правата од индустриска сопственост привремено ќе ги одземе предметите со кои е извршен прекршокот и ќе издаде потврда за привремено одземените предмети во случај кога:

- неовластено се користи заштитен пронајдок,
- неовластено се користи или имитира заштитен индустриски дизајн,
- неовластено се користи или имитира заштитена трговска марка и
- неовластено се користи или имитира добро позната трговска марка.

(2) Доколку инспекторот утврди дека се повредени правата од индустриска сопственост од ставот (1) на овој член ќе донесе решение со кое ќе нареди да се повлечат од употреба опремата, средствата и документите со кои е сторен прекршокот и ќе определи рок за нивно повлекување.

(3) Доколку правното или физичкото лице не постапи по наредбата од ставот (2) на овој член, инспекторот ќе донесе решение за привремена забрана на вршење дејност во траење од 30 дена за правното лице, а за физичко лице од 15 дена, ќе ги запечати просториите во кои се врши дејноста, ќе ги одземе опремата, средствата и документите во врска со нив и ќе издаде потврда за привремено одземената опрема, средства и документи.

(4) Привремено одземените производи,опремата, средствата и документите од ставовите (1) и (3) на овој член, инспекторот е должен да му ги предаде на надлежниот суд."

Член 5

Во членот 321 став (1) износот "8.000" се заменува со износот "6.000".

Во ставот (1) точките 1, 2, 3, 4 и 5 се менуваат и гласат:

„1) неовластено се занимава со застапување на правни и физички лица (членови 22 и 279);

2) неовластено користи пријавен или заштитен пронајдок (член 291 став (2));

3) неовластено користи или имитира пријавен или заштитен индустриски дизајн (член 291 став (2));

4) неовластено користи или имитира пријавена или заштитена трговска марка (член 291 ставови (2) и (3)) и

5) неовластено користи или имитира добро позната трговска марка (член 291 ставови (2) и (3))."

Член 6

Во членот 322 став (1) точка 2 зборовите: "ставови (3) и (4)" се заменуваат со зборовите: "став (2)".

По ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) За прекршоците од ставовите (1), (2) и (3) на овој член инспекторот е должен на сторителот на прекршокот да му предложи постапка за порамнување согласно со Законот за прекршоците, пред да поднесе барање за поведување прекршочна постапка."

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PRONËSI INDUSTRIALE

Neni 1

Në Ligjin për ndryshimin dhe plotësimin e Ligjit për pronësi industriale ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 21/2009), në nenin 52 paragrafi (2) fjalët: "afat prej gjashtë muajsh", zëvendësohen me fjalët: "afat prej dymbëdhjetë muajsh".

Neni 2

Në nenin 121 paragrafi (2) fjalët: "301 paragrafi (5)", zëvendësohen me fjalët: "297 paragrafi (5)".

Neni 3

Neni 231 ndryshohet si vijon:

"(1) Me emrin e mbrojtur gjeografik shënohen prodhimet natyrore, prodhimet industriale joushqimore, prodhimet zejtare dhe prodhimet e artizanatit.

(2) Me emrin e mbrojtur gjeografik shënohen edhe prodhimet bujqësore, prodhimet ushqimore, prodhimet industriale ushqimore, që nuk janë përfshirë me Ligjin për kualitet të prodhimeve bujqësore."

Neni 4

Neni 318 ndryshohet si vijon:

"(1) Nëse inspektori përcakton se janë shkelur të drejtat e pronësisë industriale përkohësisht do t'i marrë sendet me të cilat është bërë kundërvajtja dhe do të japë vërtetim për sendet e marra përkohësisht në rastin kur:

- në mënyrë të paautorizuar shfrytëzohet shpikja e mbrojtur;
- në mënyrë të paautorizuar shfrytëzohet ose imitohet dizajni i mbrojtur industrial;
- në mënyrë të paautorizuar shfrytëzohet ose imitohet marka e mbrojtur tregtare dhe
- në mënyrë të paautorizuar shfrytëzohet ose imitohet marka e mirënjohur tregtare.

(2) Nëse inspektori përcakton se janë shkelur të drejtat e pronësisë industriale nga paragrafi (1) i këtij neni do të miratojë aktvendim me të cilin do të urdhërojë të tërhiqen nga përdorimi pajisjet, mjetet dhe dokumentet me të cilat është kryer kundërvajtja dhe do të përcaktojë afat për tërheqjen e tyre.

(3) Nëse personi juridik ose fizikë nuk vepron sipas urdhrit nga paragrafi (2) i këtij neni inspektori do të miratojë aktvendim për ndalimin e përkohshëm të kryerjes së veprimtarisë në kohëzgjatje prej 30 ditësh për personin juridik, ndërsa për personin fizik prej 15 ditësh, do t'i vulosë lokalet në të cilat kryhet veprimtaria, do t'i marrë pajisjet, mjetet dhe dokumentet në lidhje me to dhe do të japë vërtetim për pajisjet, mjetet dhe dokumentet e marra përkohësisht.

(4) Prodhimet, pajisjet, mjetet dhe dokumentet e marra përkohësisht nga paragrafët (1) dhe (3) të këtij neni, inspektori detyrohet që t'ia dorëzojë gjykatës kompetente."

Neni 5

Në nenin 321 në paragrafin (1) shuma "8 000" zëvendësohet me shumën "6 000".

Në paragrafin (1) pikat 1, 2, 3, 4 dhe 5 ndryshohen si vijojnë:

"1) në mënyrë të paautorizuar merret me përfaqësimin e personave juridikë dhe fizikë (nenet 22 dhe 279);

2) në mënyrë të paautorizuar shfrytëzon shpikje të paraqitur ose të mbrojtur (neni 291 paragrafi (2));

3) në mënyrë të paautorizuar shfrytëzon ose imiton dizajn të paraqitur ose të mbrojtur industrial (neni 291 paragrafi (2));

4) në mënyrë të paautorizuar shfrytëzon ose imiton markë të paraqitur ose të mbrojtur tregtare (neni 291 paragrafët (2) dhe (3)) dhe

5) në mënyrë të paautorizuar shfrytëzon ose imiton markë tregtare të mirënjohur (neni 291 paragrafët (2) dhe (3))."

Neni 6

Në nenin 322 paragrafi (1) pika 2 fjalët: "paragrafët (3) dhe (4))" zëvendësohen me fjalët: "paragrafi (2)".

Pas paragrafi t (3) shtohet paragrafi i ri (4), si vijon:

"(4) Për kundërvajtjet nga paragrafët (1), (2) dhe (3) të këtij neni, inspektori detyrohet që kryerësit të kundërvajtjes t'i propozojë procedurë për barazim në pajtim me Ligjin për kundërvajtje, para se të parashtrojë kërkesë për ngritje të procedurës kundërvajtëse."

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

594.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на производите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1060/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОИЗВОДИТЕ

Член 1

Во Законот за безбедност на производите („Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006 и 35/2007), по членот 37 се додава нов член 37-а, кој гласи:

„Член 37-а

(1) Доколку при вршењето на инспекцискиот надзор, државниот пазарен инспектор утврди дека е сторена неправилност од членот 43-а став (1) на овој закон државниот пазарен инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди сторената неправилност со укажување за отстранување на утврдената неправилност во рок од осум дена и со истовремено врачување на покана за спроведување на едукација на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор.

(2) Формата и содржината на поканата за едукација, како и начинот на спроведување на едукацијата ги пропишува министерот за економија.

(3) Едукацијата ја организира и спроведува Државниот пазарен инспекторат, односно органот кој го извршил инспекцискиот надзор, во рок не подолг од осум дена од денот на спроведувањето на инспекцискиот надзор.

(4) Едукацијата може да се спроведе за повеќе утврдени исти или истородни неправилности за еден или за повеќе субјекти.

(5) Доколку во закажаниот термин лицето или субјектот над кој се спроведува едукација не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.

(6) Доколку лицето или субјектот над кој се спроведува едукација се јави на закажаната едукација и истата ја заврши, ќе се смета дека е едуциран по однос на утврдената неправилност.

(7) Доколку државниот пазарен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира постапката на инспекцискиот надзор.

(8) Доколку Државниот пазарен инспектор при спроведување на контролниот надзор утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување прекршочна постапка пред Прекршочна комисија.

(9) Државниот пазарен инспекторат, односно органот кој го извршил инспекцискиот надзор и кој ја организирал и спровел едукацијата, води евиденција за спроведената едукација на начин пропишан од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на економијата.“

Член 2

Во членот 39 ставот (1) се менува и гласи:

„Против секоја мерка преземена од надлежниот инспекциски орган, може да се изјави жалба во рок од осум дена до комисија при надлежното министерство составена од три члена кои ги именува надлежниот министер.“

Член 3

Во членот 40 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Ако државниот пазарен инспектор, при вршењето на инспекцискиот надзор утврди дека субјектите од членот 40 на овој закон врши дејност без да е регистриран во соодветниот регистар ќе донесе решение за привремена забрана на вршење на дејноста во траење од 30 дена.”

Член 4

Во членот 43-а став (1) износот “1.000” се заменува со износот “700”.

Член 5

По членот 52 се додава нов член 52-а, кој гласи:

„Член 52-а

Подзаконските акти од членот 37-а на овој закон, министерот за економија ќе ги донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон .”

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURI TË PRODHIMEVE

Neni 1

Në Ligjin për siguri të prodhimeve ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 33/2006 dhe 35/2007), pas nenit 37 shtohet nen i ri 37-a, si vijon:

"Neni 37-a

(1) Nëse gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese inspektori shtetëror i tregut konstaton se është kryer parregullsi nga neni 43-a paragrafi (1) i këtij ligji, inspektori shtetëror i tregut detyrohet që të përpilojë procesverbal në të cilin do ta përcaktojë parregullsinë e kryer me sugjerim për mënjanimin e parregullsisë së konstatuar në afat prej tetë ditësh dhe me dorëzim të njëkohshëm të ftesës për realizimin e edukimit të personit ose subjektit ku është konstatuar parregullsia gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese.

(2) Formën dhe përmbajtjen e ftesës për edukim, si dhe mënyrën e realizimit të edukimit, i përcakton ministri i Ekonomisë.

(3) Edukimin e organizon dhe realizon Inspektorati Shtetëror i Tregut, përkatësisht organi që e ka kryer mbikëqyrjen inspektuese, në afat jo më të gjatë se tetë ditë nga dita e kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese.

(4) Edukimi mund të realizohet për më tepër parregullsi të konstatuara, të njëjta ose të njëllojta, për një ose më tepër subjekte.

(5) Nëse në terminin e caktuar personi ose subjekti për të cilin realizohet edukimi nuk paraqitet në edukim, do të konsiderohet se edukimi është realizuar.

(6) Nëse personi ose subjekti për të cilin realizohet edukimi paraqitet në edukimin e caktuar dhe e kryen të njëjtin, do të konsiderohet se është edukuar lidhur me parregullsinë e konstatuar.

(7) Nëse inspektori shtetëror i tregut gjatë kryerjes së mbikëqyrjes kontrolluese konstaton se janë mënjanuar parregullsitë e konstatuara nga paragrafi (1) i këtij neni, miraton konkluzion me të cilin e ndërpret procedurën e mbikëqyrjes inspektuese.

(8) Nëse inspektori shtetëror i tregut gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese konstaton se nuk janë mënjanuar parregullsitë e konstatuara nga paragrafi (1) i këtij neni, parashtron kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje para Komisionit për Kundërvajtje.

(9) Inspektorati Shtetëror i Tregut, përkatësisht organi që e ka kryer mbikëqyrjen inspektuese dhe që e ka organizuar dhe realizuar edukimin, mban evidencë për edukimin e realizuar në mënyrën e përcaktuar nga ministri i cili udhëheq me organin e administratës shtetërore, kompetent për kryerjen e punëve nga sfera e ekonomisë."

Neni 2

Në nenin 39 paragrafi (1) ndryshohet si vijon:

"Kundër çdo mase të ndërmarrë nga organi kompetent inspektues, mund të parashtrohet ankesë në afat prej tetë ditësh në komisionin e ministrisë kompetente, të përbërë prej tre anëtarëve të cilët i emëron ministri kompetent."

Neni 3

Në nenin 40 pas paragrafit (1) shtohet paragraf i ri (2), si vijon:

"(2) Nëse inspektori shtetëror i tregut, gjatë kryerjes së mbikëqyrjes inspektuese konstaton se subjekti nga neni 40 i këtij ligji kryen veprimtari pa u regjistruar në regjistrin përkatës, do të miratojë aktvendim për ndalimin e përkohshëm të kryerjes së veprimtarisë në kohëzgjatje prej 30 ditësh."

Neni 4

Në nenin 43-a paragrafi (1) shuma "1000" zëvendësohet me shumën "700".

Neni 5

Pas nenit 52 shtohet nen i ri 52-a, si vijon:

"Neni 52-a

Aktet nënligjore nga neni 37-a i këtij ligji, ministri i Ekonomisë do t'i miratojë në afat prej 15 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji."

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

595.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Се прогласува Законот за дополнување на Законот за пензиското и инвалидското осигурување,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1042/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за пензиското и инвалидското осигурување ("Службен весник на Република Македонија" број 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009, 156/2009, 83/10 и 156/10), по членот 18 се додава нов член 18-а, кој гласи:

„Член 18-а

На осигуреникот на кого ефективно поминати 12 месеци стаж на осигурување се сметаат како стаж на осигурување со зголемено траење на работни места и работи кои се изведуваат под земја и кој во текот на осигурувањето бил распореден на работи и работни места со различни степени на зголемување на стажот на осигурување, старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува зависно од степените на зголемувањето на стажот и тоа за по една година, на начин утврден со членот 18 точки 1, 2, 3, 4, 5 и 6 од овој закон."

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.

L I GJ
PËR PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR SIGURIM PENSIONAL DHE INVALIDOR

Neni 1

Në Ligjin për sigurim pensional dhe invalidor ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë", numër 80/93, 3/94, 14/95, 71/96, 32/97, 24/2000, 96/2000, 50/2001, 85/2003, 50/2004, 4/2005, 84/2005, 101/2005, 70/2006, 153/2007, 152/2008, 161/2008, 81/2009, 156/2009, 83/10 dhe 156/10), pas nenit 18 shtohet nen i ri 18-a, si vijon:

„Neni 18-a

Të siguruarit të cilit 12 muaj të kaluar stazhi efektiv të sigurimit, i llogariten si stazh i sigurimit me kohëzgjatje të zmadhuar në vende të punës dhe punë që kryhen nën tokë dhe që gjatë sigurimit ka qenë i sistematizuar në punë dhe vende të punës me shkallë të ndryshme të rritjes së stazhit të sigurimit, kufiri i pleqërisë për marrjen e të drejtës së pensionit të pleqërisë i zvogëlohet varësisht nga shkallët e rritjes së stazhit dhe atë për nga një vit, në mënyrën e përcaktuar me nenin 18 pikat 1, 2, 3, 4, 5 dhe 6 të këtij ligji."

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë", ndërsa do të zbatohet nga 1 janari 2012.

596.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија, издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1043/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОСНОВАЊЕ НА НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Член 1

Во Законот за основање на Национална агенција за европски образовни програми и мобилност („Службен весник на Република Македонија" број 113/2007), во членот 12 ставот 3 се менува и гласи:

„Управниот одбор го сочинуваат претседател и четири члена и тоа по двајца од Министерството за образование и наука и од Министерството за финансии и еден член од Агенцијата за млади и спорт."

Член 2

Во членот 13 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи:

„Претседателот на Управниот одбор треба да има познавање на програмите со кои менаџира Националната агенција."

Член 3

Во членот 14 алинејата 4 се менува и гласи:

„- не ги извршува обврските утврдени со закон и статут."

Член 4

Во членот 16 став 5 алинеја 4 зборовите: „со менаџирање со програмите на заедницата“ се бришат.

По алинејата 4 се додава нова алинеја 5, која гласи:

„- да ги познава програмите на заедницата со кои менаџира Националната агенција.“

Член 5

По членот 21 се додава нов член 21-а, кој гласи:

„Член 21-а

Вработените во Националната агенција се државни службеници, освен вработените кои вршат помошни и технички работи.

За вработените во Националната агенција кои вршат помошни и технички работи, во однос на правата и одговорностите од работен однос, се применуваат одредбите од Законот за работните односи, прописите од областа на здравственото, пензиското и инвалидското осигурување и колективен договор.“

Член 6

Актот за внатрешна организација и актот за систематизација на работните места во Националната агенција да се усогласат со овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR THEMELIM TË AGJENCISË NACIONALE PËR PROGRAME EVROPIANE ARSIMORE DHE MOBILITET

Neni 1

Në Ligjin për themelim të Agjencisë Nacionale për Programe Evropiane Arsimore dhe Mobilitet ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 113/2007 në nenin 12 paragrafi 3 ndryshohet si vijon:

"Këshillin Drejtues e përbëjnë kryetari dhe katër anëtarë si vijojnë: nga dy prej Ministrisë së Arsimit dhe Shkencës dhe Ministrisë së Financave dhe një anëtar nga Agjencia e Rinisë dhe Sportit. “

Neni 2

Në nenin 13 pas paragrafit 1 shtohet paragraf i ri 2, si vijon:

"Kryetari i Këshillit Drejtues duhet të ketë njohuri të programeve me të cilat menaxhon Agjencia Nacionale.“

Neni 3

Në neni 14 paragrafi 4 ndryshohet si vijon:

"-nuk i kryen detyrat e përcaktuara me ligj dhe statut."

Neni 4

Në nenin 16 paragrafi 5 alineja 4 fjalët: "me menaxhim me programet e bashkësisë" shlyhen.

Pas alinesë 4 shtohet alineja e re 5, si vijon:

'“-t’i njohë programet e bashkësisë me të cilat menaxhon Agjencia Nacionale."

Neni 5

Pas nenit 21 shtohet nen i ri 21 -a, si vijon:

"Neni 21-a

Të punësuarit në Agjencinë Nacionale janë nëpunës shtetërorë, përveç të punësuarve që kryejnë punë ndihmëse dhe teknike.

Për të punësuarit në Agjencinë Nacionale që kryejnë punë ndihmëse dhe teknike lidhur me të drejtat dhe përgjegjësitë nga marrëdhënia e punës, zbatohen dispozitat e Ligjit për marrëdhënie pune, dispozitat nga sfera e, sigurimit shëndetësor, pensional dhe invalidor dhe marrëveshja kolektive."

Neni 6

Akti i organizimit të brendshëm dhe akti i sistematizimit të vendeve të punës në Agjencinë Nacionale, të harmonizohen me këtë ligj në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 7

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

597.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ ОВЛАСТУВАЊА ОД СТРАНА НА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА ВО ПОГЛЕД ВНЕСУВАЊЕ И РАСТУРАЊЕ СТРАНСКИ СРЕДСТВА ЗА МАСОВНО КОМУНИЦИРАЊЕ И ЗА СТРАНСКАТА ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

Се прогласува Законот за престанување на важење на Законот за вршење овластувања од страна на републичките органи на управата во поглед внесување и растурање странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1044/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ВРШЕЊЕ ОВЛАСТУВАЊА ОД СТРАНА НА РЕПУБЛИЧКИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА ВО ПОГЛЕД ВНЕСУВАЊЕ И РАСТУРАЊЕ СТРАНСКИ СРЕДСТВА ЗА МАСОВНО КОМУНИЦИРАЊЕ И ЗА СТРАНСКАТА ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

Член 1

Со овој закон престанува да важи Законот за вршење овластувања од страна на републичките органи на управата во поглед внесување и растурање странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен весник на СРМ“ број 25/79).

Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PËR SHFUQIZIMIN E LIGJIT PËR KRYERJEN E AUTORIZIMEVE NGA ORGANET REPUBLIKANE TË ADMINISTRATËS LIDHUR ME FUTJEN DHE SHPËRNDARJEN E MJETEVE TË HUAJA PËR KOMUNIKIM MASIV DHE PËR VEPRIMTARINË E HUAJ INFORMATIVE NË JUGOSLLAVI

Neni 1

Me këtë ligj shfuqizohet Ligji për kryerjen e autorizimeve nga organet republikane të administratës lidhur me futjen dhe shpërndarjen e mjeteve të huaja për komunikim masiv dhe për veprimtarinë e huaj informative në Jugosllavi ("Gazeta Zyrtare e RSM-së" numër 25/1979).

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

598.

Врз основа на член 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за шумите,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1046/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Член 1

Во Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" број 64/2009), во членот 5 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Во постапката во вршење на инспекциски надзор ќе се применуваат одредбите од Законот за инспекцискиот надзор и Законот за шумарска и ловна инспекција, доколку со овој закон поинаку не е уредено."

Член 2

Во членот 12 по точката 31 се додава нова точка 31-а, која гласи:

„31-а. **Трајна пренамена на шумско земјиште** е пренамена на шумско земјиште за периодот во кој се вршат работите предвидени во членот 14 на овој закон;".

Точката 41 се менува и гласи:

"**Шумски производи** се сите производи од дрво во шума и на шумско земјиште, вклучувајќи шумски дрвја и грмушки и сите нивни делови, и тоа: биомаса на целата шумска вегетација, репродуктивните органи на сите дрвенести, грмушести и зелјести растенија (цвет, плод, семе), иглици и листови, гранчиња, кора и корења;".

По точката 41 се додава нова точка 41-а, која гласи:

"41-а. **Други шумски производи** се производи од биолошко и минерално потекло во шума и на шумско земјиште, и тоа: мов и лишаи, папрат, треви, цвеќе, лековити ароматични, јадливи и индустриски растенија, други растенија и нивни делови (корења, кора, листови, плодови, патолошки израстоци, полупаразитски и паразитски растенија), габи, смола, шишарки, сокови од растенијата, листинец, трева за сено од шумски ливади и голини, дивеч и други диви животни кои живеат во шума, тресет и хумус, песок и камен;".

Член 3

Членот 14 се менува и гласи:

"(1) По исклучок од одредбите на членот 13 став (1) алинеи 1 и 2 од овој закон, копачење на шуми и трајна пренамена на шумско земјиште може да се врши:

1) кога тоа е утврдено со посебните планови и програми за стопанисување со шумите;

2) заради спроведување на документи за просторно и урбанистичко планирање и тоа Просторен план на Република Македонија, просторен план за регион и просторен план за подрачје од посебен интерес за Република Македонија согласно со закон;

3) заради изградба на објекти за заштита на луѓе и материјални добра од елементарни непогоди и одбрана на земјата;

4) во постапка на комасација и арондација на шуми и шумско земјиште;

5) за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон и

6) за вршење на работи од јавен интерес утврден со закон.

(2) При зафаќање на шуми и шумско земјиште субјектите кои ги градат објектите од ставот (1) точки 5 и 6 на овој член се должни да прибават согласност за трајна пренамена на шуми и шумско земјиште од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(3) До започнување на вршење на планираните активности за изградба на објекти од ставот (1) точки 5 и 6 на овој член, со шумите и шумското земјиште за кои е дадено согласност за трајна пренамена, стопанисува дотогашниот корисник на шумата и шумското земјиште согласно со овој закон.

(4) Трајна пренамена на шуми и шумско земјиште за вршење на работите од ставот (1) точки 5 и 6 на овој член може да се врши:

- на голини во шума и
- на неочувани нискостеблени шуми, деградирани шуми и шикари."

Член 4

По членот 14 се додава нов член 14-а, кој гласи:

„Член 14-а

Постапка за трајна пренамена

(1) За изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон и за вршење на работи од јавен интерес утврден со закон, инвеститорот е должен да поднесе барање за добивање на согласност за трајна пренамена од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Кон барањето за добивање на согласност за трајна пренамена од ставот (1) на овој член, инвеститорот поднесува:

- техничка документација за градбата (комплетен основен проект, посебен елаборат и фази на проектот),
- документ за регистрација за вршење на дејност од јавен интерес и
- опис на бараната локација со нумерички податоци и површина.

(3) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството одлучува по барањето за согласноста од ставот (1) на овој член во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето.“

Член 5

Членот 15 се менува и гласи:

“(1) За трајна пренамена на шуми и шумско земјиште од членот 14 став (1) точки 5 и 6 на овој закон се плаќа надоместок во висина од вредноста за пошумување на површината колку што изнесува површината на која е предвидена градба на објект, дрвната маса, изгубениот прираст и општокорисните функции.

(2) Без платен надоместок од ставот (1) на овој член не може да се издаде одобрение за градење.

(3) После завршувањето на вршењето на работите од јавен интерес инвеститорот е должен веднаш да му плати на корисникот на шумата надоместок за пошумување во обем за десет пати поголема површина од површината која била предмет на пренамената, во согласност со пропишаните стандарди и норми за пошумување, вклучувајќи ја и самата површина на која се изведувале работите од јавен интерес, а извршената работа да биде констатирана со записник од Државниот инспекторат за шумарство и ловство.“

Член 6

Во членот 25 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) Податоците од спроведената национална инвентаризација органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството ги собира, евидентира и води во единствена база на податоци.“

Ставот (2) станува став (3).

Член 7

Во членот 29 ставот (11) се менува и гласи:

“Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството донесува поблизок пропис за:

- содржината на посебните планови за стопанисување со шумите со стопанска намена и заштитна намена, како и начинот на нивната изработка, донесување и одобрување,
- содржината на посебните планови за одгледување и заштита на шумите во заштитените подрачја, начинот на нивната изработка, донесување и одобрување,
- содржината на посебниот план за стопанисување со шумите во приватна сопственост над 100 ха, начинот на нивната изработка, донесување и одобрување и
- критериумите од ставот (9) на овој член за стопанисување со шумите во приватна сопственост за кои не се изработува посебен план или програма.“

Член 8

Во членот 52 ставот (3) се брише.

Ставовите (4), (5), (6), (7) стануваат ставови (3), (4), (5) и (6).

Член 9

Во членот 67 став (2) зборовите: “членот 96“ се заменуваат со зборовите: “членот 97“.

По ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:

„(9) Жалба против актот за издавање на одобрение за сеча, сопственикот на шумата може да поднесе до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.“

Ставот (9) станува став (10).

Член 10

Во членот 68 алинеја 3 по зборот “видно“ се додаваат зборовите: “и трајно“.

Член 11

Во членот 87 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

„(2) Стручните работи во шумарството Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Македонски шуми“ и субјектите кои управуваат со шумите и шумското земјиште во заштитените подрачја ги вршат без лиценца.“

Ставот (2) станува став (3).

Член 12

Во членот 97 по ставот (1) се додава нов став (2), кој гласи:

“(2) Лиценци за извршување на стручни работи во шумарството се издаваат за следниве работи:

- изготвување на плански документи од членот 28 на овој закон,
- изготвување на проектна документација за изградба и одржување на шумски патишта,
- извршување на работи за собирање и доработка на шумско семе и производство на шумски и декоративен саден материјал,
- извршување на работи кои се однесуваат на заштита на шумите од биотски и абиотски фактори,
- извршување на работи кои се однесуваат на одгледување на шумите и ознака за сеча и
- извршување на работи кои се однесуваат на користење на други шумски производи.“

Во ставот (2) кој станува став (3) по зборот "шумарството" точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: "и да има вработено најмалку едно лице со високо образование од шумарска насока и со најмалку две години работно искуство во областа на шумарството.“

Ставот (3) станува став (4).

Ставовите (4), (5), (6), (7), (8), (9), (10), (11) и (12) се бришат.

Член 13

По членот 97 се додаваат два нови наслова и два нови члена 97-а и 97-б, кои гласат:

„Начин на издавање на лиценца

Член 97-а

(1) Лиценца за вршење на стручни работи во шумарството се издава врз основа на поднесено барање до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Кон барањето од ставот (1) на овој член правното лице поднесува:

- документ дека е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија за изведување стручни работи од областа на шумарството,
- податоци за минималниот број на вработени со лиценца,
- документ за поседување на опрема потребна за изведување на стручни работи од областа за која се бара лиценцата и
- потврда за платен надоместок за барање на лиценца.

(3) Кон барањето од ставот (1) на овој член физичкото лице поднесува:

- документ дека е регистриран во Централниот регистар на Република Македонија за изведување стручни работи од областа на шумарството,
- документ за стручна оспособеност (успешно завршена обука) и за времето поминато во оспособувањето,
- копија од лична карта,
- уверение за завршено соодветно образование и
- потврда за платен надоместок за барањето за лиценца.

(4) Постапката за издавање на лиценци од членот 97 на овој закон ја спроведува Комисија за издавање на лиценци (во натамошниот текст: Комисијата) која ја формира министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(5) Комисијата се состои од пет члена и секретар.

(6) Членови на Комисијата се докажани шумарски стручњаци во одделни области во шумарската практика со најмалку пет години практично работно искуство и најмалку високо образование од областа на шумарството - шумарска насока.

(7) По доставеното барање и приложените документи Комисијата ја проверува комплетноста на барањето и доставената документација и доколку истото е комплетно во рок од 30 дена од денот на доставувањето изготвува предлог за издавање на лиценца.

(8) Доколку Комисијата утврди дека барањето за издавање на лиценца е некомплетно, за тоа писмено го известува барателот, кој во рок од седум дена од денот на добивањето на известувањето треба да го комплетира барањето, а во спротивно барањето се одбива.

(9) Комисијата за својата работа има право на паричен надоместок чија висина треба да е во рамките на реално направените трошоци потребни за работа на Комисијата.

(10) Висината на надоместокот за работа во Комисијата ја пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Издавање, промена и одземање на лиценцата

Член 97-б

(1) Врз основа на предлогот на Комисијата, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството донесува решение за издавање на лиценца, односно решение врз основа на кое барањето се одбива.

(2) Против решението со кое се одбива барањето за издавање на лиценца може да се изјави жалба во рок од осум дена до Владата на Република Македонија - Комисија за решавање на управна постапка во втор степен од областа на земјоделството, шумарството, водостопанството и ветеринарството и во спроведување на постапката за доделување на концесии од оваа област.

(3) За добивање на лиценцата од членот 97 став (1) на овој закон правните и физичките лица плаќаат надоместок.

(4) Висината на надоместокот од ставот (3) на овој член ја утврдува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарсвтото, врз основа на реално направените трошоци за нејзиното издавање во поглед на изготвување на потребниот материјал, печатење, копирање и за работењето на Комисијата.

(5) За издадените и одземените лиценци органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството, води Регистар на лиценци за вршење на стручни работи во шумарството.

(6) Лиценците од членот 97 став (1) на овој закон не смеат да се пренесуваат на друго правно и физичко лице.

(7) Лиценцата се издава трајно.

(8) Правното и физичкото лице кои имаат лиценца се должни за секоја промена да го известат органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството во рок од 30 дена од денот на настанатата промена.

(9) Лиценцата се одзема доколку се утврди дека правното или физичкото лице:

- се откаже од правото на вршење на стручни работи од областа на шумарството,
- трајно ја загуби способноста за вршење на стручни работи од областа на шумарството,
- биде лишен од деловна способност за вршење на стручни работи од областа на шумарството,
- правосилно е осуден за кривично дело безусловна казна затвор од најмалку шест месеци или ако му е изречена мерка на безбедност забрана на вршење на стручни работи од областа на шумарството и
- за секоја настаната промена не достави известување.

(10) Правното или физичкото лице на кое му е одземена лиценцата нема право во рок од пет година да поднесе барање за издавање на нова лиценца.

(11) Формата, содржината и начинот на водење на барањето за издавање на лиценцата, формата и содржината на образецот на лиценцата и формата, содржината и начинот на водење на Регистарот од ставот (5) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.“

Член 14

Во членот 100 став (1) точка 2 по зборот "шумите" се додаваат зборовите: "плановите за одгледување и заштита на шумите во заштитени подрачја".

По точката 2 се додава нова точка 3, која гласи:

"3) врши увид во работењето и документацијата на правното или физичкото лице кое има лиценца за изведување на стручните работи од областа на шумарството;“.

Точките 3, 4, 5, 6, 7 и 8 стануваат точки 4, 5, 6 ,7, 8 и 9.

Ставот (2) се менува и гласи:

"За мерките од ставот (1) на овој член со исклучок на точката 7 од ставот (1) на овој член шумарскиот инспектор е должен да состави записник во кој ќе ја утврди направената неправилност и за истата донесува решение за укажување за отстранување на утврдената неправилност на лицето или субјектот каде што е утврдена неправилноста при вршењето на инспекцискиот надзор."

По ставот (2) се додаваат два нови ставови (3) и (4) кои гласат:

"(3) Доколку државниот инспектор при спроведување на контролата и надзорот утврди дека се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, донесува заклучок со кој ја запира покренатата постапка.

(4) Доколку државниот инспектор при спроведување на контролата и надзорот утврди дека не се отстранети утврдените неправилности од ставот (1) на овој член, поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред надлежниот орган."

Во ставот (3) кој станува став (5) по зборот "шумите" се додаваат зборовите: "и субјектите кои ги спроведуваат плановите за одгледување и заштита на шумите во заштитените подрачја."

Ставот (4) станува став (6).

Ставот (5) кој станува став (7) се менува и гласи:

"(7) Жалбата против решението од ставот (2) на овој член може да се изјави до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

Ставот (6) станува став (8).

Член 15

Одредбата од членот 100 став (7) од Законот за шумите ќе започне да се применува со започнување на примената на Законот за инспекцискиот надзор .

Член 16

Во членот 101 став (1) по точката 3 се додава нова точка 4, која гласи:

„4) не го пошуми земјиштето (член 15 став 3));

Точките 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23 и 24 стануваат точки 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24 и 25.

Во точката 25 која станува точка 26 пред зборовите: "не овозможи" се додаваат зборовите: "не постапува по донесеното решение".

Член 17

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PYJE

Neni 1

18) nuk i ruan certifikatat shendetesore ose dokumentet të cilat i shoqerojne kafshet në periudhe prej tre vitesh dhe të njejtat nuk i jep në shikim me kerkese të organit kompetent (neni 76 paragrafi (3));

19) e kryen transportin e kafsheve, prodhimeve dhe nusprodhimeve me prejardhje shtazore pa leje paraprake nga neni 77 i ketij ligji;

20) e kryen importin e kafsheve, prodhimeve dhe nusprodhimeve me prejardhje shtazore në vendin inspektues të veterinarise në piken kufitare që nuk eshte percaktuar për import (neni 82 paragrafi (1) dhe (4));

21) nuk e njofton me shkrim në kohe inspeksionin e veterinarise në piken kufitare gjate kohes në të cilen pritet të arrijne kafshet, prodhimet dhe nusprodhimet shtazore, 24 orë më perpara (neni 84);

22) nuk e mbaron transitin e dergesave nepermjet territorit të Republikes së Maqedonise në afat prej 30 ditesh nga hyrja e dergeses në shtet (neni 88 paragrafi (5));

23) kryen rieksportim pa e njoftuar inspeksionin e veterinarise në piken kufitare për mbarimin e rieksportit të pritur dhe nuk i dorezon dokumentet 24 orë më perpara (neni 89 paragrafi (2)) dhe

24) Percaktimin e diagnozes, percaktimin dhe perdorimin e preparateve mjekesore, mjekimin, intervenimet kirurgjike, të lindjes e të tjera te kafshet, kontrollet shendetesore veterinare, i kryen doktori i mjekesise veterinare pa licence për pune, në kundershtim me nenin 36 paragrafi (2).

(2) Gjobe në shume prej 1 000 eurosh në kundervlere me denare do t'i shqiptohet personit pergjegjes në personin juridik për kundervajtjen nga paragrafi (1) I ketij neni edhe nese nuk i vë kafshet e semura ose të dyshimta në izolim (neni 50 paragrafi (3)).

(3) Për kundervajtje nga paragrafi (1) i ketij neni, pervec gjobes, personit juridik do t'i shqiptohet mase e vecante për kundervajtje marrje të kafsheve, prodhimeve dhe lendeve të para dhe do t'i shqiptohet sanksion për kundervajtje ndalim i ushtrimit të veprimtarise prej së paku tre deri në më së shumti 30 dite.

(4) Për kundervajtje nga paragrafi (1) i ketij neni, pervec gjobes, personit pergjegjes në personin juridk do t'i shqiptohet mase e vecante për kundervajtje, marrje e kafsheve, prodhimeve dhe lenderve të para dhe do t'i shqiptohet sanskion për kundervajtje ndalim i ushtrimit të profesionit ose detyres në kohezgjatje së paku prej tre deri në më së shumti 15 dite."

Neni 48

Pas nenit 111 shtohet nen i ri 111-a, si vijon:

"Neni 111-a

Kundervajtje për personin juridik

(1) Gjobe në shume prej 5 000 eurosh në kundervlere me denare do t'i shqiptohet personit juridik për kundervajtje, nese:

1) laboratori veterinar jep rezultate të pasakta, joautentike dhe të pakompletuara nga laboratori diagnostik (neni 12 paragrafi (1)).

2) laboratori veterinar punon pa leje nga organi kompetent dhe nuk i ploteson kushtet nga neni 12 të ketij ligji;

3) nuk siguron percjellje sistematike të statusit shendetesor të kafsheve për pllenim, fare për mbarsje artificiale, qeliza veze dhe embrione në pajtim me nenin 28 paragrafi (3) i ketij ligji;

4) kryen qarkullim të fares për mbarsje artificiale, ndersa nuk i ploteson kushtet nga neni 30 të ketij ligji;

5) tekniket veterinare punojne në kundershtim me nenin 36 paragrafi (5) i ketij ligji;

6) refuzon të jape ndihme të nevojshme veterinare mjekesore në raste urgjente, ose e nderpret trajtimin mjekesor të kafsheve të semura dhe nuk siguron sasi të nevojshme të ushqimit dhe ujit për kafshet në spitale (neni 43 paragrafi (2));

7) realizon aktivitete të veprimtarise veterinare të kafsheve që nuk jane në pronesi të personit juridik dhe fizik i cili i formon (neni 44 paragrafi (3));

8) nuk paraqet kafshe të semure, perkatesisht të dyshimte te organi kompetent ose nepermjet ambulancave të veterinarise, klinikave ose spitaleve që kane vendim për autorizim për ushtrimin e veprimtarise me interes publik (neni 50 paragrafet (1) dhe (2));

9) nuk i vendos kafshet e semura ose të dyshimta në izolim (neni 50 paragrafi (3));

10) pas marrjes së rezultateve nga analizat, Laboratori referues nacional që punon sipas marreveshjes nuk ka njoftuar për rezultatet nga analiza ose ka leshuar rezultate joautentike nga analiza (neni 51 paragrafi (4));

11) nuk i respekton ose refuzon t'i zbatoje masat e shqiptuara të mbikeqyrjes zyrtare (neni 54 paragrafi (2));

12) nuk respekton ose refuzon të zbatoje masa mbrojtese (neni 55);

13) nuk i respekton ose refuzon të zbatoje masa plotesuese (neni 56);

14) e refuzon ose pamundeson zbatimin e masave për mbrojtjen e kafsheve nga semundje të caktuara infektuese të percaktuara me urdhrin vjetor për mbrojtje shendetesore të kafsheve (neni 57 paragrafi (1));

15) e refuzon ose pamundeson zbatimin e masave të percaktuara me programe shumevjecare për mposhtjen dhe crrenjosjen e semundjeve të caktuara me rendesi të vecante për Republiken e Maqedonise (neni 57 paragrafi (2));

16) leshon në qarkullim kafshe të gjalla që nuk i plotesojne kushtet nga ky ligj (neni 58 paragrafi (1));

17) leshon në qarkullim kafshe të gjalla që jane lende e programit nacional për crrenjosjen e semundjeve (neni 58 paragrafi (3));

18) i shkel rregullat nga sfera e shendetesise veterinare edhe nese ceritifikatat, dokumentet ose shenjat identifikuese nuk korrespondojne me statusin e kafsheve ose vendeve të prejardhjes për rritje (neni 59 paragrafi (3));

19) lejon hyrje në treg ose qender për grumbullim, të kafsheve që nuk i plotesojne kushtet nga neni 58 paragrafi (1) i ketij ligji (neni 60 paragrafi (1) pika 3 alineja 1);

20) lejon therrje të kafsheve që nuk i plotesojne kushtet nga nenet 50 paragrafi (1) dhe 58 paragrafi (1) pikat 3 dhe 4 të ketij ligji (neni 60 paragrafi (1) pika 3 alineja 2);

21) nuk kryen kontroll para se dergesa të ndahet ose të leshohet në qarkullim, se shenjat identifikuese, certifikatat shendetesore ose dokumentet e shoqerojne dergesen (neni 60 paragrafi (1) pika 3 alineja 5);

22) fut në zonat e lira kafshe që i pranojne semundjet të cilat rrjedhin nga vendet për rritje që nuk kane status të barabarte shendetesor dhe prodhime të tyre (neni 65 paragrafi (3));

23) konstatohet se i shkel rregullat nga sfera e shendetesise veterinare dhe kur konstatohet se certifikatat, dokumentet ose shenjat identifikuese nuk korrespondojne me gjendjen faktike të prodhimeve ose se shenja identifikuese eshte vendosur në prodhime që nuk jane në pajtim me ato rregulla sipas nenit 67 paragrafi (2) i keti ligji;

24) objektet për prodhimin ose perpunimin e ushqimit nuk jane lejuar nga organi kompetent dhe nuk i plotesojne kushtet për lejim (neni 71 paragrafi (1));

25) kryen tregti me kafshe pa u lejuar nga organi kompetent dhe nuk i ploteson kushtet për lejim (neni 72 paragrafet (1) dhe (2));

26) qendrat për grumbullim nuk lejohen nga organi kompetent dhe nuk i plotesojne kushtet për lejim (neni 73 paragrafi (1));

27) kryen transport pa u lejuar nga organi kompetent dhe nuk i ploteson kushtet për lejim (neni 74 paragrafi (1));

28) nuk eshte i regjistruar nga organi kompetent për kryejen e importit dhe/ose rieksportit të kafsheve, prodhimeve, nusprodhimeve me prejardhje shtazore dhe sevdeve nepermjet të cilave mund të barten semundje infektuese nga disa kategori të caktuara për qellime komerciale (importues dhe transportues) dhe nuk ka leje për mjetet e transportit të kafsheve të leshuar nga organi kompetent ku eshte regjistruar veprimtaria e tyre dhe nuk i plotesojne kushtet e percaktuara (neni 76 paragrafi (1));

29) nuk i ploteson kushtet për karantine për kafshet e importuara (neni 80);

30) nuk e respekton aktvendimin e veterinarit oficiel në piken kufitare (neni 86 paragrafi (2));

31) nuk vepron në pajtim me dispozitat e nenit 87 paragrafi (1) i ketij ligji dhe

32) nuk i siguron ose refuzon të jape informata të nevojshme për kryerjen e inspeksionit në baze të ketij ligji dhe ligjit tjeter nga sfera e shendetesise veterinare (neni 101 paragrafi (2)).

(2) Gjobe në shume prej 2 500 eurosh në kundervlere me denare, personit pergjegjes në personin juridik do t'i shqiptohet për kundervajtje nga paragrafi (1) i keti neni.

(3) Për kundervajtje nga paragrafi (1) i ketij neni, pervec gjobes personit juridik do t'i shiptohet mase e vecante për kundervajtje marrje e kafsheve, prodhimeve dhe lendeve të para dhe do t'i shqiptohet sanksion për kundervajtje ndalim i ushtrimit të veprimtarise në kohezgjatje prej së paku tre deri në më së shumti 30 dite.

(4) Për kundervajtje nga paragrafi (1) i ketij neni pervec gjobes, personit pergjegjes në personin juridik do t'i shqiptohet mase e vecante për kundervajtje marrje e kafsheve, prodhimeve dhe lendeve të para dhe do t'i shqiptohet sanksion për kundervajtje ndalim i ushtrimit të profesionit ose detyres së tij në kohezgjatje prej së paku tri deri në më së shumti 15 dite."

Neni 49

Aktet nenligjore të parapara me kete ligj, do të miratohen në afat prej dy vitesh nga hyrja në fuqi e ketij ligji.

Aktet nenligjore të parapare me nenin 105-a të ketij ligji, do të miratohen në afat prej 30 ditesh nga hyrja në fuqi e ketij ligji.

Neni 50

Neni 115 shlyhet.

Neni 51

Ky ligj hyn në fuqi në diten e tete nga dita e botimit në "Gazeten Zyrtare të Republikes së Maqedonise".

600.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН УСЛОВ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВНА ФУНКЦИЈА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за определување дополнителен услов за вршење на јавна функција,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1050/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Горге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ДОПОЛНИТЕЛЕН УСЛОВ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЈАВНА ФУНКЦИЈА

Член 1

Во Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција ("Службен весник на Република Македонија" број 14/2008 и 64/2009), во членот 1 по зборовите: „носител на јавна функција" се додаваат зборовите: „како и лицето кое било носител на јавна функција, а кое не е починато", во заградата по зборовите: „носител на јавна функција" се додаваат зборовите: „како и лицето кое било носител на јавна функција", а по зборовите: „се уредува постапката за верификација" се додаваат зборовите: „и проверка".

Член 2

Во членот 2 став (1) по зборовите: "носител на јавна функција" се додаваат зборовите: "како и лицето кое било носител на јавна функција, а кое не е починато", а зборовите: "во периодот од" се заменуваат со зборовите: "од периодот на".

Во ставот (2) зборовите: „за периодот" се заменуваат со зборовите: "од периодот", а точката на крајот на реченицата се брише и се додаваат зборовите: „и кога со проверка на факти по службена должност ќе утврди дека лицата опфатени со овој закон од периодот од ставот (1) на овој член го исполнуваат дополнителниот услов за вршење на јавна функција".

По ставот (2) се додаваат два нови става (3) и (4), кои гласат:

„(3) Комисијата донесува решение со кое ја верифицира писмената изјава.

(4) Комисијата донесува решение и кога со проверка на факти по службена должност ќе утврди дека лицата опфатени со овој закон го исполнуваат дополнителниот услов за вршење на јавна функција."

Член 3

Во членот 3 став (1) зборовите: "во периодот" се заменуваат со зборовите: "од периодот".

Во ставот (2) зборовите: "за периодот" се заменуваат со зборовите: "од периодот".

Член 4

Во членот 4 ставови (1) и (3) зборовите: "Сектор за безбедност и контраразузнавање" се заменуваат со зборовите: "Сектор за безбедност и разузнавање".

Во ставот (3) зборовите: "во периодот од" се заменуваат со зборовите: "од периодот на".

Член 5

По членот 4 се додава нов член 4-а, кој гласи:

„Член 4-а

(1) Органите од членот 4 ставови (1) и (2) на овој закон се должни до Комисијата да ги достават баранite податоци, во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето од Комисијата.

(2) Ако органите од членот 4 ставови (1) и (2) на овој закон, не постапат во рокот од ставот (1) на овој член, Комисијата е должна веднаш, а најдоцна во рок од три дена, да го извести органот надлежен за избор и именување на одговорното лице на органите од членот 4 ставови (1) и (2) на овој закон.

(3) Ако органите од членот 4 ставови (1) и (2) на овој закон не постапат по барањето на податоци од Комисијата и по истекот на 30 дена од денот на доставувањето на известувањето на Комисијата до органот надлежен за избор и именување на одговорното лице на органите од членот 4 ставови (1) и (2) на овој закон, Комисијата е должна веднаш, а најдоцна во рок од три дена, да го извести Собранието на Република Македонија."

Член 6

Во членот 5 точка 7 по зборовите: "Управен суд" се става запирка и се додаваат зборовите: "Виш управен суд".

Во точката 29 по зборот "други" се додаваат зборовите: "организации и", а по зборот "карактер" се додаваат зборовите: "регистрирани согласно со закон".

Член 7

Во членот 6 ставови (1) и (2) зборовите: „во периодот" се заменуваат со зборовите: „од периодот".

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Лицето од членот 5 на овој закон, кое било носител на јавна функција, а кое не е починато, е должно да поднесе писмена изјава заверена кај нотар до Комисијата со која изјавува дека не соработувал со органите на Државната безбедност од периодот определен со членот 2 став (1) од овој закон.“

Ставовите (3) и (4) стануваат ставови (4) и (5).

Во ставот (3) кој станува став (4) по точката на крајот од ставот се додава нова реченица која гласи: “Рокот за поднесување заверена писмена изјава од ставот (2) на овој член, го определува Комисијата.“

Во ставот (4) кој станува став (5) зборовите во загратата: “(име и презиме)“ се заменуваат со зборовите: “(име, презиме, татково име и ЕМБГ)“.

Член 8

Во членот 7 по зборот “носители“ сврзникот „и“ се заменува со запирка, а по зборовите: “јавни функции“ се додаваат зборовите: “и лицата кои биле носители на јавни функции, а кои не се починати“.

Член 9

Во членот 9 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Органот или телото за кандидирање или конкурирање или функционерот кој раководи со органот се должни да ја известат Комисијата за спроведување на постапка за кандидирање или конкурирање.“

Ставовите (3), (4), (5) и (6) стануваат ставови (4), (5), (6), (7).

По ставот (6) кој станува став (7) се додава нов став (8), кој гласи:

“(8) Комисијата по службена должност врши проверка на фактите заради утврдување несоработка со органите на државната безбедност и правните последици од таквата соработка за лицето од членот 5 на овој закон кандидат за носител на јавна функција, кое не доставило писмена изјава согласно со членот 6 на овој закон.“

Член 10

Во членот 10 ставот (2) се менува и гласи:

“Решението за неисполнување на условите за вршење на јавна функција поради неподнесување изјава, Комисијата е должна веднаш, а најдоцна во рок од три дена, да го достави до надлежниот орган или тело заради покренување на постапка за разрешување.“

По ставот (4) се додаваат два нови става (5) и (6), кои гласат:

“(5) Надлежните органи и тела, по завршувањето на постапката за разрешување, покрената врз основа на доставеното решение од Комисијата за неисполнување на условите за вршење на јавна функција поради неподнесување на изјава, се должни најдоцна во рок од три дена да ја известат Комисијата.

(6) Комисијата по службена должност врши проверка на фактите заради утврдување несоработка со органите на државната безбедност и правните последици од таквата соработка за лицето од членот 5 на овој закон носител на јавна функција, кое не доставило писмена изјава согласно со членот 6 на овој закон.“

Член 11

По членот 10 се додаваат три нови члена 10-а , 10-б и 10-в, кои гласат:

„Член 10-а

(1) Комисијата по службена должност, веднаш и без расправа, со решение го утврдува неподнесувањето на писмената изјава на лицето кое било носител на јавна функција.

(2) Решението од ставот (1) на овој член Комисијата е должна веднаш, а најдоцна во рок од три дена, да го достави до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Државната изборна комисија.

(3) Лицето кое било носител на јавна функција, за кое Комисијата донела решение со кое е утврдено неподнесувањето на писмената изјава, не го исполнува дополнителниот услов за кандидирање за носител на јавна функција, во периодот на примената на овој закон.

Член 10-б

Комисијата по службена должност врши проверка на фактите заради утврдување несоработка со органите на државната безбедност и правните последици од таквата соработка за лицето кое било носител на јавна функција, а не доставило писмена изјава согласно со членовите 6 став (3) и 25 на овој закон.

Член 10-в

(1) Комисијата води регистар на лицата за кои ќе утврди дека не го исполнуваат дополнителниот услов за вршење на јавна функција.

(2) По истекот на времетраењето на примената на овој закон, Комисијата е должна да го предаде регистарот од ставот (1) на овој член на Државниот архив на Република Македонија.

(3) Пристап до регистарот од ставот (1) на овој член имаат Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и други органи и тела што вршат избор или именување и лица кои пред Комисијата ќе го докажат својот интерес за пристап до регистарот.

(4) Содржината, формата и начинот на водењето и начинот на пристапот до регистарот од ставот (1) на овој член ги пропишува Комисијата.“

Член 12

Во членот 12 по ставот (2) се додаваат четири нови става (3), (4) , (5) и (6), кои гласат:

„(3) Постапката за утврдување на вистинитоста на изјавата на лице кое било носител на јавна функција, а кое не е починато, Комисијата е должна да ја поведе во рок од 15 дена од денот на приемот на изјавата.

(4) Постапката за проверка на фактите за лице кое било носител на јавна функција, а кое не доставило писмена изјава, Комисијата е должна по службена должност согласно со членот 10-б од овој закон да ја поведе веднаш, а најдоцна во рок од три дена по истекот на рокот определен со членот 25 на овој закон.

(5) Постапката за проверка на фактите за лице носител на јавна функција, а кое не доставило писмена изјава, Комисијата е должна по службена должност согласно со членот 10 став (6) на овој закон да ја поведе веднаш, а најдоцна во рок од три дена по донесувањето на решението за неисполнување на условите за вршење на јавна функција поради неподнесување изјава.

(6) Постапката за проверка на фактите за лице кандидат за носител на јавна функција, а кое не доставило писмена изјава, Комисијата е должна по службена должност согласно со членот 9 став (8) на овој закон да ја поведе веднаш, а најдоцна во рок од три дена по донесувањето на решението за неисполнување на условите за вршење на јавна функција поради неподнесување изјава.“

Ставот (3) станува став (7).

Член 13

Во членот 14 став (2) по зборовите: „согласно со членот 5 на овој закон“ точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „односно по службена должност.“

Член 14

Во членот 21 по алинејата 5 се додава нова алинеја 6, која гласи:

„- води регистар согласно со членот 10-в став (1) на овој закон,“.

Алинеите 6 и 7 стануваат алинеи 7 и 8.

Член 15

Во членот 22 став (1) зборовите: “Сектор за безбедност и контраразузнавање“ се заменуваат со зборовите: “Сектор за безбедност и разузнавање“.

Во ставот (3) по зборот “податоци“ се додаваат зборовите: “во оригинал“.

Член 16

Во членот 26 став (3) зборовите: “противењето на подносителот на изјавата не е во согласност со податоците со кои располага Комисијата“ се заменуваат со зборовите: “изјавата не е во согласност со податоците со кои располага Комисијата“.

Член 17

Во членот 27 став (1) зборовите: “кое и понатаму ги оспорува податоците доставени од надлежниот орган до Комисијата и нејзиното решение согласно со кои“ се заменуваат со зборовите: “по добивањето на решението согласно со кое“.

Во ставот (2) зборовите: “се смета дека лицето се согласува со податоците кои ги верифицира Комисијата по што Комисијата донесува конечно решение“ се заменуваат со зборовите: “решението на Комисијата станува конечно“.

Член 18

Во членот 28 по ставот (3) се додаваат два нови става (4) и (5), кои гласат:

„(4) По правосилноста на одлуката на надлежниот суд, со која се потврдува решението на Комисијата, решението на Комисијата станува конечно.

(5) По конечното решение на Комисијата подносителот на изјавата нема право на жалба.“

Член 19

По членот 29 се додаваат два нови члена 29-а и 29-б, кои гласат:

“Член 29-а

Комисијата веднаш, а најдоцна во рок од три дена по завршувањето на постапката за верификација и проверка на факти пред Комисијата, односно доколку е поведена постапка пред надлежниот суд по правосилноста на судската одлука, конечното решение го доставува до органот или телото надлежно за избор или именување на носителот на јавната функција кое соработувало со органите на државната безбедност.

Член 29-б

(1) Комисијата веднаш, а најдоцна во рок од три дена по завршувањето на постапката за верификација и проверка на факти пред Комисијата, односно доколку е поведена постапка пред надлежниот суд по правосилноста на судската одлука, конечното решение го доставува до Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и Државната изборна комисија за лицето кое било носител на јавна функција, а кое соработувало со органите на државната безбедност.

(2) Лицето од ставот (1) на овој член не го исполнува дополнителниот услов за кандидирање за носител на јавна функција во периодот на примена на овој закон.“

Член 20

Во членот 30 став (1) по зборот “вработени“ се додаваат зборовите: “новинари, уредници“, а бројот “(3)“ се заменува со бројот “(4)“.

Во ставот (2) по зборот “вработување“ се додаваат зборовите: “на лицата од ставот (1) на овој член“.

Член 21

Во членот 31 став (1) зборот “може“ се заменува со зборовите: “е должна“.

Во ставот (2) зборот “можат“ се заменува со зборовите: “се должни“.

Член 22

Во членот 32 зборот “може“ се заменува со зборовите: “е должен“.

Член 23

Во членот 33 ставови (1) и (2) зборот “може“ се заменува со зборовите: “е должна“.

Член 24

По членот 35 се додава нова Глава V-а Прекршочни одредби и три нови члена 35-а, 35-б и 35-в, кои гласат:

„V-а ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Член 35-а

Глоба во износ од 3.000 до 4.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на:

- кандидат за носител на јавна функција, ако во моментот на давање на неотповиклива писмена согласност (изјава) за кандидирање предвидена во Изборниот законик или пред преземање на јавна функција не поднесе писмена изјава заверена на нотар до Комисијата, со која изјавува дека не соработувал со органите на државната безбедност од периодот од членот 2 на овој закон (член 6 став (1)),

- носител на јавна функција, ако не поднесе писмена изјава заверена на нотар до Комисијата, со која изјавува дека не соработувал со органите на државната безбедност од периодот определен со членот 2 на овој закон (член 6 став (2)) и

- лицето кое било носител на јавна функција, ако не поднесе писмена изјава заверена кај нотар до Комисијата, во рокот пропишан со членот 25 од овој закон.

Член 35-б

(1) За прекршоците утврдени со овој закон прекршочната постапка ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.

(2) Барање за поведување прекршочна постапка до надлежниот суд поведува Комисијата по службена должност.

Член 35-в

Пред поднесување на барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд се врши порамнување согласно со Законот за прекршоците.“

Член 25

Лицето кое било носител на јавна функција, а кое не е починато, е должно да поднесе писмена изјава заверена кај нотар до Комисијата, согласно со овој закон во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 26

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

L I GJ
PER NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR PERCAKTIMIN E KUSHTIT PLOTËSUES PËR KRYERJE TË FUNKSIONIT PUBLIK

Neni 1

Në Ligjin për përcaktimin e kushtit plotësues për kryerje të funksionit publik ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 14/2008 dhe 64/2009), në nenin 1 pas fjalëve: "bartës i funksionit publik" presja shlyhet dhe shtohen fjalët : "si dhe personi i cili ka qenë bartës i funksionit publik, që nuk ka vdekur", ndërsa në kllapa fjalët: "bartës i funksionit publik" shtohen fjalët: "si dhe personi i cili ka qenë bartësi i funksionit publik", ndërsa pas fjalëve: "rregullohet procedura për verifikim" shtohen fjalët: "dhe kontroll".

Neni 2

Në nenin 2 paragrafi (1) pas fjalëve: "bartësi i funksionit publik" shtohen fjalët: "si dhe personi që ka qenë bartës i funksionit publik, që nuk ka vdekur", ndërsa fjalët: "në periudhën prej" zëvendësohen me fjalët: "nga periudha e".

Në paragrafin (2) fjalët: "për periudhën" zëvendësohen me fjalët: "nga periudha", ndërsa pika në fund të fjalisë shlyhet dhe shtohen fjalët: "edhe kur me kontrollin e fakteve me detyrë zyrtare do të vërtetohet se personat e përfshirë me këtë ligj nga periudha nga paragrafi (1) i këtij neni, e përmbushin kushtin plotësues për kryerjen e funksionit publik".

Pas paragrafit (2) shtohen dy paragrafë të rinj (3) dhe (4), si vijojnë:

"(3) Komisioni miratim aktvendim me të cilin e verifikon deklaratën me shkrim.

(4) Komisioni miraton aktvendim edhe kur me kontrollin e fakteve me detyrë zyrtare do të konstatojë se personat e përfshirë me këtë ligj, e përmbushin kushtin plotësues për kryerjen e funksionit publik".

Neni 3

Në nenin 3 paragrafi (1) fjalët: "në periudhën" zëvendësohen me fjalët: " nga periudha".

Në paragrafin (2) fjalët: "për periudhën" zëvendësohen me fjalët: " nga periudha".

Neni 4

Në nenin 4 paragrafët (1) dhe (3) fjalët: "Sektori për Siguri dhe Kundërzbulim" zëvendësohen me fjalët: "Sektori për Siguri dhe Zbulim".

Në paragrafin (3) fjalët: "në periudhë prej" zëvendësohen me fjalët: " nga periudha e".

Neni 5

Pas nenit 4 shtohet neni i ri 4-a, si vijon:

"Neni 4-a

(1) Organet nga neni 4 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji, detyrohen që në Komision t'i parashtrojnë të dhënat e kërkuara, në afat prej 30 ditësh nga dita e pranimit të kërkesës nga Komisioni.

(2) Nëse organet nga neni 4 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji, nuk veprojnë në afatin nga paragrafi (1) i këtij ligji, Komisioni detyrohet që menjëherë, e më së voni në afat prej tri ditësh ta informojë organin kompetent për zgjedhjen dhe emërimin e personit përgjegjës të organeve nga neni 4 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji.

(3) Nëse organet nga neni 4 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji, nuk veprojnë sipas kërkesës së të dhënave nga Komisionit edhe pas skadimit të 30 ditëve nga dita e dorëzimit të njoftimit të Komisionit në organin kompetent për zgjedhje dhe emërime të personit përgjegjës të organeve nga neni 4 paragrafët (1) dhe (2) të këtij ligji, Komisioni detyrohet që menjëherë, e më së voni në afat prej tri ditësh ta informojë Kuvendin e Republikës së Maqedonisë.“

Neni 6

Në nenin 5 pika 7, pas fjalëve: "Gjykata Administrative" vihet pikë dhe shtohen fjalët: "Gjykata e Lartë Administrative".

Në pikën 29 sipas fjalës "tjera" shtohen fjalët: "organizata dhe", ndërsa pas fjalës "karakter", shtohen fjalët: "të regjistruara në pajtim me ligjin".

Neni 7

Në nenin 6 paragrafët (1) dhe (2) fjalët: "në periudhën" zëvendësohen me fjalët: "nga periudha".

Pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Personi nga neni 5 i këtij ligji, që ka qenë bartës i funksionit publik e i cili nuk ka vdekur, detyrohet që të parashtrojë deklaratë me shkrim të vërtetuar te noteri në Komision, me të cilën deklaron se nuk ka bashkëpunuar me organet e sigurimit shtetëror nga periudha e caktuar në nenin 2 paragrafi (1) të këtij ligji."

Paragrafët (3) dhe (4) bëhen paragrafë (4) dhe (5).

Në paragrafin (3) që bëhet paragraf (4), pas pikës në fund të paragrafit, shtohet fjali e re si vijon: "Afatin për parashtrimin e deklaratës me shkrim të vërtetuar nga paragrafi (2) të këtij neni e përcakton Komisioni.“

Në paragrafin (4) i cili bëhet paragraf (5) fjalët në kllapa "(emri dhe mbiemri)" zëvendësohen me fjalët: "(emri, mbiemri, emri i babait dhe NUAQ)".

Neni 8

Në nenin 7 lidhëza "dhe" pas fjalës "bartës" zëvendësohet me presje, ndërsa pas fjalëve: "funksione publike" shtohen fjalët: "dhe personat që kanë qenë bartës të funksioneve publike, e nuk kanë vdekur".

Neni 9

Në nenin 9 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

"(3) Organi ose trupi për kandidim ose konkurrim ose funksionari që udhëheq me organin, detyrohen që ta informojnë Komisionin për zbatimin e procedurës për kandidim ose konkurrim."

Paragrafët (3), (4), (5) dhe (6) bëhen paragrafë (4), (5), (6), (7).

Pas paragrafit (6) që bëhet paragraf (7) shtohet paragrafi i ri (8), si vijon:

"(8) Komisioni me detyrë zyrtare kryen kontroll të fakteve për vërtetimin e mosbashkëpunimit me organet e sigurimit shtetërore dhe pasojat juridike nga bashkëpunimi i tillë për personin nga neni 5 i këtij ligji, kandidat për bartës të funksionit publik, që nuk ka dorëzuar deklaratë në pajtim me nenin 6 të këtij ligji."

Neni 10

Në nenin 10 paragrafi (2), ndryshohet si vijon:

"Aktvendimin për mosplotësimin e kushteve për kryerjen e funksionit publik nga mosparashtrimi i deklaratës, Komisioni detyrohet që menjëherë, e më së voni në afat prej tri ditësh, ta dorëzojë në organin ose trupin kompetent për ngritjen e procedurës për shkarkim."

Pas paragrafit (4) shtohen dy paragrafë të rinj (5) dhe (6), si vijojnë.

"(5) Organet dhe trupat kompetente, pas përfundimit të procedurës për shkarkim, të ngritur në bazë të aktvendimit të dërguar nga Komisioni për mosplotësimin e kushteve për kryerjen e funksionit publik nga mosparashtrimi i deklaratës, detyrohen që më së voni në afat prej tri ditësh ta informojnë Komisionin.

(6) Komisioni me detyrë zyrtare kryen kontroll të fakteve për vërtetimin e mosbashkëpunimit me organet e sigurimit shtetërore dhe pasojat juridike nga bashkëpunimi i tillë për personin nga neni 5 i këtij ligji, bartës të funksionit publik, që nuk ka dorëzuar deklaratë me shkrim në pajtim me nenin 6 të këtij ligji."

Neni 11

Pas nenit 10 shtohen tre paragrafë të rinj 10-a, 10-b dhe 10-v, si vijojnë:

"Neni 10-a

(1) Komisioni me detyrë zyrtare, menjëherë dhe pa debat, me aktvendim e vërteton mosparashtrimin e deklaratës me shkrim të personit i cili ka qenë bartës i funksionit publik.

(2) Aktvendimin nga paragrafi (1) i këtij neni, Komisioni detyrohet që menjëherë, e më së voni në afat prej tri ditësh, ta dorëzojë në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë, në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë dhe Komisionin Shtetëror të Zgjedhjeve.

(3) Personi i cili është bartës i funksionit publik, për të cilin Komisioni ka miratuar aktvendim me të cilin është vërtetuar mosparashtrimi i deklaratës me shkrim, nuk e përmbush kushtin plotësues për kandidim për bartës të funksionit publik, në periudhën e zbatimit të këtij ligji.

Neni 10-b

Komisioni me detyrë zyrtare kryen kontroll të fakteve për vërtetimin e mosbashkëpunimit me organet e sigurimit shtetëror dhe pasojat juridike nga bashkëpunimi i tillë për personin i cili ka qenë bartës i funksionit publik, që nuk ka dorëzuar deklaratë me shkrim në pajtim me nenet 6 paragrafi (3) dhe 25 të këtij ligji.

Neni 10-v

(1) Komisioni mban regjistër të personave për të cilët do të vërtetojë se nuk e plotësojnë kushtin plotësues për kryerjen e funksionit publik.

(2) Pas skadimit të kohëzgjatjes për zbatimin e këtij ligji, Komisioni detyrohet që ta dorëzojë regjistrin nga paragrafi (1) i këtij ligji, në Arkivin Shtetëror të Republikës së Maqedonisë.

(3) Qasje në Regjistrin nga paragrafi (1) i këtij neni, kanë Kuvendi i Republikës së Maqedonisë, Qeveria e Republikës së Maqedonisë, organe dhe trupa tjerë që kryejnë zgjedhje ose emërime dhe persona të cilët para Komisionit do ta dëshmojnë interesin e tyre për qasje në Regjistër.

(4) Përmbajtjen, formën dhe mënyrën e udhëheqjes dhe mënyrën e qasjes në regjistrin nga paragrafi (1) i këtij neni, i përcakton Komisioni.“

Neni 12

Në nenin 12 pas paragrafit (2) shtohen katër paragrafë të rinj (3), (4), (5) dhe (6), si vijojnë.

"(3) Procedurën për vërtetimin e vërtetësisë së deklaratës së personit që ka qenë bartës i funksionit publik, Komisioni detyrohet që ta ngritë në afat prej 15 ditësh nga dita e pranimit të deklaratës.

(4) Procedurën për kontrollin e fakteve për personin që ka qenë bartës i funksionit publik e nuk ka dorëzuar deklaratë me shkrim, Komisioni detyrohet që me detyrë zyrtare në pajtim me nenin 10-b ta ngritë menjëherë, ose më së voni në afat prej tri ditësh pas kalimit të afatit të përcaktuar në nenin 25 të këtij ligji.

(5) Procedurën për kontrollin e fakteve për personin bartës të funksionit publik që nuk ka dorëzuar deklaratë me shkrim, Komisioni detyrohet që me detyrë zyrtare në pajtim me nenin 10 paragrafi (6) të këtij ligji ta ngritë menjëherë, e më së voni në afat prej tri ditësh pas miratimit të aktvendimit për mosplotësimin e kushteve për kryerjen e funksionit publik nga mosparashtrimi i deklaratës.

(6) Procedurën për kontrollin e fakteve për personin bartës të funksionit publik që nuk ka dorëzuar deklaratë me shkrim, Komisioni obligohet që me detyrë zyrtare në pajtim me nenin 9 paragrafi (8) të këtij ligji ta ngritë menjëherë, e me se voni ne afat prej tri ditësh pas miratimit të aktvendimit për mosplotësimin e kushteve për kryerjen e funksionit publik nga mosparashtrimi i deklaratës."

Paragrafi (3) bëhet paragraf (7).

Neni 13

Në nenin 14 paragrafi (2) pas fjalëve: "në pajtim me nenin 5 të këtij Ligji" pika shlyhet dhe shtohen fjalët: "gjegjësisht me detyrë zyrtare."

Neni 14

Në nenin 21 pas alinesë 5 shtohet alineja e re 6, si vijon:

"- mban regjistër në pajtim me nenin 10-v paragrafi (1) të këtij ligji,".

Alinetë 6 dhe 7 bëhen aline 7 dhe 8.

Neni 15

Ne nenin 22 paragrafi (1) fjalët: "Sektori për Siguri dhe Kundërzbulim" zëvendësohen me fjalët: "Sektori për Siguri dhe Zbulim".

Në paragrafin (3) pas fjalëve: "të dhëna" shtohen fjalët: "në origjinal".

Neni 16

Në nenin 26 paragrafi (3) fjalët: "kundërshtimi i parashtruesit të deklaratës nuk është në pajtueshmëri me të dhënat me të cilat disponon Komisioni" zëvendësohen me fjalët: "deklarata nuk është në pajtueshmëri me të dhënat me të cilat disponon Komisioni".

Neni 17

Në nenin 27 paragrafi (1) fjalët: "që edhe më tutje i konteston të dhënat e dorëzuara nga organi kompetent në Komision dhe aktvendimin e tij në pajtim me të cilat" zëvendësohen me fjalët: "pas marrjes së aktvendimit me të cilin".

Në paragrafin (2) fjalët: "konsiderohet se personi pajtohet me të dhënat që i verifikon Komisioni pastaj Komisioni miraton aktvendim përfundimtar" zëvendësohet me fjalët: "aktvendimi i Komisionit bëhet përfundimtar".

Neni 18

Në nenin 28 pas paragrafit (3) shtohen dy paragrafë të rinj (3) dhe (4), si vijojnë.

"(4) Pas plotfuqishmërisë së aktvendimit të gjykatës kompetente, me të cilën vërtetohet aktvendimi i Komisionit, aktvendimi i Komisionit bëhet përfundimtar.

(5) Pas aktvendimit përfundimtar të Komisionit, parashtruesi i deklaratës nuk ka të drejtë ankese."

Neni 19

Pas nenit 29 shtohen dy paragrafë te rinj 29-a dhe 29-b, si vijojnë:

"Neni 29-a

Komisioni menjëherë, e më së voni në afat prej tri ditësh pas përfundimit të procedurës për verifikimin dhe kontrollimin e fakteve para Komisionit, gjegjësisht nëse është ngritur procedura para gjykatës kompetente, me aktvendim të plotfuqishëm gjyqësor, aktvendimin përfundimtar e dërgon në organin ose trupin kompetent për zgjedhje ose emërime të bartësit të funksionit publik, i cili ka bashkëpunuar me organet e sigurimit shtetëror.

Neni 29-b

(1) Komisioni menjëherë, e me se voni në afat prej tri ditësh pas përfundimit të procedurës për verifikimin dhe kontrollimin e fakteve para Komisionit, gjegjësisht nëse është ngritur procedura para gjykatës kompetente, me aktvendim të plotfuqishëm gjyqësor, aktvendimin përfundimtar e dërgon në Kuvendin e Republikës së Maqedonisë, Qeverinë e Republikës së Maqedonisë dhe Komisionin Shtetëror Zgjedhor për personin i cili ka qenë bartës i funksionit publik, ndërsa ka bashkëpunuar me organet e sigurimit shtetëror.

(2) Personi nga paragrafi (1) i këtij neni, nuk e plotëson kushtin plotësues për kandidim për bartës të funksionit publik, në periudhën e zbatimit të këtij ligji."

Neni 20

Në nenin 30 paragrafi (1) pas fjalëve: "të punësuar" shtohen fjalët: "gazetarë, redaktorë" ndërsa numri "(3)" zëvendësohet me numrin "(4)".

Në paragrafin (2) pas fjalës "punësim" shtohen fjalët: "të personave nga paragrafi (1) i këtij neni".

Neni 21

Në nenin 31 paragrafi (1) fjala "mundet" zëvendësohet me fjalën "detyrohet". Në paragrafin (2) fjala "munden" zëvendësohen me fjalën " detyrohen".

Neni 22

Në nenin 32 fjala "mundet" zëvendësohet me fjalën "detyrohet".

Neni 23

Në nenin 33 paragrafët (1) dhe (2) fjala "mundet" zëvendësohet me fjalën "detyrohet ".

Neni 24

Pas nenit 35 shtohet Kapitull i ri V-a Dispozita kundërvajtëse dhe tre nene të reja 35-a, 35-b dhe 35-v, si vijojnë:

"V-a DISPOZITA KUNDËRVAJTËSE

Neni 35-a

(1) Gjobë me shumë prej 3 000 deri në 4 000 euro në kundërvlerë me denarë për kundërvajtje, do t'i shqiptohet:

- kandidatit për bartës të funksionit publik nëse në momentin e dhënies së pëlqimit të parevokueshëm me shkrim (deklaratës) për kandidimin e paraparë në Kodin zgjedhor ose para marrjes së funksionit publik, nuk parashtron deklaratë me shkrim të vërtetuar te noteri në Komision, me të cilën deklaron se nuk ka bashkëpunuar me organet e sigurimit shtetëror në periudhën nga neni 2 i këtij ligji (neni 6 paragrafi 1),
-bartësit të funksionit publik nëse nuk parashtron deklaratë me shkrim të vërtetuar te noteri në Komision, me të cilën deklaron se nuk ka bashkëpunuar me organet e sigurimit shtetëror në periudhën e përcaktuar në nenin 2 të këtij ligji (neni 6 paragrafi 2) dhe
- personit që ka qenë bartësi i funksionit publik, nëse nuk parashtron deklaratë të vërtetuar te noteri në Komision, në afatin e përcaktuar në nenin 25 të këtij ligji.

Neni 35-b

(1) Për kundërvajtje të përcaktuara me këtë ligj, procedurën e kundërvajtjes e udhëheq dhe sanksionet e kundërvajtjes i shqipton gjykata kompetente.

(2) Kërkesë për ngritjen e procedurës për kundërvajtje në gjykatën kompetente ngrit Komisioni me detyrë zyrtare.

Neni 35-v

Para parashtrimit të kërkesës për ngritjen e procedurës për kundërvajtje në gjykatën kompetente, kryhet barazim në pajtim me Ligjin për kundërvajtje.“

Neni 25

Personi i cili ka qenë bartës i funksionit publik e nuk ka vdekur, detyrohet që të parashtrojë deklaratë me shkrim të vërtetuar te noteri në Komision në pajtim me këtë ligj, në afat prej 30 ditësh nga dita e hyrjes në fuqi të këtij ligji.

Neni 26

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

601.

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

У К А З
ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за научноистражувачката дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 23 февруари 2011 година.

Бр. 07-1054/1
23 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
Ѓорге Иванов, с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

З А К О Н
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за изменување на Законот за научноистражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија” број 103/2008), во членот 18 датата “15 септември 2011 година” се заменува со датата “15 септември 2015 година”.

Член 2

Во членот 20 датата “15 септември 2010 година” се заменува со датата “15 септември 2015 година”.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

L I GJ
PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR VEPRIMTARI SHKENCORE HULUMTUESE

Neni 1

Në Ligjin për ndryshimin e Ligjit për veprimtari shkencore hulumtuese (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 103/2008), në nenin 18 data “15 shtatori 2011” zëvendësohen me datë “15 shtatori 2015”.

Neni 2

Në nenin 20 data "15 shtatori 2010" zëvendësohen me datë "15 shtatori 2015".

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

602.

Врз основа на членот 26 став (1) и членот 27 ставови (1) и (2) од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/2006 и 136/2008), Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на 25 февруари 2011 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОГЛАСУВАЊЕ ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ДРЖАВНАТА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

1. Собранието на Република Македонија огласува дека ќе врши избор на претседател на Државната изборна комисија.

2. Заинтересираниот кандидат кој ги исполнува условите предвидени во членот 27 став (1) од Изборниот законик (да е државјанин на Република Македонија со постојано место на живеење во Република Македонија; да има високо образование и најмалку осум години работно искуство во правната област - политичкиот и изборниот систем и да не е член на орган на политичка партија) и кој поднел изјава до Комисијата за верификација на фактите согласно со Законот за определување дополнителен услов за вршење јавна функција („Службен весник на Република Македонија" број 14/2008 и 64/2009), пријавите со потребните документи за докажување на исполнувањето на предвидените услови, да ги поднесе до Собранието на Република Македонија во рок од осум дена од денот на објавувањето на оваа одлука во „Службен весник на Република Македонија".

3. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и во весниците „Дневник", „Вечер" и „Лајм".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1091/1
25 февруари 2011 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
Трајко Вељаноски, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

603.

Врз основа на член 43, став 4 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТРИТЕ НА ОДОБРЕНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ОСЕМЕНУВАЊЕ И НА ОДОБРЕНИ ОДГЛЕДУВАЛИШТА НА ПЧЕЛНИ МАТИЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистрите на одобрени институции за осеменување и на одобрени одгледувалишта на пчелни матици.

Член 2

(1) Регистарот на одобрени институции за осеменување се води во форма на книга со тврд повез во темно зелена боја во А4 формат со поврзани и нумерирани евиденциски листови на бела хартија.

(2) На првата страна на книгата е аплициран грбот на Република Македонија и под него стои натпис "Република Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство" а на средината стои натпис "Регистар на одобрени институции за осеменување". Натписите се со бела боја.

(3) На евиденциските листови од став 1 на овој член се запишуваат следниве податоци:

- реден број и страна;
- назив, седиште и ЕМБС на одобрената институција;
- број на решение за одобрување на институција;
- дата на регистрација;
- раса (подвид) на медоносни пчели;
- генетска линија на медоносни пчели;
- одгледувачка програма;
- број на трутовски пчелни семејства и
- други специфични податоци за институцијата.

(4) Формата и содржината на регистарот на одобрените институции за осеменување е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Регистарот на одгледувалишта на пчелни матици се води во форма на книга со тврд повез во светло зелена боја во А4 формат со поврзани и нумерирани евиденциски листови на бела хартија.

(2) На првата страна на книгата е аплициран грбот на Република Македонија и под него стои натпис "Република Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство" а на средината стои натпис "Регистар на одгледувалишта на пчелни матици ". Натписите се со бела боја.

(3) На евиденциските листови од став 1 на овој член се запишуваат следниве податоци:

- реден број и страна;
- назив, седиште и ЕМБС на одгледувалиштето;
- број на решение за одобрување;
- дата на регистрација;
- раса (подвид) на медоносни пчели;
- генетска линија на медоносни пчели;
- годишен капацитет на производство на матици и
- други специфични податоци за одгледувалиштето.

(4) Формата и содржината на регистарот на одобрените одгледувалишта на пчелни матици е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Регистрите од член 1 на овој правилник се водат во пишана или електронска форма.

Член 5

Признатите организации на одгледувачи се бришат од регистарот на организации на производители по нивно барање или доколку престанат да исполнуваат некој од условите пропишани во член 69, став 2 од Законот за сточарство.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-353/3
17 февруари 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

РЕГИСТАР

НА ОДОБРЕНИ ИНСТИТУЦИИ ЗА ОСЕМЕНУВАЊЕ

ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ

РЕДЕН БРОЈ _____, СТРАНА____

Назив на институцијата

_____

Седиште на институцијата

_____

ЕМБС на институцијата

_____

Број на Решение за одобрување на институцијата

_____

Дата на регистрација

_____

(Раса) Подвид на медоносни пчели кои се одгледува

_____

Генетска линија на медоносни пчели

_____

Одгледувачка програма

_____

Број на трутовски пчелни семејства

_____

Други специфични податоци

_____

Прилог 2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

РЕГИСТАР

НА ОДГЛЕДУВАЛИШТА НА ПЧЕЛНИ МАТИЦИ

ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ

РЕДЕН БРОЈ _____, СТРАНА____

Назив на одгледувалиште

_____

Седиште на одгледувалиште

_____

ЕМБС

_____

Број на Решение за одобрување на одгледувалиште

_____

Дата на регистрација

_____

(Раса) Подвид на медоносни пчели кои се одгледува

_____

Генетска линија на медоносни пчели

_____

Годишен капацитет на производство на матици

_____

Други специфични податоци

_____

604.

Врз основа на член 14, став 5 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

П Р АВ И Л Н И К
ЗА ПОДЕТАЛНИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА КАТАСТАРОТ НА ПЧЕЛНИТЕ ПАСИШТА И ПЧЕЛАРСКИОТ РЕД ЗА ИСПАША

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат подеталните критериуми за катастарот на пчелните пасишта и пчеларскиот ред за испаша.

Член 2

(1) Катастарот го воспоставуваат и го водат јавни установи, признати организации и одобрени институции од областа на сточарството, кои ги исполнуваат условите согласно член 59 од Законот за сточарство.

(2) Поблиските критериуми кои треба да ги исполни вршителот на јавната услуга за водење на катастарот на пчелна паша се:

1. Поседување или користење на соодветен простор:

- да поседува или да има склучено договор со друга институција која располага со соодветен простор (лабораторија) за соодветно собирање, обработка и чување на податоците од фенолошките набљудувања од терен.

2. Соодветна техничка опременост и тоа:

- да поседува или да има склучено договор со друга институција која располага со соодветна опрема: два персонални компјутера, систем за глобално позиционирање (GPS), шест дигитални ваги со точност од пет грама и можност за автоматско зачувување и препраќање на податоците (GPRS) до лабораторијата на дневна база;

- да поседува специјално дизајнирано софтверско решение за собирање, обработка и чување на податоците од фенолошките набљудувања од терен;

- да поседува вкупно 12 контролни пчелни семејства за следење на дневниот внес на нектар во фенофазата на медење на соодветните медоносни растенија и

- да поседува и одржува интернет страница за објавување на информациите од следењето на дневниот внес на нектар во фенофазата на медење на соодветните медоносни растенија.

3. Соодветна кадровска екипираност:

- да има вработено најмалку два доктори на науки со потесна специјалност од областа на пчеларството и

- искуство на кадрите во реализација и координирање на национални и меѓународни програми од областа на пчеларството.

Член 3

(1) Со редот за испаша се утврдува начинот на користење на пчелните пасишта и тоа:

- спроведувач на редот за испаша;

- големина на пчелното пасиште;

- препорачлив број на пчелни семејства на единица површина (хектар), според видот и интензитетот на пашата;

- одредување на локации каде ќе се распоредуваат пчелните семејства кои ќе се довезуваат на паша и

- времето на донесување и на одведување на пчелните семејства на паша.

Член 4

Спроведувачот на редот за испаша го назначува вршителот на јавни услуги која ги исполнува условите согласно член 59 од Законот за сточарство.

Спроведувачот на редот за испаша треба да биде оспособен за работа со GPS и компјутер.

Член 5

Овој правилник влегува во сила по објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-353/3
17 февруари 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

605.

Врз основа на член 42, став 3 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ОДГЛЕДУВАЊЕТО И ПРОМЕТОТ НА ПЧЕЛНИТЕ МАТИЦИ НАМЕНЕТИ ЗА ПРОМЕТ, ПРЕМЕСТУВАЊЕТО НА ПЧЕЛИТЕ И ПЧЕЛНИОТ ПРИПЛОДЕН МАТЕРИЈАЛ, КАКО И ГОЛЕМИНАТА НА ЗАШТИТЕНИОТ ПОЈАС ОКОЛУ ОДОБРЕНОТО ОДГЛЕДУВАЛИШТЕ НА ПЧЕЛНИ МАТИЦИ

Член 1

Со овој правилник се одредува начинот на одгледувањето и прометот на пчелните матици наменети за промет, преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал, како и големината на заштитениот појас околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици.

Член 2

(1) Одгледување на пчелните матици се врши во вештачки матичници со пресадување на ларви од родоначалничките матици, стари помеѓу 6 и 12 часа. За формирање на матичници се користат стартери, а за довршување на матичниците се користат финишери, или се користи истото пчелно семејство.

(2) Спарувањето на младите неоплодени матици со трутови од селекционирани пчелни заедници (трутовски семејства) се изведува на два начина:

- Со инструментално осеменување и
- Слободно оплодување во рамките на заштитениот појас.

(3) Во време на спарувањето на матиците истите се одгледуваат во нуклеуси или мини оплодници.

(4) Веднаш по спарувањето на произведените матици и контрола на регуларно пронесување на јајца истите треба да бидат обележани со плочка со број од 1 до 99. Бојата на плочката е карактеристична за нивната година на раѓање и тоа:

- доколку бројот на годината завршува на 1 или 6 - бела,
- доколку бројот на годината завршува на 2 или 7 - жолта,
- доколку бројот на годината завршува на 3 или 8 - црвена,
- доколку бројот на годината завршува на 4 или 9 - зелена,
- доколку бројот на годината завршува на 5 или 0 - сина.

Член 3

(1) Матиците во промет, обележани според член 2 став 4 од овој правилник, се стават во транспортни кафези.

(2) Транспортниот кафез треба да биде обележан со идентична ознака, како на матицата од став 1 на овој член.

(3) Матиците во промет, заедно со транспортниот кафез од став 2 на овој член, треба да бидат придружувани со документ за здравствена состојба на матиците, согласно законските прописи од областа на ветеринарното здравство.

Член 4

(1) Преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал може да се врши со сите превозни средства.

(2) При преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал, пчелните живеалишта треба да бидат обезбедени за да не можат при транспортот пчелите да излегуваат од живеалиштата, при што влезовите на пчелните живеалишта треба да бидат затворени, а притоа да биде обезбедена неопходна вентилација.

(3) Преместувањето на пчелите и приплодниот материјал се изведува во текот на ноќта.

(4) Лицето кое го врши преместувањето на пчелите и пчелниот приплоден материјал треба да биде придружуван од пчелар кој располага со најмалку две пчеларски заштитни одела и капи и две чадалки.

Член 5

(1) Заштитниот појас околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици е земјишна површина во идеална кружна форма во чиј центар се наоѓа одобреното одгледувалиште на пчелни матици и на чија површина не се одгледуваат пчелни семејства со генетско потекло различно од потеклото на приплодниот материјал на одобреното одгледувалиште. Заштитениот појас служи за изведување на слободното спарување на младите неоплодени матици и трутовите, одгледани во селекционирани пчелни семејства.

(2) По исклучок од став 1 на овој член во границите на заштитениот појас може да се одгледуваат пчелни семејства со пчелни матици не постари од две години, кои потекнуваат само од приплодниот материјал на одобреното одгледувалиште на пчелни матици во заштитниот појас.

(3) Заштитниот појас се одредува за секое одобрено одгледувалиште на пчелни матици посебно а околу одобреното одгледувалиште на пчелни матици се одредува заштитен појас во радиус од најмалку 3000 метри.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-353/3
17 февруари 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство, шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

606.

Врз основа на член 92 став 5 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08 и 67/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ГОЛЕМИНАТА НА РИБИТЕ ПОД КОЈА НЕ СМЕАТ ДА СЕ ЛОВАТ ЗА СТОПАНСКИ И РЕКРЕАРТИВЕН РИБОЛОВ

Член 1

Со овој правилник се пропишува големината на рибите под која не смеат да се ловат при вршење стопански и рекреативен риболов.

Член 2

Големината на рибите под која не смеат да се ловат за стопански и рекреативен риболов изнесува:

Фамилија - вид на риба	Латинско име	Големина
Салмонидни (пастрмки)	***Salmonidae***	
пастрмка - во стоечки води	*Salmo sp.* (сите видови)	40 cm
пастрмка - во истечни води	*Salmo sp.* (сите видови)	30 cm
охридска белвица	*Salmo ohridanus*	30 cm
Ципринидни (краповидни)	***Cyprinidae***	
крап	*Cyprinus carpio*	40 cm
клен (утман)	*Squalius sp.* (сите видови)	30 cm
скобуст (бојник, подуст)	*Chondrostoma sp.* (сите видови)	25 cm
бела мрена	*Barbus sp.* (сите видови)	35 cm
црна мрена во истечни води	*Barbus sp.* (сите видови)	15 cm
црна мрена во стоечки води	*Barbus sp.* (сите видови)	20 cm
писа (платица)	*Scardinius erithrophtalmus*	20 cm
црвеноперка	*Rutilus rutilus*	20 cm
попадика (еѓупка)	*Vimba melanops*	20 cm
златен карас	*Carassius carassius*	20 cm
лињак	*Tinca tinca*	25 cm
моранец	*Pachyhilon pictum*	10 cm
беловица (плашица, нивичка)	*Albumus sp.* (сите видови)	12 cm
кркушка	*Gobio sp.* (сите видови)	8 cm
Перкии	***Percidae***	
костреш (перкија)	*Perca fluviatilis*	20 cm
смуѓ	*Stizostedion lucioperca*	35 cm
Сомови	***Siluridae***	
сом	*Silurus glanis*	70 cm
Штуки	***Esocidae***	
штука	*Esox lucius*	40 cm
Јагули	***Anguillidae***	
јагула	*Anguilla anguilla*	60cm
Ракови	***Astacidae***	
рак	*Astacus astacus*	12 cm
Жаби	***Amphibia***	
жаба	*Rana ridibunda*	50 gr

Член 3

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Наредбата за големината на рибите под која не смеат да се ловат („Службен весник на Република Македонија” број 3/94).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 08-886/3
22 февруари 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

607.

Врз основа на член 92 став 4 од Законот за рибарство и аквакултура („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08 и 67/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ДОЗВОЛЕНИТЕ РИБОЛОВНИ СРЕДСТВА И НИВНАТА УПОТРЕБА ЗА ВРШЕЊЕ СТОПАНСКИ И РЕКРЕАТИВЕН РИБОЛОВ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат дозволените риболовни средства и нивната употреба за вршење стопански и рекреативен риболов.

Член 2

Риболовни средства за вршење стопански и рекреативен риболов се рибарски алат за вршење стопански риболов, риболовен прибор за вршење рекреативен риболов и риболовна опрема за вршење стопански и рекреативен риболов.

Рибарски алат за вршење на стопанскиот риболов се мрежи, струкови и блинкери на влечење.

Риболовен прибор за вршење рекреативен риболов е риболовна трска, риболовни машинки (орши), риболовен конец и јадица и природни и вештачки мамци (блинкери, воблери, вештачки мушички).

Риболовна опрема за вршење риболов се пловни објекти - чамци чија должина е најмногу 15 метри.

Член 3

Дозволен риболовен алат кој се употребува за вршење стопански риболов во зависност од видот на рибата и риболовната вода е:

1. Стоечка мрежа

- за лов на пастрмка - со најголема должина од 50 метри, најголема висина од пет метри и димензија на окца од најмалку 50 милиметри;
- за лов на белвица - со најголема должина од 40 метри, најголема висина од пет метри и димензија на окца од најмалку 35 милиметри;
- за лов на крап - со најголема должина од 50 метри, најголема висина од пет метри и димензија на окца од најмалку 45 милиметри;
- за лов на останатите видови риби - со најголема должина од 30 метри, најголема висина од три метри и димензија на окца од најмалку 20 мм.

2. Повлечна мрежа - за сите видови риби со најголема должина од 500 метри, најголема висина од три метри и димензија на окца од најмалку 10 мм.

3. Струк - за риболов на сом, крап и јагула со најмногу 50 јадици.

4. Блинкер за влечење за пастрмка и белвица.

Должината и висината на мрежата се мери во однос на конецот на кој се поставени пливките и оловата и конецот кој ги поврзува. Димензијата на окцата се мери од јазол до јазол на мрежа во влажна состојба.

Член 4

Дозволен риболовен прибор која се употребува за вршење рекреативен риболов е:

- за пастрмка во риболовен ревир - една риболовна трска и еден блинкер кој може да има една јадица (трокрака, двокрака или еднокрака), еден воблер кој може да има две јадици (трокраки, двокраки или еднокраки) или три мушички кои можат да имаат еднокраки јадици и
- за сите останати видови риби најмногу две риболовни трски со по три јадици на трска или три риболовни трски со по една јадица на трска, со или без машинка (орша) и природни или вештачки мамци.

По исклучок на став 1 алинеја од овој член за лов на пастрмка и белвица на риболовните подрачја и рекреативните зони може да се употребува и блинкер на влечење со најмногу еден стап на пловен објект со врзани најмногу седум блинкери.

Покрај приборот од став 1 на овој член при вршење рекреативен риболов како дополнителна опрема може да се употребува и мрежа за прифаќање на риба и чуварка за рибите.

Член 5

Со денот на влегување во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за дозволените риболовни средства („Службен весник на Република Македонија“ бр. 94/09).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 08-886/3
22 февруари 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство,
Љупчо Димовски, с.р.

608.

Врз основа на член 19 став 6 од Законот за сточарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08 и 116/10), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАР НА ПРИЗНАТИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ НА ОДГЛЕДУВАЧИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистар на признатите организации на одгледувачи.

Член 2

Регистарот на признати организации на одгледувачи се води во форма на книга со тврд повез во темно сина боја во А4 формат со поврзани и нумерирани евиденциски листови на бела хартија.

На предната страна на книгата е аплициран грбот на Република Македонија и под него стои натпис во бела боја „Република Македонија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство Регистар на признати организации на одгледувачи ”.

На евиденциските листови од став 1 на овој член се запишуваат следниве податоци:

- реден број и страна;
- назив, седиште и ЕМБС на организација;
- број на решение за одобрување на призната организација на одгледувачи;
- дата на регистрација;
- одгледувачка програма;
- вид и раса на добиток;
- број на членови;
- обем на производство и
- други специфични податоци за организацијата.

Формата и содржината на регистарот на признати организации на одгледувачи е дадена во Прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Регистарот на признати организации на одгледувачи се води во пишана или електронска форма.

Член 4

Признатите организации на одгледувачи се запишуваат во регистарот од став 1 на овој член по предходно доставено барање до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Барањето ги содржи следните податоци:

- назив, седиште и ЕМБС на организацијата;
- општи податоци за организацијата;
- форма на организирање;
- број на членови и
- обем на производство.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.08-754/3
11 февруари 2011 година
Скопје

Министер за земјоделство,
шумарство и водостопанство
Љупчо Димовски, с.р.

Прилог

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

РЕГИСТАР

НА ПРИЗНАТИ ОРГАНИЗАЦИИ НА ОДГЛЕДУВАЧИ

ЕВИДЕНЦИСКИ ЛИСТ

РЕДЕН БРОЈ _____, СТРАНА____

Назив на организацијата

_____

Седиште на организацијата

_____

ЕМБС на организацијата

_____

Број на решение за одобрување на призната организација на одгледувачи

_____

Дата на регистрација

_____

Одгледувачка програма

_____

Вид и раса на добиток кој се одгледува

_____

Број на членови

_____

Обем на производство

_____

Други специфични податоци за организацијата

_____

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

609.

Врз основа на член 136 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10 и 18/11), министерот за транспорт и врски, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ЗАТВОРАЊЕ И ОЗНАЧУВАЊЕ НА ЗАТВОРЕНО ГРАДИЛИШТЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на затворање и означување на затворено градилиште.

Член 2

Градежен инспектор ќе го затвори градилиштето со поставување на посебен службен знак со кој ќе го означи градилиштето за затворено, пред донесување на решение за затворање.

Член 3

Градилиштето се означува за затворено со поставување на видно место на посебен службен знак.

Член 4

Посебниот службен знак содржи:

1. На жолта основа со големи болдирани црни букви стои следниот текст:„ЗАТВОРЕНО ОД ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА“ и поставување на ленти на жолта основа на кои ќе се впише текстот со црни букви:„ЗАТВОРЕНО ОД ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА“, кои се поставуваат од надворешната страна на градилиштето;
2. Основот врз кој се донесува решението со кое се наредува да се прекине натамошната изградба или отстранување на градба, односно нејзин дел;
3. Рокот до кој што треба да се усогласи натамошната изградба или отстранување на градба, односно нејзин дел;
4. Органот кој го наредил затворањето и
5. Име, презиме и потпис на инспекторот кој го наредил затворањето на градилиштето.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на затворање и означување на затворено градилиште („Службен весник на Република Македонија” бр.85/05).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.01-2683/2
24 февруари 2011 година
Скопје

Министер,
Миле Јанакиески, с.р.

610.

Врз основа на член 42-а став (2) и (9) од Законот за гробишта и погребални услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 86/08 и 156/10), министерот за транспорт и врски, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА, КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација.

Член 2

За спроведување на едукацијата на лицето или правното лице овластениот комунален инспектор му врачува покана за спроведување на едукација, со која се повикува на едукација.

Поканата од став 1 на овој член е дадена во Прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Поканата за спроведување на едукација се печати на хартија во бела боја со формат А4 и содржи:

- Грб на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје, назив на органот кој ја спроведува едукацијата и број.

1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација:
- име и презиме;
- единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ);
- адреса на живеење;
- работно место на кое е распоред во правното лице.

2. Податоци за правното лице:
- назив и седиште;
- место, време и датум каде/кога ќе се спроведе едукацијата;
- предмет на поканата со краток опис и назначување на одредбата за која е направена неправилноста;
- име, презиме и потпис на повластениот комунален инспектор;
- име презиме и потпис на лицето кое се повикува на едукација;
- место и датум на издавање и место за печат.

Член 4

Едукацијата се спроведува во просториите на инспекциската служба на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје.

Едукацијата ја организира и спроведува општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје преку овластените комунални инспектори.

Член 5

Едукацијата се врши еднаш неделно, а по потреба и повеќе пати.

Член 6

Евиденцијата за спроведената едукација општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје ја водат во електронска форма.

Евиденцијата содржи: назив и седиште на правното лице, име и презиме на лицето на кое му е врачена поканата за спроведување на едукација и место и датум кога е извршена едукацијата.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 01-2688/2
24 февруари 2011 година
Скопје

Министер,
Миле Јанакиески, с.р.

Прилог

Грб на општината,
општината во градот Скопје, односно градот Скопје
Инспекциска служба за комунални работи

Број_____

Покана
за спроведување на едукација

1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација:

Име и презиме _____
Единствен матичен број (ЕМБГ)_____
Адреса на живеење_____
Работно место на кое е распореден во правното лице_____

2. Податоци за правното лице

_____
(Назив и седиште)

Инспекциската служба за комунални работи ќе спроведе едукација во _____
Часот на ден _____ година во просториите на инспекциската служба на улица _____ во _____.

Предмет на поканата е _____
_____
(Се наведува дејствието и членот од законот)

Име и презиме и потпис на овластениот комунален инспектор
_____

Име,презиме и потпис на лицето кое се повикува на едукација
_____

Место и датум на издавање
_____ м.п.

611.

Врз основа на член 59 став (14) и член 62 став (3) Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124 и 18/11), министерот за транспорт и врски, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ДОБИВАЊЕ НА ОДОБРЕНИЕ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ОДОБРЕНИЕТО ЗА ГРАДЕЊЕ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за добивање на одобрение за градење како и формата и содржината на образецот на одобрението за градење.

Член 2

Барањето за добивање на одобрение за градење се поднесува на образец со формат А-4 кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Одобрението за градење на градби од прва категорија се издава на образец во формат А-4 кој е даден во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 4

Одобрението за градење на градби од втора категорија се издава на образец во формат А-4 кој е даден во Прилог 3 и е составен дел на овој правилник.

Член 5

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за формата и содржината на барањето за добивање на одобрение и формата и содржината на образецот на одобрението за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 153/09).

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-2691/2
24 февруари 2011 година
Скопје

Министер,
Миле Јанакиески, с.р.

Прилог 1

До:

_____

(надлежен орган)

Б А Р А Њ Е
за одобрение за градење

Од _____ со
(име и презиме на физичко лице или назив на правното лице)

адреса _____ од _____
(место на живеење или седиште)

за одобрение за градење на _____
(градбата)

на _____ .
(Место и адреса, КП КО во м.в., или делница со стационажа)

Лице за контакт/полномошник:

_____

тел. _____ (за полномошник - полномошно во прилог).

Со барањето приложувам:

1. Извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место, или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација, а доколку се работи за линиска инфраструктурна градба се приложува проект за инфраструктура заверен од надлежен орган,
2. Правно дело за уредување на меѓусебните права и обврски склучен помеѓу инвеститорите за изградба на градбата со број_____ од _____ година, (доколку станува збор за повеќе инвеститори меѓу кои има и физички лица заверено кај Нотар со бр. УЗП _____ од _____ година),
3. Архитектонско – урбанистички проект заверен од надлежен орган доколку со урбанистичкиот план или државната, односно локалната урбанистичка планска документација е предвидена изработка на овој проект,

4. Основен проект со техн. бр. _____ изработен од _____ во три примерока,
5. Писмен извештај и согласност за нострификација (доколку проектот е изработен во странство) бр._____од _____година;
6. Ревизија на основниот проект со бр. _____ извршена од _____ во три примерока (но не и за градби намнети за индивидуално домување со бруто површина до 300 м2),
7. Доказ за право на градење (имотен лист со запишано право на сопственост или право на долготраен закуп, или право на службеност на градежното земјиште или договор за пренесување на правото на градење на предметното градежно земјиште или договор за концесија или одлука на Владата на РМ со која државен орган, агенција или фонд основани од Владата на РМ или единица на локална самоуправа се стекнала со право на градење или договор со заедницата на сопственици на посебни делови на објектот или писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови на објектот кои претставуваат повеќе од половина од вкупната површина на објектот со имотни листови за посебните делови на објектот доколку се работи за доградба и надградба на згради во етажна сопственост или имотен лист со запишано право на сопственост на РМ или конечно решеие за експропријација доколку се работи за изградба на линиски инфраструктурни градби),
8. Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште,
9. Решение за трајна измена на режим на сообраќај од надлежен орган доколку се бара одобрение за придружно услужни објекти на државни, односно општински патишта,
10. Конзерваторско одобрение издадено од Управата за заштита на културно наследство доколку се бара одобрение за градби кои претставуваат недвижно културно наследство и споменички целини прогласени со закон или друг акт за заштита како културно наследство,

11. Овластување за изградба на градби за производство на електрична и топлинска енергија од надлежен орган доколку се бара одобрение за градби за производство на електрична и топлинска енергија,
12. Нотификација за пренос на електронски податоци издадена од Агенцијата за електронски комуникации доколку се бара одобрение за електронски и комуникациски мрежи и средства,
13. Решение со кое се одобрува основање на депонија издадено од надлежен орган доколку се бара одобрение за депонии за опасен отпад, депонии за неопасен отпад и депонии за интерен отпад.
14. Доказ за извршена уплата на административна такса за издавање на одобрение за градење во износ од _____ ден. согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси.

Прилозите и доказите ги доставувам во оригинал или копија заверена на Нотар.

Број и датум: **Барател,**

_____

Прилог 2

Штембил на надлежниот орган

Министерството за транспорт и врски, решавајќи по барањето на инвеститорот _____ од _____, поднесено под број _____ од _____година, за издавање на одобрение за градење на _____ од прва категорија, врз основа на член 58, став (1) од Законот за градење ("Службен весник на РМ", бр. 130/09, 124/10 и 18/11), а во врска со член 205, став 1 и член 209 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ", бр. 38/05 и 110/08), го издава следното

ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

На инвеститорот/инвеститорите_____ _____ од _____ му/им се одобрува изградба на _____ од _____категорија, на ул. _____, број _____ во _____ (или КП бр._____, КО _____, во м.в. _____ или делница со стационажи).

Одобрението за градење се издава за _____ _____.
(целата, дел или делови од градбата)

Правно дело за уредување на меѓусебните права и обврски склучен помеѓу инвеститорите за изградба на градбата со број_____ од _____ година, (доколку станува збор за повеќе инвеститори меѓу кои има и физички лица заверено кај Нотар со бр. УЗП _____ од _____ година).

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

Се задолжува инвеститорот, по завршување на градбата, а пред нејзината употреба да побара овој орган да му/им издаде одобрение за употреба на истата.

Образложение

Инвеститорот/Инвеститорите_____ _____ _____ поднесе/поднесоа барање бр. _____ од _____година, за издавање на одобрение за градење на _____ од _____категорија, на ул. _____, број _____ во _____ (или КП бр._____, КО _____, во м.в. _____ или делница со стационажи).

Со барањето инвеститорот/инвеститорите ја приложи/приложија следната документација и докази:

1.Извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место, или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација, а доколку се работи за линиска инфраструктурна градба се приложува проект за инфраструктура заверен од надлежен орган,

2. Правно дело за уредување на меѓусебните права и обврски склучен помеѓу инвеститорите за изградба на градбата со број_____ од _____ година, (а доколку станува збор за повеќе инвеститори меѓу кои има и физички лица заверено кај Нотар со бр. УЗП _____ од _____ година),

3.Архитектонско – урбанистички проект заверен од надлежен орган доколку со урбанистичкиот план или државната, односно локалната урбанистичка планска документација е предвидена изработка на овој проект,

4.Основен проект со техн. бр. _____ изработен од _____ во три примероци,

5.Писмен извештај и согласност за нострификација (доколку проектот е изработен во странство) бр._____од _____година;

6.Ревизија на основниот проект со бр. _____ извршена од _____ во три примерока (но не и за градби намнети за индивидуално домување со бруто површина до 300 м2),

7.Доказ за право на градење (имотен лист со запишано право на сопственост или право на долготраен закуп, или право на службеност на градежното земјиште или договор за пренесување на правото на градење на предметното градежно земјиште или договор за концесија или одлука на Владата на РМ со која државен орган, агенција или фонд основани од Владата на РМ или единица на локална самоуправа се стекнала со право на градење или договор со заедницата на сопственици на посебни делови на објектот или писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови на објектот кои претставуваат повеќе од половина од вкупната површина на објектот со имотни листови за посебните делови на објектот доколку се работи за доградба и надградба на згради во етажна сопственост или имотен лист со запишано право на сопственост на РМ или конечно решеие за експропријација доколку се работи за изградба на линиски инфраструктурни градби),

8.Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште,

9.Решение за трајна измена на режим на сообраќај од надлежен орган доколку се бара одобрение за придружно услужни објекти на државни, односно општински патишта,

10.Конзерваторско одобрение издадено од Управата за заштита на културно наследство доколку се бара одобрение за градби кои претставуваат недвижно културно наследство и споменички целини прогласени со закон или друг акт за заштита како културно наследство,

11.Овластување за изградба на градби за производство на електрична и топлинска енергија од надлежен орган доколку се бара одобрение за градби за производство на електрична и топлинска енергија,

12.Нотификација за пренос на електронски податоци издадена од Агенцијата за електронски комуникации доколку се бара одобрение за електронски и комуникациски мрежи и средства,

13.Решение со кое се одобрува основање на депонија издадено од надлежен орган доколку се бара одобрение за депонии за опасен отпад, депонии за неопасен отпад и депонии за интерен отпад.

14.Доказ за извршена уплата на административна такса за издавање на одобрение за градење во износ од _____ ден. согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси.

15. Доказ - акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште бр. _____ од _____ издаден од _____.

Согласности и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:

_____
_____
_____

Врз основа на горе изнесеното, _____
(надлежен орган)
одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: _____
_____
_____.

Таксата по тарифен број _____од Законот за административни такси во износ од _____ денари е наплатена и приложена со барањето.

Изработил:

Контролирал:

Одобрил: **име и презиме и потпис на овластеното лице**

ДОСТАВЕНО ДО: **(МП)**

-

Прилог 3

Штембил на надлежниот орган

Градоначалникот на Општина _____, решавајќи по барањето на инвеститорот _____ од _____, поднесено под број _____ од _____година, за издавање на одобрение за градење на _____ од втора категорија, врз основа на член 58, став (2) од Законот за градење ("Службен весник на РМ", бр. 130/09, 124/10 и 18/11), а во врска со член 205, став 1 и член 209 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на РМ" бр. 38/05 и 110/08), го издава следното

ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ

На инвеститорот/инвеститорите _____ _____ од _____ му/им се одобрува изградба на _____ од _____категорија, на ул. _____, број _____ во _____ (или КП бр._____, КО _____, во м.в. _____ или делница со стационажи).

Одобрението за градење се издава за _____ _____.
(целата, дел или делови од градбата)

Правно дело за уредување на меѓусебните права и обврски склучен помеѓу инвеститорите за изградба на градбата со број_____ од _____ година, (доколку станува збор за повеќе инвеститори меѓу кои има и физички лица заверено кај Нотар со бр. УЗП _____ од _____ година).

Инвеститорот може да ја започне градбата, откако ова одобрение ќе стане правосилно во управната постапка.

Ова одобрение престанува да важи доколку инвеститорот не почне со изградба во рок од две години од денот на правосилноста на одобрението за градење, согласно член 66 од Законот за градење.

Доколку градбата отпочнала да се гради по истекот на рокот од две години од денот на правосилноста на одобрението, се смета дека градењето е бесправно.

Образложение

Инвеститорот/Инвеститорите_____ _____ _____ поднесе/поднесоа барање бр. _____ од _____година, за издавање на одобрение за градење на _____ од _____категорија, на ул. _____, број _____ во _____ (или КП бр._____, КО _____, во м.в. _____ или делница со стационажи).

Со барањето инвеститорот/инвеститорите ја приложи/приложија следната документација и докази:

1.Извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место, или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација, а доколку се работи за линиска инфраструктурна градба се приложува проект за инфраструктура заверен од надлежен орган,

2. Правно дело за уредување на меѓусебните права и обврски склучен помеѓу инвеститорите за изградба на градбата со број_____ од _____ година, (доколку станува збор за повеќе инвеститори меѓу кои има и физички лица заверено кај Нотар со бр. УЗП _____ од _____ година),

3.Архитектонско – урбанистички проект заверен од надлежен орган доколку со урбанистичкиот план или државната, односно локалната урбанистичка планска документација е предвидена изработка на овој проект,

4.Основен проект со техн. бр. _____ изработен од _____ во три примерока,

5.Писмен извештај и согласност за нострификација (доколку проектот е изработен во странство) бр._____од _____година;

6.Ревизија на основниот проект со бр. _____ извршена од _____ во три примерока (но не и за градби намнети за индивидуално домување со бруто површина до 300 м2),

7.Доказ за право на градење (имотен лист со запишано право на сопственост или право на долготраен закуп, или право на службеност на градежното земјиште или договор за пренесување на правото на градење на предметното градежно земјиште или договор за концесија или одлука на Владата на РМ со која државен орган, агенција или фонд основани од Владата на РМ или единица на локална самоуправа се стекнала со право на градење или договор со заедницата на сопственици на посебни делови на објектот или писмена согласност од мнозинството сопственици на посебните делови на објектот кои претставуваат повеќе од половина од вкупната површина на објектот со имотни листови за посебните делови на објектот доколку се работи за доградба и надградба на згради во етажна сопственост или имотен лист со запишано право на сопственост на РМ или конечно решеие за експропријација доколку се работи за изградба на линиски инфраструктурни градби),

8.Геодетски елаборат за нумерички податоци за градежното земјиште,

9.Решение за трајна измена на режим на сообраќај од надлежен орган доколку се бара одобрение за придружно услужни објекти на државни, односно општински патишта,

10.Конзерваторско одобрение издадено од Управата за заштита на културно наследство доколку се бара одобрение за градби кои претставуваат недвижно културно наследство и споменички целини прогласени со закон или друг акт за заштита како културно наследство,

11.Овластување за изградба на градби за роизводство на електрична и топлинска енергија од надлежен орган доколку се бара одобрение за градби за производство на електрична и топлинска енергија,

12.Нотификација за пренос на електронски податоци издадена од Агенцијата за електронски комуникации доколку се бара одобрение за електронски и комуникациски мрежи и средства,

13.Решение со кое се одобрува основање на депонија издадено од надлежен орган доколку се бара одобрение за депонии за опасен отпад, депонии за неопасен отпад и депонии за интерен отпад.

14. Доказ за извршена уплата на административна такса за издавање на одобрение за градење во износ од _____ ден. согласно Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси.

15. Доказ – акт за регулиран надоместок за уредување на градежно земјиште бр. _____ од _____ издаден од _____.

Согласности и мислења прибавени согласно член 59-в од Законот за градење:

_____
_____
_____

Врз основа на горе изнесеното, _____
(надлежен орган)
одлучи како во диспозитивот на ова одобрение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: _____
_____
_____.

Таксата по тарифен број _____од Законот за административни такси во износ од _____ денари е наплатена и приложена со барањето.

Изработил:

Контролирал:

име и презиме и потпис
Одобрил: **на овластеното лице**

ДОСТАВЕНО ДО: **(МП)**

-

612.

Врз основа на член 132-а став (2) и (9) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ број 130/09,124/10 и 18/11), министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА, КАКО И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата, како и начинот на водење на евиденција за спроведената едукација.

Член 2

За спроведување на едукацијата на лицето или правното лице државниот градежен инспектор, односно овластениот градежен инспектор му врачува покана за спроведување на едукација, со која се повикува на едукација.

Поканата на државниот градежен инспектор што се врачува за спроведување на едукација е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Поканата на овластениот градежен инспектор што се врачува за спроведување на едукација е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Поканата за спроведување на едукација се печати на хартија во бела боја со формат А4 и содржи:

- грб на Република Македонија, односно грб на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје, назив на органот, односно назив на инспекциската служба кои ја спроведуваат едукацијата и број.

1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација:
- име и презиме;
- единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ);
- адреса на живеење;
- работно место на кое е распоред во правното лице.

2. Податоци за правното лице:
- назив и седиште;
- место, време и датум каде/кога ќе се спроведе едукацијата;
- предмет на поканата со краток опис и назначување на одредбата;
  за која е направена неправилноста;
- име, презиме и потпис на државниот градежен инспектор, односно, овластениот градежен инспектор;
- име презиме и потпис на лицето кое се повикува на едукација;
- место и датум на издавање и место за печат.

Член 4

Едукацијата се врши во просториите на Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво, односно во просториите на инспекциската служба на општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје.

Едукацијата ја организираат и спроведуваат Државниот инспекторат за урбанизам и градежништво преку градежните инспектори, односно општината, општината во градот Скопје, односно градот Скопје преку овластените градежни инспектори.

Член 5

Едукацијата се врши еднаш неделно, а по потреба и повеќе пати.

Член 6

Евиденцијата за спроведената едукација Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам односно, општините, општините во градот Скопје, односно градот Скопје ја водат во електронска форма.

Евиденцијата содржи: назив и седиште на правното лице, име и презиме на лицето на кое му е врачена поканата за спроведување на едукација и место и датум кога е извршена едукацијата.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 01-2693-2
24 февруари 2011 година
Скопје

Министер,
Миле Јанакиески, с.р.

Прилог 1

Министерство за транспорт и врски
Државен инспекторат за градежништво и урбанизам

Број_____

Покана
за спроведување на едукација

1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација:

Име и презиме _____
Единствен матичен број (ЕМБГ)_____
Адреса на живеење_____
Работно место на кое е распореден во правното лице_____

2. Податоци за правното лице

_____
(Назив и седиште)

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ќе спроведе едукација во _____часот на ден _____ година во просториите на Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам на улица _____ во _____.

Предмет на поканата е _____
_____
(се наведува дејствието и членот од законот)

Име, презиме и потпис на
Градежниот инспектор

_____

Име,презиме и потпис на
лицето кое се повикува на
едукација

_____

Место и датум на издавање
_____

м.п.

Прилог 2

Грб на општината,
општината во градот Скопје, односно градот Скопје
Инспекциска служба за урбанизам и градежништво на општина_____

Број_____

Покана
за спроведување на едукација

1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација:

Име и презиме _____
Единствен матичен број (ЕМБГ)_____
Адреса на живеење_____
Работно место на кое е распореден во правното лице_____
_____

2.Податоци за правното лице

_____
(назив и седиште)

Инспекциската служба за урбанизам и градежништво ќе спроведе едукација во _____часот на ден _____ година во просториите на инспекциската служба на улица _____ во _____.

Предмет на поканата е _____
_____
(се наведува дејствието и членот од законот)

Име, презиме и потпис на овластениот градежен инспектор
_____

Име,презиме и потпис на лицето кое се повикува на едукација
_____

Место и датум на издавање
_____

м.п.

613.

Врз основа на член 39 став (5) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ОВЛАСТУВАЊАТА ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ, РЕВИЗИЈА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА, ИНЖЕНЕР ЗА ИЗВЕДБА И НАДЗОРЕН ИНЖЕНЕР, КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕТО НА РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗДАДЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ОВЛАСТУВАЊА

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за издавање, обновување и одземање на овластувањата за проектирање на градби, ревизија на проектна документација, инженер за изведба и надзорен инженер, како и формата, содржината и начинот на водењето на регистарот за издадени и одземени овластувања.

Член 2

Овластувањата од член 1 на овој правилник се издаваат на лица кои учествуваат во градењето на градби од следните области: архитектура, градежништво, машинство, електротехника, геотехника, градежна физика, сообраќајно инженерство и инженерство за животна средина.

Член 3

За добивање на овластување се поднесува писмено барање до Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во понатамошниот текст: Комора) во кое се наведува видот на овластувањето А или Б, видот на дејноста за кое се бара овластување за проектирање, за раководење со изградба на градби, ревизија или надзор и соодветната струка што ја има стекнато барателот на овластувањето.

Кон барањето се поднесуваат и доказите пропишани со Законот за градење за добивање на соодветното овластување.

Член 4

За обновување на овластување се поднесува писмено барање до Комората во кое се наведува овластувањето кое треба да се обнови.

Кон барањето се поднесуваат и доказите пропишани со Законот за градење за добивање на соодветното овластување и се приложува овластувањето кое се бара да се обнови.

Член 5

Поднесеното барање за добивање и за обновување на овластување, Комората го разгледува и проверува дали се исполнети пропишаните услови.

Доколку Комората утврди дека е доставена комплетна документација и се исполнети условите за добивање, односно обновување на баранато овластување, го издава, односно обновува овластувањето во рок од седум дена од доставување на барањето.

Кога Комората ќе утврди дека документацијата не е комплетна и дека има потреба од доставување на дополнителни документи, писмено го известува барателот, во рок од седум дена од добивањето на известувањето да ја комплетира документацијата, во спротивно барањето се одбива.

Член 6

Овластувањето го одзема Комората доколку се констатира дека физичкото лице не го почитува Кодексот на професионална етика на овластени архитекти и овластени инженери и Тарифникот за извршени услуги на Комората.

За одземање на овластувањето се известува физичкото лице кое треба овластувањето да го врати во рок од осум дена од приемот на известувањето.

Член 7

Образецот на овластувањето А за изработка на проектна документација на градби од прва категорија е со формат А4 кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

Образецот на овластувањето Б за изработка на проектна документација на градби од втора категорија е со формат А4 кој е даден во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 8

Образецот на овластувањето А за ревизија на проектна документација на градби од прва категорија е со формат А4 кој е даден во Прилог 3 и е составен дел на овој правилник.

Образецот на овластувањето Б за ревизија на проектна документација на градби од втора категорија е со формат А4 кој е даден во Прилог 4 и е составен дел на овој правилник.

Член 9

Образецот на овластувањето А за инженер за изведба на градби од прва категорија е со формат А4 кој е даден во Прилог 5 и е составен дел на овој правилник.

Образецот на овластувањето Б за инженер за изведба на градби од втора категорија е со формат А4 кој е даден во Прилог 6 и е составен дел на овој правилник.

Член 10

Образецот на овластувањето А за надзорен инженер на градби од прва категорија е со формат А4 кој е даден во Прилог 7 и е составен дел на овој правилник.

Образецот на овластувањето Б за надзорен инженер на градби од втора категорија е со формат А4 кој е даден во Прилог 8 и е составен дел на овој правилник.

Член 11

Регистарот на издадените и одземените овластувања е во форма на книга со формат А4.

На насловната страна на регистарот е отпечатен грбот на Република Македонија и ознаката на Комората, а под нив текстот:

„Регистар на издадени и одземени овластувања".

Внатрешните страни на регистарот ги содржат следните рубрики:

- реден број,
- број и датум на барањето за издавање на овластувањето,
- име и презиме на носителот на овластувањето,
- соодветната струка,
- вид на дејноста за која е издадено овластувањето,
- тип на овластувањето А или Б,
- датум на издавање,
- датум на одземање,
- број на издаденото овластување,
- број на одземеното овластување,
- рок на важење и
- забелешка.

Образецот на регистарот е даден во Прилог 9 кој е составен дел на овој правилник.

Член 12

Регистарот на издадени и одземени овластувања се води во пишана или во електронска форма.

Член 13

Со влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за издавање и одземање на овластувањата за проектирање на градби, ревизија на проектна документација, инженер за изведба и надзорен инженер, како и формата, содржината и начинот на водењето на регистарот за издадени и одземени овластувања („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/09).

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-2697/2
24 февруари 2011 година
Скопје

Министер,
Миле Јанакиески, с.р.

Прилог 1

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став (1) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ **А**

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од (соодветна струка)

НА

_____
име и презиме

Овластувањето е со важност до _____

Број_____

Издадено на_____ **МП**

Претседател на

Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

_____

Прилог 2

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 17 став (1) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ **Б**

ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од (соодветна струка)

НА

_____

име и презиме

Овластувањето е со важност до _____

Број_____

Издадено на_____ **МП**

Претседател на

Комората на овластени архитекти и овластени инженери

_____

Прилог 3

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 24 став (1) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ **А**

ЗА РЕВИЗИЈА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од (соодветна струка)

НА

_____
име и презиме

Овластувањето е со важност до _____

Број_____

Издадено на_____ **МП**

Претседател на

Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

_____

Прилог 4

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 24 став (1) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ **Б**

ЗА РЕВИЗИЈА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

од (соодветна струка)

НА

име и презиме

Овластувањето е со важност до _____

Број_____

Издадено на_____ **МП**

Претседател на

Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

_____

Прилог 5

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 31 став (1) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ **А**

ЗА ИНЖЕНЕР ЗА ИЗВЕДБА

од (соодветна струка)

НА

_____
име и презиме

Овластувањето е со важност до _____

Број_____

Издадено на_____ **МП**

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

_____

Прилог 6

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 31 став (1) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ **Б**

ЗА ИНЖЕНЕР ЗА ИЗВЕДБА

од (соодветна струка)

НА

_____
име и презиме

Овластувањето е со важност до _____

Број_____

Издадено на_____ **МП**

Претседател на

Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

_____

Прилог 7

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 35 став (1) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ **А**

ЗА НАДЗОРЕН ИНЖЕНЕР

од (соодветна струка)

НА

_____
име и презиме

Овластувањето е со важност до _____

Број_____

Издадено на_____ **МП**

Претседател на

Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

_____

Прилог 8

Република Македонија

КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 35 став (1) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Комора на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ **Б**

ЗА НАДЗОРЕН ИНЖЕНЕР

од (соодветна струка)

НА

_____
име и презиме

Овластувањето е со важност до _____

Број_____

Издадено на_____ **МП**

Претседател на

Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

_____

Прилог 9

(ознака на Комората)

Република Македонија

Комора на овластени архитекти и овластени инженери

РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ОВЛАСТУВАЊА

Ред. број	Број и датум на поднесеното барање за овластување	Име, презиме и ЕМБ на физичкото лице	Соодветна област	Вид на дејноста за кое е дадено овластување	Тип на овластување (А или Б)	Датум на издавање	Датум на одземање	Број на издадено овластување	Број на одземено овластување	Рок на важење	Забелешка

614.

Врз основа на член 38 став (4) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10 и 18/11), министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ, ОБНОВУВАЊЕ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИТЕ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ, РЕВИЗИЈА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА, УПРАВИТЕЛ НА ГРАДБА, ИЗВЕДУВАЧ НА ГРАДБИ, НАДЗОР НА ИЗГРАДБАТА НА ГРАДБИ И УПРАВИТЕЛ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ОБРАЗЕЦОТ НА ЛИЦЕНЦИТЕ КАКО И ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ ЗА ИЗДАДЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ЛИЦЕНЦИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот и постапката за издавање, обновување и одземање на лиценците за проектирање на градби, ревизија на проектна документација, управител на градба, изведувач на градби, надзор на изградбата на градби и управител на одржување на објекти, формата и содржината на образецот на лиценците како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени лиценци.

Член 2

Лиценците од член 1 на овој правилник се издаваат на писмено барање поднесено од правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на соодветната дејност. Во барањето се наведува за која дејност и кој вид на градби се бара лиценца.

Член 3

Лиценците од член 1 на овој правилник се обновуваат на писмено барање поднесено од правно лице регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на соодветната дејност. Во барањето се наведува лиценцата која се бара да се обнови.

Член 4

По доставеното барање и приложените докази со барањето, се проверува доставената документација и доколку истата е комплетна, во рок од седум дена се издава, односно се обновува лиценцата.

Доколку се утврди дека барањето за издавање, односно обновување на лиценца е некомплетно за тоа писмено се известува барателот кој во рок од три дена од добивањето на известувањето, треба да го комплетира барањето, во спротивно барањето се одбива.

Член 5

Министерството за транспорт и врски ја одзема лиценцата доколку констатира дека правното лице приложило неточни податоци потребни за добивање на лиценцата, престанало да ги исполнува условите за добивање на лиценцата и доколку ја користи лиценцата за друга намена, од намената за која истата е издадена.

За одземање на лиценцата се известува правното лице кое треба лиценцата да ја врати во рок од осум дена од приемот на известувањето.

Член 6

Образецот за лиценца А за проектирање на градби од прва категорија е со формат А-4 на специјална хартија во жолта боја, кој е даден во Прилог 1 и е составен дел на овој правилник.

Образецот за лиценца Б за проектирање на градби од втора категорија е со формат А-4 на специјална хартија во портокалова боја, кој е даден во Прилог 2 и е составен дел на овој правилник.

Член 7

Образецот за лиценца А за ревизија на проектна документација за градби од прва категорија е со формат А-4 на специјална хартија во жолта боја, кој е даден во Прилог 3 и е составен дел на овој правилник.

Образецот за лиценца Б за ревизија на проектна документација за градби од втора категорија е со формат А-4 на специјална хартија во портокалова боја, кој е даден во Прилог 4 и е составен дел на овој правилник.

Член 8

Образецот за лиценца за управител на градба е со формат А-4 на специјална хартија во портокалова боја, кој е даден во Прилог 5 и е составен дел на овој правилник.

Член 9

Образецот за лиценца А за изведувач на градби од прва категорија е со формат А-4 на специјална хартија во зелена боја, кој е даден во Прилог 6 и е составен дел на овој правилник.

Образецот за лиценца Б за изведувач на градби од втора категорија е со формат А-4 на специјална хартија во сина боја, кој е даден во Прилог 7 и е составен дел на овој правилник.

Член 10

Образецот за лиценца А за надзор на изградба на градби од прва категорија е со формат А-4 на специјална хартија во жолта боја, кој е даден во Прилог 8 и е составен дел на овој правилник.

Образецот за лиценца Б за надзор на изградба на градби од втора категорија е со формат А-4 на специјална хартија во сина боја, кој е даден во Прилог 9 и е составен дел на овој правилник.

Член 11

Образецот за лиценца за управител на одржување на објекти од прва и втора категорија е со формат А-4 на специјална хартија во сина боја, кој е даден во Прилог 10 и е составен дел на овој правилник.

Член 12

Регистарот за издадените и одземените лиценци е во форма на книга со формат А4.

Насловната страна содржи:

„Република Македонија, Министерство за транспорт и врски", а на средината: „Регистар на издадени и одземени лиценци".

Внатрешната страна на регистарот содржи рубрики во кои се впишуваат следните податоци: реден број, вид на лиценцата, број под кој е издадена лиценцата, број под кој е одземена лиценцата, назив и седиште на правното лице, датум на издавање, датум на одземање, рок на важење, забелешка во која се внесуваат сите промени во врска со издадените лиценци.

Регистарот се води во пишана или електронска форма.

Образецот на регистарот е даден во Прилог 11 кој е составен дел на овој правилник.

Член 13

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за начинот и постапката за издавање и одземање на лиценците за проектирање на градби, ревизија на проектна документација, управител на градба, изведувач на градби, надзор на изградбата на градби и управител на одржување на објекти, формата и содржината на образецот на лиценците како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот за издадени и одземени лиценци („Службен весник на Република Македонија" бр. 142/09).

Член 14

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 01-2701/2
24 февруари 2011 година
Скопје

Министер,
Миле Јанакиески, с.р.

Прилог 1

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 16 став (2) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА А

ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД

ПРВА КАТЕГОРИЈА

на

_____

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

_____

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО_____

Број_____

МИНИСТЕР

_____

(ден, месец и година на издавање) _____

М.П.

Прилог 2

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 16 став (3) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА Б

ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ НА ГРАДБИ ОД

ВТОРА КАТЕГОРИЈА

на

_____

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

_____

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО_____

Број_____

МИНИСТЕР

_____

(ден, месец и година на издавање)

_____

М.П.

Прилог 3

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 23 став (2) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА А
ЗА РЕВИЗИЈА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
на

_____
(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

_____

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО_____

Број_____

МИНИСТЕР

_____
(ден, месец и година на издавање)

_____

М.П.

Прилог 4

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 23 став (4) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА Б
ЗА РЕВИЗИЈА НА ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА
на

_____

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

_____

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО_____

Број_____

МИНИСТЕР

_____

(ден, месец и година на издавање) _____

М.П.

Прилог 5

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 14 став (3) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА
ЗА УПРАВИТЕЛ НА ГРАДБА
на

_____
(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

_____

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО_____

Број_____

МИНИСТЕР

_____
(ден, месец и година на издавање)

_____

М.П.

Прилог 6

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 26 став (2) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА А

ЗА ИЗВЕДУВАЧ НА ГРАДБИ ОД

ПРВА КАТЕГОРИЈА

на

_____

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

_____

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО_____

Број_____

_____

(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

_____

М.П.

Прилог 7

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 26 став (3) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА Б

ЗА ИЗВЕДУВАЧ НА ГРАДБИ ОД ВТОРА КАТЕГОРИЈА

на

_____

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

_____

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО_____

Број_____

_____

(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

_____

М.П.

Прилог 8

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 34 став (2) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА А
ЗА НАДЗОР НА ИЗГРАДБА НА ГРАДБИ ОД ПРВА КАТЕГОРИЈА

на

_____

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

_____

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО_____

Број_____

_____

(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

_____

М.П.

Прилог 9

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 34 став (3) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА Б
ЗА НАДЗОР НА ИЗГРАДБА НА ГРАДБИ ОД ВТОРА КАТЕГОРИЈА

на

_____

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

_____

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО_____

Број_____

МИНИСТЕР

_____

(ден, месец и година на издавање)

_____

М.П.

Прилог 10

Република Македонија

МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Врз основа на член 98 став (4) од Законот за градење ("Службен весник на Република Македонија" бр.130/09, 124/10 и 18/11), Министерството за транспорт и врски издава

ЛИЦЕНЦА
ЗА УПРАВИТЕЛ НА ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ ОД ПРВАИ ВТОРА КАТЕГОРИЈА

на

_____
(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

_____

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО_____

Број_____

МИНИСТЕР

_____
(ден, месец и година на издавање) _____

М.П.

Прилог 11

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

РЕГИСТАР НА ИЗДАДЕНИ И ОДЗЕМЕНИ ЛИЦЕНЦИ

Реден број	Вид на лиценца	Број на издадена лиценца	Број на одземена лиценца	Назив и седиште на правното лице	Датум на издавање	Датум на одземање	Рок на важење	Забелешки за извршени промени

615.

Врз основа на член 92, став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10 и 18/11), министерот за транспорт и врски, донесе

П Р А В И Л Н И К ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИОТ ПРЕГЛЕД

I. Вовед

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на технички преглед.

Член 2

Техничкиот преглед опфаќа:

- преглед на документација приложена со барањето за издавање на одобрение за употреба;
- преглед на документацијата изработена на градилиште за време на изведување на градбата, документација која изведувачот треба да ја има на градилиштето, како и други докази за квалитетот на вградените материјали и опрема, а е пропишана како обврска со други прописи;
- преглед на градбата и
- составување на записник со констатација и предлог дека градбата може да се употребува или не може да се употребува.

II. Начин на вршење на технички преглед од страна на Комисија

Член 3

Техничкиот преглед на градби од прва категорија согласно член 57, став (1) од Законот за градење го врши комисија за технички преглед формирана од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Член 4

(1) Со техничкиот преглед што го врши комисијата за технички преглед раководи претседател.

(2) Пред да отпочне технички преглед, претседателот на комисијата врши проверка за присутноста на учесниците во градењето.

(3)Доколку на техничкиот преглед, на закажаното место, денот и часот за вршење на технички преглед некој од учесниците на градењето не дојде, а се уредно известени од органот надлежен за издавање на одобрението за употреба, претседателот на комисијата може да го одложи техничкиот преглед и тоа да го констатира на записник со тоа што записникот ќе го достави до органот што го издава одобрението или да одлучи да го спроведе техничкиот преглед во отсуство на учесникот во градењето, ако оцени дека неговото отсуство нема битно да влијае на прегледот, со образложение за донесената одлука.

(4) Техничкиот преглед, поради отсуство на учесник или учесници во градењето може да се одложи само еднаш.

Член 5

(1) Органот надлежен за издавање на одобрение за употреба, на комисијата за техничкиот преглед и ја доставува документацијата приложена кон барањето за издавање на одобрение за употреба, согласно член 88 став (2) алинеи 1 и 2 од Законот за градење.

(2) Комисијата за технички преглед врши преглед на документацијата од став 1 на овој член, преглед на документацијата изработена на градилиштето за време на изведување на градбата која изведувачот треба да ја има на градилиштето, како и други докази за квалитетот на вградените материјали и опрема, ако е пропишана како обврска со други прописи.

(3) Комисијата за технички преглед може да побара податоци и од надлежниот градежен инспектор ако утврди дека за градбата за која е побарано одобрение за употреба е спроведен инспекциски надзор.

(4) Доколку комисијата за технички преглед утврди дека надлежниот градежен инспектор донел акт со кој констатирал одредени недостатоци и неправилности на градбата, а кои недостатоци и неправилности не се отстранети во понатамошниот тек на градењето, односно ако тие се од таква природа што битно влијаат на градбата, во поглед на нејзината исправност и функционалност, а посебно во поглед на нејзината механичка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита, претседателот на комисијата за технички преглед треба да го запре вршењето на техничкиот преглед и за тоа писмено да го извести надлежниот орган за издавање на одобрението за употреба.

Член 6

(1) Прегледот на градбата комисијата за технички преглед го врши на тој начин што визуелно и практично ја проверува исправноста и функционалноста на градбата во целина, а согласно основниот проект и проектот на изведена состојба.

(2) Проверката од став (1) на овој член, се врши со преглед на основните комунално - технички приклучоци на градбата кои се наоѓаат вон или во градбата, сообраќајните решенија предвидени за градбата, како и преглед на внатрешните водови, инсталации и опрема која е пропишана со нормативи и стандарди како обврска во други прописи.

(3) Во текот на прегледот на градбата учесниците во изградбата даваат податоци и појаснувања кои ќе ги побара комисијата за технички преглед.

Член 7

(1) По извршениот увид во целокупната документација и по извршениот преглед на градбата, претседателот на комисијата за технички преглед составува записник.

(2) Записникот од техничкиот преглед се состои од три дела и тоа:

- прв дел - содржи општи податоци,
- втор дел - содржи констатации од битно значење за издавање, односно неиздавање на одобрение за употреба на градбата и
- трет дел - содржи констатација и предлог дека за градбата може или не може, да се издаде одобрение за употреба.

(3) Записникот од техничкиот преглед го потпишуваат сите членови на комисијата и учесниците во изградбата.

Член 8

(1) Првиот дел на записникот од техничкиот преглед содржи општи податоци за комисијата за технички преглед, учесниците во техничкиот преглед на градбата и тоа:

- назив на надлежниот орган кој ја формирал комисијата за технички преглед и архивски број на решението со кое се формира комисијата;
- место, ден и часот на одржувањето на техничкиот преглед;
- лични податоци за сите присутни учесници во техничкиот преглед;
- податоци за инвеститорот, односно за инвеститорите ако во одобрението за градење се наведени повеќе инвеститори;
- податоци за учесниците во изградбата;
- податоци од изводот од јавната книга за запишување на правата на недвижностите за последната состојба на запишаните права за градбата;
- податоци за издаденото одобрение за градење и податоци за основниот проект и ревизијата на основниот проект;
- податоци за дополнителен основен проект доколку во текот на изградбата се извршени измени;
- податоци за проектот на изведена состојба со мислење на одговорниот проектант за неговата усогласеност со основниот проект;
- податоци за актот за обележување на градбата и геодетска снимка на изведената градба;
- податоци од градежниот дневник;
- податоци од градежната книга;
- податоци за спроведениот инспекциски надзор, ако таков надзор е спроведен и
- податоци од завршниот извештај на надзорниот инженер.

(2) Вториот дел на записникот од техничкиот преглед содржи констатации кои се од битно значење за издавање, односно неиздавање на одобрение за употреба на градбата, како што се:

- дали градбата е изведена во согласност со деталниот урбанистички план или урбанистички план за вон населено место или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација, а за линиските инфраструктурни градби дали се во согласност со проектот за инфраструктура заверен од надлежен орган;
- дали градбата е изведена во согласност со одобрението за градење и одобрениот основен проект, анексите кон основниот проект и проектот на изведена состојба, по однос на сите фази;
- дали градбата е приклучена на постојната сообраќајна мрежа и комуналната инфраструктура, согласно основниот проект и условите дадени во одобрението за градење;
- дали се отстранети сите помошни објекти, опрема и материјали кои биле за потребите на изведувачот за изградба на градбата;
- дали има незавршени работи предвидени со основниот проект;
- дали има недостатоци и забелешки на изведените работи;
- дали има недостатоци кои можат да се отстранат само со промена на документацијата за градење и
- дали има недостатоци или неправилности и забелешки, а се од суштествено значење и ги нарушуваат основните барања на градбата во поглед на нејзината механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита.

(3) Третиот дел на записникот од технички преглед содржи констатација и предлог дека градбата може да се употребува или не може да се употребува согласно намената за која е изградена, односно дека:

- градбата е изведена во согласност со одобрената документација за градење и може да се употребува;
- градбата има одредени недостатоци кои можат да се отстранат и не преставуваат услов да се издаде одобрение за употреба, со одредување рок во кој тие треба да бидат отстранети за градбата да може да се употребува;
- градбата има одредени недостатоци кои мораат да се отстранат за да може да се издаде одобрение за употреба со одредување рок во кој тие треба да бидат отстранети за градбата да може да се употребува;
- градбата не е изведена согласно одобрениот основен проект, односно согласно дополната на основниот проект во текот на изградбата или констатира недостатоци кои ги нарушуваат основните барања на градбата што се однесуваат на механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на градбата,заради што за градбата треба да се издаде одобрение за употреба.

Член 9

(1) Ако комисијата, по извршениот технички преглед, констатира дека градбата е изведена во согласност со одобрената документација и дека може да се употребува, комисијата за тоа писмено ќе го извести надлежниот орган и заедно со известувањето ќе му достави оригинален примерок од записникот и ќе му ја врати документацијата што му ја доставил органот.

(2) Ако комисијата, по извршениот технички преглед, констатира дека градбата има одредени недостатоци кои можат да се отстранат и не преставуваат услов да се издаде одобрение за употреба, за тоа писмено ќе го извести надлежниот орган и заедно со известувањето ќе му достави оригинален примерок од записникот како и извештај за постапување по недостатоците во рок во кој тие треба да бидат отстранети и ќе му ја врати документацијата што му ја доставил органот.

(3) Ако комисијата, по извршениот технички преглед, констатира одредени недостатоци кои мораат да се отстранат и се услов за издавање на одобрението за употреба, за тоа писмено ќе го извести надлежниот орган и заедно со известувањето ќе му достави оригинален примерок од записникот како и извештај за постапување по недостатоците и ќе му ја врати документацијата што му ја доставил органот.

(4) Ако комисијата, по извршениот технички преглед, констатира дека градбата не е изведена согласно одобрениот основен проект, односно согласно анексот на основниот проект во текот на изградбата или констатира недостатоци кои ги нарушуваат основните барања на градбата што се однесуваат на нејзината меха-

ничка отпорност, стабилност и сеизмичка заштита на-градбата, за тоа писмено ќе го извести надлежниот орган и заедно со известувањето ќе му достави оригинален примерок од записникот и ќе му ја врати документација што му ја доставил органот.

III. Начин на вршење на технички преглед од страна на надзорен инженер

Член 10

(1) За извршениот технички преглед на градбите од втора категорија од член 57, став (2) од Законот за градење, надзорниот инженер составува извештај во писмена форма со кој констатира дека градбата може да се даде во употреба.

(2) Извештајот од став (1) на овој член го потпишуваат надзорниот инженер и инвеститорот, односно инвеститорите ако во одобрението за градење се наведени повеќе лица како инвеститори.

(3) Извештајот за извршениот технички преглед на надзорниот инженер се состои од два дела и тоа:

1. Првиот дел од извештајот ги содржи:

- податоци за местото, денот и часот на одржувањето на техничкиот преглед;
- податоци за инвеститорот, односно за инвеститорите ако во одобрението за градење се наведени повеќе инвеститори;
- податоци за учесниците во изградбата;
- податоци за издаденото одобрение за градење и податоци за основниот проект и ревизијата на основниот проект;
- податоци за проектот на изведена состојба со мислење на одговорниот проектант за неговата усогласеност со основниот проект;
- податоци за актот за обележување на градбата и геодетска снимка на изведената градба;
- податоци од градежниот дневник;
- податоци од градежната книга и
- податоци за спроведениот инспекциски надзор, ако таков надзор е спроведен.

2. Вториот дел од извештајот ги содржи следните констатации:

- дали градбата е изведена во согласност со деталниот урбанистички план или урбанистички план за вон населено место или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација, а за линиските инфраструктурни градби дали се во согласност со проектот за инфраструктура заверен од надлежен орган;
- дека градбата е изведена во согласност со одобрението за градење и одобрениот основен проект, анексите кон основниот проект и проектот на изведена состојба, по однос на сите фази;
- дека градбата е приклучена на постојната сообраќајна мрежа и комуналната инфраструктура, согласно основниот проект и условите дадени во одобрението за градење;
- дека се отстранети сите помошни објекти, опрема и материјали кои биле за потребите на изведувачот за изградба на градбата;
- дека нема недостатоци и забелешки на изведените работи;
- дека градбата е изведена во согласност со основните барања во поглед на нејзината механичката отпорност, стабилност и сеизмичка заштита и
- заклучок дека градбата може да се употребува за предвидената намена.

Член 11

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник, престанува да важи Правилникот за начинот на вршење на технички преглед и содржината на извештајот на изведувачот за градби за кои не е потребно издавање на одобрение за градење („Службен весник на Република Македонија” бр.78/09).

Член 12

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр. 01-2703/2
24 февруари 2011 година Министер,
Скопје **Миле Јанакиески**, с.р.

616.

Врз основа на член 45 став 4 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/08, 143/08 и 56/10), министерот за транспорт и врски, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СТЕПЕНОТ НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА И НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА УРЕДУВАЊЕТО ВО ЗАВИСНОСТ ОД СТЕПЕНОТ НА УРЕДЕНОСТ

Член 1

Во Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/09, 157/09, 63/10, 98/10 и 13/11) во член 3 на крајот од реченицата точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите:

„во кои се засметани и трошоците за хидротехнички услови за приклучоци.“

Член 2

Во член 4 став (1) точка 3 во алинејата 4 зборовите „бензински пумпи“, се бришат.

По точката 4 се додаваат две нови точки 5 и 6, кои гласат:

„5. За бензинска пумпна станица и нејзини придружни содржини (продавници, кафетерии и ресторани, авто сервиси, авто салони, помошни простории) :

- продажни простории на бензинските пумпни станици 1,0;
- услужни простории на бензинските пумпни станици 1,0;

6. За објектите од група на класи на намени Б 5–угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта, и за објектите од група на класи на намени А 4–хотел, мотел, планинарски дом и ловен дом:

- сите простории 0,05;“

Во став (2) алинејата 1 се брише, а по алинеата 4 се додава нова алинеа 5 која гласи:

„- подземни резервоари.“

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-2757/2
24 февруари 2011 година Министер,
Скопје **Миле Јанакиески**, с.р.

617.

Врз основа на член 38 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10 и 18/11), министерот за транспорт и врски, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦИ

Член 1

Во Правилникот за висината на надоместокот за добивање на лиценци („Службен весник на Република Македонија“ бр. 143/09) во член 2 став 1 зборовите „и втора" се бришат.

Во став 2 зборовите „трета, четврта и петта" се заменуваат со зборот „втора".

Член 2

Во член 3 став 1 зборовите „и втора" се бришат.

Во став 2 зборовите „трета, четврта и петта" се заменуваат со зборот „втора".

Член 3

Во член 4 став 2 бројот „1.500" се заменува со бројот „1.000".

Ставовите 3, 4 и 5 се бришат.

Член 4

Во член 5 став 2 бројот „2.000„ се заменува со бројот „1.000".

Ставовите 3 и 4 се бришат.

Член 5

Во член 7 запирката по зборот „прва" се заменува со зборот „и", а зборовите „и трета" се бришат.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-2916/1
24 февруари 2011 година Министер,
Скопје **Миле Јанакиески**, с.р.

618.

Врз основа на член 49 став (5) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10 и 18/11) министерот за транспорт и врски донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВОДОТ ОД ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА СЕЛО, УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО, ДРЖАВНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА И ОД ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на изводот од генерален урбанистички план, детален урбанистички план, урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место, државна урбанистичка планска документација и од локална урбанистичка планска документација.

Член 2

Изводот од генерален урбанистички план се издава на бела хартија, во формат А-4.

Формата и содржината на изводот од став 1 на овој член се дадени во Прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Изводот од детален урбанистички план, урбанистички план за село и урбанистички план за вон населено место се издава на бела хартија, во формат А-4.

Формата и содржината на изводот од став 1 на овој член се дадени во Прилог 2, кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Изводот од државна урбанистичка планска документација и локална урбанистичка планска документација се издава на бела хартија, во формат А-4.

Формата и содржината на изводот од став 1 на овој член се дадени во Прилог 3, кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.01-2918/1
24 февруари 2011 година Министер,
Скопје **Миле Јанакиески**, с.р.

Прилог 1

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА _____

(грб и име на надлежна општина)

Број: _____ од _____
(архивски број) (датум)

_____
(име на надлежен сектор во општината)

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ:_____
(број на извод)

ГУП:_____
(наслов на план и плански период)

Одлука бр: _____ од _____
(број и датум на Одлука со која е донесен планот)

М 1:_____
(размер)

ИЗВОДОТ ЗА_____ .
(блок / четврт / урбана единица / катастарска парцела во катастарска општина / улица-сообраќајница/ цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

- **Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:**
  - легенда
  - профили на примарна сообраќајна и друга инфраструктура
  - табела со билансни показатели
- **По потреба и заверена копија од други графички прилози со легенда**

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**

- **Заверена копија од:** општите и посебните услови за просторен развој,параметри за споредување на планот, плански услови за детално планирање на просторот и мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.
- **По потреба и заверена копија од други услови;**

изготвил:_____

контролирал:_____

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНАТА;

_____

М.П

Прилог 2

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА _____

(грб и име на надлежна општина)

Број: _____ **од** _____
(архивски број) (датум)

_____
(име на надлежен сектор во општината)

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: _____
(број на извод)

ДУП: _____
(наслов на план и плански период)

УП за село: _____
(наслов на план и плански период)

УП вон нас. место: _____
(наслов на план и плански период)

Одлука бр: _____**од** _____
(број и датум на Одлука со која е донесен планот)

Намена на градба: _____
_____

Ул.„ _____ **“ бр.**_____

К.О. _____**К.П.**_____
(катастарска општина) (број на катастарска парцела)

ДЛ: _____ **М 1:** _____
(број на детален лист) (размер)

ИЗВОДОТ ЗА_____ .
(една или повеќе градежни парцели/ катастарска парцела во катастарска општина / блок / четврт/ урбана единица/ цел плански опфат)

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

- **Заверена копија од синтезен план во идентична форма со граница на плански опфат за кој се однесува барањето за извод со:**
- легенда
- табела со нумерички показатели
- **По потреба и заверена копија од други графички прилози со легенда:**

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**

- **Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, параметри за споредување на планот, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.
- **По потреба и заверена копија од други услови**

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

изготвил:_____

контролирал:_____

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНАТА;

_____

М.П

Прилог 3

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА _____

(грб и име на надлежна општина)

Број: _____ **од** _____

(архивски број) (датум)

_____

(име на надлежен сектор во општината)

ИЗВОД БРОЈ: _____

(број на извод)

ДУПД: _____

(наслов на државна урбанистичка планска документација)

ЛУПД:_____

(наслов на локална урбанистичка планска документација)

Решение бр: _____**од**_____

(број и датум на Решението со кое е одобрена урбанистичката планска документација)

Намена на градба: _____

_____

Ул.„ _____ **“ бр.**_____

К.О._____**К.П.**_____

(катастарска општина) (број на катастарска парцела)

ДЛ: _____ **М 1:** _____

(број на детален лист) (размер)

ИЗВОДОТ ЗА_____

(градежна парцела)

СОДРЖИ:

1. **ГРАФИЧКИ ДЕЛ:**

- **Заверена копија од синтезен план во идентична форма со:**
- легенда
- табела со нумерички показатели
- **По потреба и заверена копија од други графички прилози со легенда:**

2. **ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ:**

- **Заверена копија од:** општите и посебните услови за градење, мерки за заштита на културно наследство, на природата и животната средина, мерки за заштита и спасување, мерки за движење на хендикепирани лица и сл.
- **По потреба и заверена копија од други услови**

3. **ПОДАТОЦИ ЗА ПОСТОЈНА ИНФРАСТРУКТУРА И ПРИКЛУЧОЦИ**

изготвил:_____

контролирал:_____

ОВЛАСТЕНО ЛИЦЕ ОД ОПШТИНАТА;

_____

М.П

619.

Врз основа на член 54 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 130/09, 124/10 и 18/11), министерот за транспорт и врски, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА СОДРЖИНАТА НА ПРОЕКТИТЕ, ОЗНАЧУВАЊЕТО НА ПРОЕКТОТ, НАЧИНОТ НА ЗАВЕРКА НА ПРОЕКТОТ ОД СТРАНА НА ОДГОВОРНИТЕ ЛИЦА И НАЧИНОТ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИТЕ ЗАПИСИ

Член 1

Со овој правилник се уредува содржината на проектите, означувањето на проектите, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските записи.

Член 2

(1) Содржината на проектите од член 43 од Законот за градење се состои од три дела и тоа:

1. Општ дел;
2. Урбанистички дел; и
3. Проектен дел.

(2) Содржината на деловите на проектот е различна во зависност од видот на проектот, намената на градбата и нејзината специфичност и комплексност.

Член 3

(1) Општиот дел на проектот содржи основни податоци и програмски дел.

(2) Основните податоци се:

1. назив и адреса на градбата, стационажи, делници и сл.;
2. назив на проектот, вид на проектот, односно намена на проектот и ниво на обработка;
3. назив на инвеститорот (правно или физичко лице) и неговото седиште или адреса на неговото живеалиште;
4. назив, седиште и адреса на правното лице кое го изработува проектот;
5. доказ дека правното лице е регистрирано во Централниот регистар на Република Македонија за вршење на дејноста проектирање;
6. лиценца за проектирање на градби од соодветна категорија;
7. решение за именување на проектант и соработници за сите делови од проектот, со број на овластувањето;
8. овластување на проектантот за сите делови од проектот;
9. место на изработка на проектот; и
10. датум на завршување на проектот.

(3) Програмскиот дел ја содржи проектната програма во која инвеститорот ги дефинира неговите потреби и барања на градбата што се проектира и се состои од:

- архитектонски дел со дефинирани барања во однос на просторно-функционалната организација на градбата, спецификација на потребните функционални целини, поединечни простори и нивните приближни површини, наменски капацитети на просторите неопходни за нивното димензионирање и за димензионирањето на инсталациите, опремата и техничко-технолошките системи;
- градежен дел со дефинирани барања во однос на конструктивните системи, потребната доверливост на конструктивните елементи и квалитетот на градежните материјали со кои ќе се гради градбата; и
- техничко - технолошки дел со дефинирани барања во однос на техничко - технолошките инфраструктури, системи и опрема кои ќе се вградат во градбата.

(4) Програмскиот дел е задолжителен за основниот проект;

(5) Проектот за подготвителни работи, проектот на изведената состојба и проектот за употреба и одржување на градбата не содржат програмски дел.

Член 4

(1) Урбанистичкиот дел на проектот се состои од податоци за урбанистичко-архитектонските услови за градење - намена на земјиштето и просторните граници за изградба, градежната парцела, регулационата линија, градежната линија, површината за градење, диспозициите и параметрите на постоечките и планираните комунални инфраструктури, како и условите за приклучување на градбата на комуналните инфраструктури.

(2) Урбанистичкиот дел на проектот за подготвителни работи содржи:

1. извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура за линиските инфраструктурни градби; и
2. ситуација во соодветна мерка со прикажани постојни и новопредвидени сообраќајници и водови на комуналните инфраструктури со услови за приклучување на градилиштето;

(3) Урбанистичкиот дел на основниот проект содржи:

1. извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура за линиските инфраструктурни градби;
2. ситуација во соодветна мерка со геодетските податоци за поставеноста на градбата во градежната парцела во однос на регулационата и градежната линија;
3. ситуација во соодветна мерка на која ќе бидат внесени: граници на градежната парцела, предвидената градба, регулационата и градежната линија, местоположбата на постоечките соседни објекти и планираните соседни градби, постоечките и планираните комунални инфраструктури, како и местоположбата на приклучување на градбата на комуналните инфраструктури.

(4) Урбанистичкиот дел на проектот на изведена состојба содржи:

1. извод од детален урбанистички план или урбанистички план за вон населено место или урбанистички план за село или државна односно локална урбанистичка планска документација или проект за инфраструктура за линиските инфраструктурни градби;

2. ситуација во соодветна мерка со геодетските податоци за поставеноста на градбата во градежната парцела во однос на регулационата и градежната линија;

3. ситуација во соодветна мерка на која ќе бидат внесени: граници на градежната парцела, предвидената градба, регулационата и градежната линија, местоположбата на постоечките соседни објекти и планираните соседни градби, постоечките и планираните комунални инфраструктури, како и местоположбата на приклучување на градбата на комуналните инфраструктури.

(5) Урбанистичкиот дел на проектот за употреба и одржување на градбата содржи:

1. ситуација во соодветна мерка со приказ на изведените водови и приклучувањето на објектот на сите комунални инфраструктури.

Член 5

(1) Проектниот дел ги содржи сите потребни податоци за просторна организација на градбата, нејзиното обликување и димензии, функција, намена и начин на користење, техничките решенија на конструкцијата, формата и димензиите на конструктивните елементи, начинот на градење, употребените материјали, вградените инфраструктури, опрема и техничко-технолошки системи.

(2) Содржината на проектниот дел се состои од следните делови:

1. содржина со список на сите прилози и цртежи;

2. технички опис со нумерички параметри;

3. цртежи со геометриски проекции, димензии и спецификација на сите архитектонски, градежни и техничко-технолошки елементи од кои се состои градбата;

4. предмер и опис на вградените градежни материјали и опрема; и

5. потребни елаборати за претходни истражни работи кои се неопходни за изработка на проектот (геолошки и геомеханички елаборат, хидролошки и хидротехнички елаборат и др.).

Член 6

Проектниот дел содржи проекти од различни инженериски области во зависност од видот и намената на градбата, од начинот на градењето и видот на техничко-технолошките системи и опремата вградени во градбата. Тие можат да бидат:

1. архитектонски проект;

2. градежен проект (статика со сеизмика);

3. проект за електрична инсталација и опрема;

4. проект за машинска инсталација и опрема;

5.проект на хидротехничка инсталација и опрема;

6. проект на термотехничка инсталација и опрема;

7. проект на телекомуникациска инсталација и опрема;

8. проект на технолошка опрема;

9. проект за внатрешна архитектура;

10. сообраќаен проект;

11. градежен проект за ископите и подградувањето;

12. градежен проект за обезбедување на соседите и земјиштето;

13.проект за заштита од пожари и

14. други специјализирани проекти и елаборати (елаборат за геомеханички истражни работи, елаборат за заштита од бучава, елаборат ефикасно користење на енергијата и топлинска заштита-енергетска ефикасност и др.).

Член 7

Проектниот дел од проектот за подготвителни работи содржи:

1. Содржина со список на сите делови од проектот, прилози, цртежи и елаборати кои се составен дел на проектот;

2. Технички опис кој содржи опис на границите на градилиштето, начин на просторна и техничко-технолошка организација на градилиштето, список, опис, намена и димензии на времените објекти неопходни за функционирање на градилиштето, начин на приклучување на градилиштето на постојната сообраќајна мрежа, начин на приклучување на градилиштето на постојните комунални инфраструктурни водови неопходни за негово функционирање и начин и третман на градежниот отпад произведен на градилиштето и

3. Цртежи изработени врз основа на изводот од постојниот урбанистички план со граници на градежната парцела, регулациони линии, граници на градилиштето, просторна организација на градилиштето и диспозиција и намена на времените објекти, диспозиција на комуналните приклучоци и начинот на приклучување на сообраќајната инфраструктура.

Член 8

Проектниот дел од основниот проект содржи:

1. содржина;

2. технички опис;

3. цртежи;

4. предмер; и

5. потребни елаборати.

Член 9

(1) Содржината на проектниот дел од основниот проект содржи: список на сите делови од проектот, прилози, цртежи и елаборати кои се составен дел на проектот, со број на страницата на која почнува секоја содржина од списокот и со вкупен број на страници, прилози и цртежи во проектот;

(2) Техничкиот опис на проектниот дел од основниот проект содржи спецификација на сите проектирани простори со нивните површини, материјали и својства, детален опис со пресметка на сите проектирани техничко-технолошки инсталации и опрема, како и упатства за нивното изведување и тоа:

- техничкиот опис на архитектонскиот проект содржи детален опис на сите споеви, детали и елементи, видни слоеви, подови, тавани, фасадни решенија и покривни слоеви и упатство за нивното изведување, спецификација и опис на проектираните материјали, нивните физички и хемиски карактеристики, особено на текстурите и боите на завршните слоеви, сите искажани со нивните генерички имиња;

- техничкиот опис на градежниот проект содржи: детален опис на усвоеното конструктивно техничко решение, список на елаборати кои се користени како подлоги за проектирање, усвоените димензии на елементите, карактеристични податоци од извршените пресметки и анализи битни за верификација на усвоеното решение, користениот софтвер во анализите, нормативите и други акти според кои е извршена анализата, попис на усвоените материјали со нивните карактеристики и потребните претходни и контролни испитувања за потврдување на нивниот квалитет, начинот на изведувањето на градбата и други податоци кои се битни за градбата; и

- техничкиот опис на проектот за техничките инсталации содржи: детален опис на сите инфраструктурни водови и уреди, системи и опрема, со упатство за нивното вградување;

(3) Цртежите на проектниот дел од основниот проект содржат проекции, пресеци, детали и легенди неопходни за веродостојна просторна материјализација на проектот низ изградбата на градбата. Цртежите во проектниот дел на основниот проект се изработени врз основа на цртежите од идејниот проект и ги содржат сите податоци - димензии и спецификации потребни за изведување (изградба) на конструкцијата, архитектонските елементи, споеви, инсталациите и опремата на просечно сложена градба и тоа:

- основниот архитектонски проект содржи детални цртежи на градежната парцела, нејзината околина, автомобилските и пешачките сообраќајни површини, зеленилото и обработката на партерот, коти на сите димензии и растојанија битни за поставеноста на градбата во однос на регулационата и градежната линија, границите на градежната парцела и соседите, детални основи на сите подземни и надземни катови од градбата со основа на покривот (петта фасада) со точни површини на сите простории и опис на подните и sидните слоеви, сите карактеристични меѓусебе различни вертикални пресеци во два меѓусебе нормални правци (попречен и подолжен) со описи и димензии на сите карактеристични архитектонски елементи - sидови, тавани, подови, покриви, фасадни слоеви и др., сите фасадни изгледи, детални коти на првостепената, второстепената и третостепената пластика, конструктивни коти и вкупни коти на градбата во цртежите со основи, висински коти на сите катови, полукатови, денивелации, а особено коти на теренот, заштитниот тротоар, плочата на приземјето, плочата на завршниот кат, горниот венец на градбата и слемето во цртежите со пресеци, точни површини на сите проектирани просторно-функционални целини, катови, простории, како и на градбата во целина, точна диспозиција на вградената опрема, инфраструктурните водови, особено вертикалите и канализационите простори, детали во хоризонтален и вертикален пресек на сите карактеристични архитектонски елементи и спојки, шема на столарија и браварија, односно детален цртеж и опис на сите елементи од вградената опрема - прозорци, врати, огради, гелендери и др.;

- основниот градежен проект содржи: прецизни и детални пресметки и анализи на усвоеното техничко решение со нивна јасна и употреблива презентација, технички цртежи во погодна мерка со сите потребни коти и ознаки и тоа: ситуационо решение, основи на сите карактеристични катови и нивоа, најмалку два карактеристични меѓусебе нормални вертикални пресеци, изгледи, шеми, кофражни планови, арматурни детали, работилнички цртежи и детали; и

- основниот проект за техничка инсталација содржи: детални цртежи со спецификација и просторна диспозиција на водовите и уредите, системите и опремата од техничките системи неопходни за нивно изведување, односно изградба и вградување, како и начинот на нивното приклучување на комуналните инфраструктури.

(4) Предмерот содржи список, количини и опис на архитектонските и градежните материјали, опремата и инсталациите кои се проектирани да се вградат во градбата. Предмерот се изработува во детални димензии и количини, според сите поединечни архитектонски, градежни и технички позиции во проектот, по видови на материјал, инсталација и опрема именуван со нивните генерички имиња, односно според видот на работите и ги содржи сите потребни параметри за димензионирање на оптовареноста на комуналните инфраструктури и одредување на финансиската вредност на работите, како и проектираната градежна вредност на градбата. Предмерот се изработува до ниво на разработка и во форма која го прави применлив за тендерска документација, односно за договор за изведување;

(5) Основниот проект ги содржи следните елаборати потребни за неговата изработка и за добивање на одобрение за градење:

- геолошки и геомеханички елаборат;

- хидролошки и хидротехнички елаборат;

- елаборат за заштита при работа;

- елаборат за заштита на животната средина и здравјето на луѓето;

- други елаборати предвидени со постојната законска регулатива.

Член 10

Содржината на проектниот дел од проектот на изведена состојба е идентична со содржината на основниот проект наведена во членот 8, точки 1, 2 и 3 од овој правилник. Содржините на проектниот дел од проектот на изведена состојба треба да бидат веродостојна проектна снимка на фактичката изведена состојба на градбата, во согласност со одобрените дополни кон основниот проект.

Член 11

Содржината на проектниот дел од проектот за употреба и одржување на градбата е идентична со содржината на проектот за изведена состојба од членот 10 на овој правилник со прилози кои содржат податоци за условите на гаранциите на градежните производи, пропишаните правила за употреба и одржување на делови-

те од градбата, вградените инсталации и опрема. Проектот за употреба и одржување на градбата содржи податоци за режимот на одржувањето на градбата, задолжителните временски рокови за преглед на деловите од градбата, сервисирање и замена на дотраените делови на градбата и опремата и други поединости за правилна употреба и одржување на градбата.

Член 12

(1) Сите видови проекти, на насловната страница од корицата и на првата страница од проектот ги содржат податоците од општиот дел на проектот од член 3, став (2) од овој правилник.

(2) Доколку деловите на проектот од различни инженериски области се презентирани во одделни книги или папки, на насловните страници од кориците и на првите страници од деловите на проектот, тие ги содржат податоците од ставот (1) на овој член и податокот за видот на проектот, односно делот од проектот за кој се работи.

(3) Насловните страници на деловите од проектот од различни инженерски области и нивните први страници видливо се означуваат со ознаката на областа и тоа:

1. архитектонски проект "А";
2. градежно-конструктивен проект "Г";
3. електротехнички проект "Е";
4. хидротехнички проект "Х";
5. проект за водовод и канализација "ВК";
6. термотехнички проект "Т";
7. машински проект "М";
8. проект за телекомуникациски инсталации "ТК";
9. технолошки проект "ТХ";
10. сообраќаен проект "С";
11. елаборат за заштита од пожари и инсталација за дојава на пожар "ППЗ";
12. елаборат за заштита при работа "ЗР";
13. елаборат за геомеханика "ГМ";
14. елаборат за заштита од бучава "ЗБ";
15. елаборат ефикасно користење на енергијата и топлинска заштита (енергетска ефикасност) "ЕЕ";
16. студија за заштита на животната средина и здравјето на луѓето "ЗЖС";

(4) Сите страници на проектот и неговите посебни делови се означени со ознаката од став (3) на овој член и со број на страницата.

Член 13

Цртежите во зависност од видот на проектот ја содржат соодветната ознака од член 12, став (3) од овој правилник, како и број на цртежот, мерката во која е изработен, техничкиот цртеж, описи на елементи на цртежот, ознаки на елементи на цртежот и легенда, рамка и печат со податоци. Печатот со податоци содржи:

1. назив на градбата;
2. назив на инвеститорот;
3. назив на правното лице кое го врши проектирањето;
4. вид на проектот на кој му припаѓа цртежот;
5. назив на цртежот;
6. содржина на цртежот;
7. број на цртежот;
8. ознака на цртежот;
9. мерка на цртежот;
10. име и презиме на проектантот;
11. име и презиме на соработниците;
12. печат и потпис на проектнатот;
13. печат на правното лице во кое се врши проектирањето и потпис на одговорното лице;
14. печат и потпис на ревидентот;
15. место и дата на изработка на проектот;
16. технички број на проектот; и
17. други неопходни податоци.

Член 14

(1) Проектите од член 2 на овој правилник се заверуваат со печат на правното лице и со потпис на одговорното лице во правното лице во кое се изработуваат, на насловната страница од проектот, насловните страници на сите делови од проектот и на печатот со податоци на секој цртеж.

(2) Проектите од член 2 на овој правилник се заверуваат со потпис и печат на овластен проектант и проектантот кој го изработил проектот. Проектантот со потпис и печат ги заверува насловната страница од проектот, насловните страници на сите делови од проектот и сите страници со цртежите на проектот што ги изработил, а само со печат на овластен проектант ги заверува сите страници со текст од проектот.

(3) Проектите од член 2 на овој правилник ги заверува со потпис и печат и ревидентот кој извршил ревизија на проектот. Ревидентот со потпис и печат ги заверува насловните страници од проектот што го ревидирал, а со печат сите страници и цртежи од проектите .

Член 15

Проектите се печатат на хартија, се пакуваат, се подврзуваат и се коричат во А-4 формат, на начин кој овозможува нивно лесно чување и користење, а воедно оневозможува незабележливо вадење и менување на поединечни содржини од проектот. Проектите не треба да се пакуваат и укоричуваат во регистри.

Член 16

(1) Проектите се запишуваат и во електронска форма на соодветни носачи на електронски записи, во формат кој е соодветен за користење и чување. Корисниците на проектите, електронскиот запис го добиваат и чуваат во битмапен формат, додека проектантот електронскиот запис на проектот го чува во векторски формат;

(2) Проектите од ставот (1) на овој член не се употребуваат во постапките за добивање на одобрение за подготвителни работи, одобрение за градење и одобрение за употреба на градбата;

(3) Проектите изработени во форма на електронски записи се користат како работни примероци за мониторинг, увид, евиденција, анализа, чување и архивирање.

Член 17

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за содржината на проектите, означувањето на проектот, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење на електронските записи („Службен весник на Република Македонија" бр.71/09).

Член 18

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 01-2920/1
24 февруари 2011 година
Скопје

Министер,
Миле Јанакиески, с.р.

КОМИСИЈА ЗА ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

620.

Врз основа на член 114 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, постапувајќи по Барањето бр. 08-УП1-2 од 11.1.2011 година, на седницата одржана на ден 14.2.2011 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

1. Се обновува дозволата за работење на брокер на Јосиф Костадиновски од Скопје, издадена со Решение бр. 07-685/5 од 25.4.2006 година од Комисија за хартии од вредност на Република Македонија.

2. Обновената дозвола за работење на брокер на Јосиф Костадиновски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Јосиф Костадиновски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 08-УП1 2
14 февруари 2011 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

621.

Врз основа на член 114 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, постапувајќи по Барањето бр. 08-УП1-6 од 14.1.2011 година, на седницата одржана на ден 14.2.2011 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

1. Се обновува дозволата за работење на брокер на Димче Панов од Велес, издадена со Решение бр. 07-577/4 од 29.3.2006 година од Комисија за хартии од вредност на Република Македонија.

2. Обновената дозвола за работење на брокер на Димче Панов се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Димче Панов престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 08-УП1 6
14 февруари 2011 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

622.

Врз основа на член 114 од Законот за хартии од вредност („Службен весник на Република Македонија" бр. 95/2005, 25/2007, 7/2008 и 57/2010), Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија, постапувајќи по Барањето бр. 08-УП1-7 од 14.1.2011 година, на седницата одржана на ден 14.2.2011 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБНОВУВАЊЕ НА ДОЗВОЛА ЗА РАБОТЕЊЕ НА БРОКЕР

1. Се обновува дозволата за работење на брокер на Методија Ивановски од Скопје, издадена со Решение бр.07-594/4 од 29.3.2006 година од Комисија за хартии од вредност на Република Македонија.

2. Обновената дозвола за работење на брокер на Методија Ивановски се дава за период од пет години од денот на издавањето.

3. Дозволата за работење на брокер на Методија Ивановски престанува да важи и пред истекот на рокот утврден во точка 2 на ова Решение во случаите предвидени со член 211 од Законот за хартии од вредност.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Број 08-УП1 7
14 февруари 2011 година
Скопје

Комисија за хартии од вредност
на Република Македонија
Претседател,
Марина Наќева-Кавракова, с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

623.

Врз основа на член 152 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на РМ“ бр. 40/2008), директорот на Агенцијата за катастар на недвижности, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА СТАПУВАЊЕ ВО ПРИМЕНА НА ВОСТАНОВЕН КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ

Стапува во примена востановениот катастар на недвижности за катастарската општина Младо Нагоричане - Општина Старо Нагоричане.

Катастарот на недвижности ќе се применува од 10-от ден од денот на објавувањето на ова решение во „Службен весник на Република Македонија“.

Со денот на стапување во примена на востановениот катастар на недвижности од став 1 од ова решение, престанува да се применува катастарот на земјиште за КО Младо Нагоричане, востановен според Законот за премер и катастар на земјиштето („Службен весник на РМ“ бр. 34/72 и 13/78).

Бр. 09-3284/1
23 февруари 2011 година Директор,
Скопје **Љупчо Георгиевски**, с.р.

НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

624.

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 и член 68 став 2 и 69 став 1 од Законот за Народна банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 158/2010) и член 57 ставови 2 и 3 и член 59 став 5 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија” бр. 67/2007, 90/2009 и 67/2010), Советот на Народната банка на Република Македонија, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊА НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТИ НА БАНКА

I. Во Одлуката за издавање согласности („Службен весник на Република Македонија” бр. 91/07, 134/07 и 139/08) се вршат следниве изменувања и дополнувања:

1. Во главата II точка 2, алинејата 1 се менува и гласи:

„- Одлука на Собранието на банката за измена и/или дополнување на статутот, којашто ќе стапи на сила по издавањето согласност од гувернерот или Предлог-одлука на Надзорниот одбор за измена и/или дополнување на статутот, којашто ќе стапи на сила по усвојувањето на измената и/или дополнувањето на статутот од страна на Собранието на банката и по издавањето согласност од гувернерот;“

Во алинејата 4, зборовите: „што се менува“ се заменуваат со зборовите: „во кој ќе бидат означени измените и/или дополнувањата за кои се бара согласност“.

2. Во главата IV, по точката 16.5 се додава нова точка 16.6 којашто гласи:

„16.6 Образложение од предложеното лице за член на надзорен одбор за начинот на кој неговото работно искуство ќе придонесе за успешно извршување на задачите како член на Надзорниот одбор на банката. Лицето предложено за член на надзорен одбор треба да ги има предвид надлежностите на членовите на надзорен одбор на банка, стандардите коишто треба да ги почитуваат банките согласно со прописите и специфичностите на нивните активности. Образложението се поднесува само кога предложеното лице за првпат се именува за член на Надзорниот одбор на банката.“

Точката 16.6 станува точка 16.7.

3. Во главата IV, точката 17 се менува и гласи:

„17. Со лицето предложено за член на надзорен одбор на банка може да се спроведе интервју заради оцена на неговите познавања на прописите од областа на банкарството и/или финансиите, неговото разбирање за улогата на надзорниот одбор и неговото искуство.“

4. Во главата IV точка 18 став 1, зборовите: „со банката“, се заменуваат со зборовите: „и надзор на работењето на банката“.

5. Во главата V точка 20.1 се додава нова реченица којашто гласи:

„Кон одлуката треба да се достави и образложение за причините за именување на лицето предложено за член на Управниот одбор на банката, како и образложение на придобивките за банката од неговото именување.“

6. Во главата V точка 20.3, зборовите: „степенот на стручната подготовка“, се заменуваат со зборовите: „завршено високо образование“.

7. Во главата V точка 20.5 се додава нова реченица којашто гласи:

„Како доказ за исполнување на овој услов се доставува потврда од правните лица во кои го стекнал потребното искуство за член на управен одбор во банка.“

8. Во главата V точката 20.6 се менува и гласи:

“20.6 Програма за работа на предложениот член, одобрена од Надзорниот одбор на банката, за периодот за кој се именува за член на управен одбор. Програмата треба да ги содржи најмалку следниве работи:

- Опис на состојбата во која се наоѓа банката во која лицето е предложено за член на управен одбор, вклучувајќи и опис на местото и улогата на таа банка на пазарот;

- Опис на планираните активности во областите од работењето на банката за кои лицето ќе биде надлежно како член на Управниот одбор, согласно со интерните акти на банката, во периодот за кој е предложено лицето.“

9. Во главата V точка 20.7, зборовите: „Потврда за престој и дозвола“ се заменува со зборовите: „Важечка потврда за престој и важечка дозвола“.

Во точката 20.7 се додава нова реченица којашто гласи:

„Банката е должна да достави нова потврда за престој и дозвола за работа до Народната банка во рок од 15 дена од истекот на важноста на потврдата за престој и дозволата за работа, доколку важноста на кој било од овие два документа истече во периодот за кој лицето предложено за член на управен одбор има добиено согласност од гувернерот.“

10. Во главата V, точката 20.9 се менува и гласи:

„20.9 Препораки од најмалку две лица со искуство од областа на банкарството и/или финансиите, од кои едното лице не е лице со посебни права и одговорности во банката во која се именува за член на управниот одбор, ниту е лице поврзано со банката. Препораките се поднесуваат само во случаите кога предложеното лице за првпат се именува за член на управен одбор на банка.“

11. Во главата V, по точката 20.9 се додаваат две нови потточки коишто гласат:

„20.10 Образложение од лицето предложено за член на управен одбор за начинот на кој неговото работно искуство ќе придонесе за успешно извршување на задачите како член на Управниот одбор на банката. Лицето предложено за член на управен одбор треба да ги има предвид надлежностите на членовите на управен одбор на банка, стандардите коишто треба да ги почитуваат банките согласно со прописите и специфичностите на нивните активности. Образложението се поднесува само кога предложеното лице за првпат се именува за член на Управниот одбор на банката.

20.11. Друга документација којашто Народната банка ќе ја побара во процесот на одлучување.“

12. Во главата V точка 21, зборовите: „Гувернерот може да спроведе интервју со предложениот член на управен одбор на банка“ се заменуваат со зборовите: „Со лицето предложено за член на управен одбор на банка може да се спроведе интервју“.

13. Во главата IX точка 40, зборот: „измена“ се заменува со зборот: „промена“.

По ставот 1 се додаваат два нови става коишто гласат:

„Кон барањето за промена на седиштето се доставуваат и податоци за деловниот простор каде што ќе биде сместено новото седиште (сопствен или изнајмен, локација, површина и слично) и за организациските единици на банката коишто ќе функционираат во новото седиште.

Доколку во деловните простории каде што ќе биде сместено новото седиште на банката се планира да се извршуваат и финансиски активности за кои банката има добиено согласност од гувернерот, кон барањето за промена на седиштето се доставуваат и податоци за информативниот систем и техничката опременост на деловниот простор потребни за вршење на тие финансиски активности, наведени во точката 5.4 од оваа одлука.“

14. Во главата IX точка 41 став 1, зборот: „измена“ се заменува со зборот: „промена“.

15. Во главата IX точка 42, во ставот 1 зборот: „измена“ се заменува со зборот: „промена“, во ставот 2 зборот: „Измената“ се заменува со зборот: „Промената“, а во ставот 3 зборовите: „измена на името“ се заменуваат со зборовите: „промена на името“.

16. Во главата XI точка 48, зборовите: „платена провизија“ се заменуваат со зборовите: „платен надоместок“.

17. Во главата XI точка 49 во втората реченица по зборот: „овластен“ се додава зборот: „судски“.

18. Во главата XI точка 50, ставот 2 се менува и гласи:

„Доколку законодавството на земјата од која доаѓа странското лице кое поднесува барањето за согласност од точка 1 од оваа одлука, или законодавството на земјата во која работело тоа лице најмалку 5 години пред да го поднесе барањето за согласност од точка 1 од оваа одлука поинаку ја регулира материјата во врска со документацијата којашто се доставува кон барањето, должно е да приложи:

- Извадок од соодветниот пропис на странската земја или

- Правно мислење од независен адвокат којшто не е ангажиран од соодветната банка или лице поврзано со банката, при што кон мислењето се доставува и документ со кој ќе се потврди дека станува збор за овластен адвокат во странската земја.

19. Во главата XI точка 51, зборовите: „во земјата и во странство“ се бришат.

20. Во образецот 2, точките 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14 стануваат точки 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 13 и 14.

21. Во образецот 3, точката 4 се менува и гласи:

„4. Дали некогаш ви била изречена споредна казна: забрана за добивање дозвола за основање и работа на банка, одземање дозвола за основање и работа на банка, забрана за основање нови правни лица и привремена или трајна забрана за вршење банкарски активности? Ако ви била, наведете ги сите детали.“

По точката 4, се додава нова точка 4.1 којашто гласи:

„4.1 Дали некогаш ви била изречена прекршочна санкција, односно казна забрана за вршење професија, дејност или должност? Ако ви била изречена ваква санкција, односно забрана, наведете ги сите детали.“

22. Во образецот 4, точката 8 се менува и гласи:

„8. Дали на правното лице му е изречена споредна казна: забрана за добивање дозвола за основање и работа на банка, одземање дозвола за основање и работа на банка, забрана за основање нови правни лица и привремена или трајна забрана за вршење банкарски активности? Ако му е изречена, наведете ги сите детали.“

По точката 8, се додава нова точка 8.1 којашто гласи:

„8.1 Дали правното лице е контролирано од лице на кое му е изречена споредна казна: забрана за добивање дозвола за основање и работа на банка, одземање дозвола за основање и работа на банка, забрана за основање нови правни лица и привремена или трајна забрана за вршење банкарски активности? Ако е, наведете ги сите детали.“

23. Во образецот 4, по точката 9 се додава нова точка 9.1 којашто гласи:

„9.1 Дали ваква санкција, односно забрана е му изречена на лице коешто остварува контрола во правното лице? Ако била изречена ваква санкција, односно забрана, наведете ги сите детали.

II. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

За постапките за издавање согласности започнати пред денот на стапувањето во сила на оваа одлука ќе се применуваат прописите коишто важеле на денот на нивното поведување.

О.бр.02-15/II-1/2011
23 февруари 2011
Скопје

Гувернер и претседател
на Советот на Народна банка
на Република Македонија,
м-р **Петар Гошев,** с.р.

АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО

625.

Врз основа на член 98, став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 14/06, 24/07, 103/08 и 67/10), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА, ЕВИДЕНЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ИЗДАВАЊЕ И ПРОМЕНА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ВОЗДУХОПЛОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината, евиденцијата и начинот на издавање и промена на уверението за регистрација на воздухоплови.

Член 2

Формата и содржината на уверението за регистрација на воздухоплови (во натамошниот текст: уверение за регистрација) е дадена во прилог кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

(1) Барањето за упис на воздухоплов во регистарот на воздухоплови и за издавање односно промена на уверение за регистрација, операторот на воздухопловот го поднесува писмено до Агенцијата за цивилно воздухопловството (во натамошниот текст: Агенција).

(2) Операторот на воздухопловот, секоја промена на податоците внесени во регистарот на воздухоплови ја пријавува во рок од 15 дена од денот на настанатата промена со писмено барање до Агенцијата за запишување на промената во регистарот.

(3) Промените внесени во регистарот на воздухоплови се внесуваат и во уверението за регистрација, ако тие промени се однесуваат на податоците кои се внесуваат во уверението.

Член 4

Кон барањето за упис на воздухоплов во регистарот на воздухоплови и за издавање односно промена на уверението за регистрација, операторот на воздухопловот ги доставува следните документи:

1. записник од извршен основен преглед од страна на овластено лице од Агенцијата, во кој е констатирано дека воздухопловот ги исполнува пропишаните услови за пловидбеност;

2. копија од уверение за државјанство и копија од лична карта за домашно физичко лице односно дозвола за престој за странско физичко лице, или решение за упис во Централниот регистар на Република Македонија за правно лице;

3. потврда за бришење на воздухопловот од претходниот регистар на воздухоплови (Certificate of Aircraft Deletion), или доказ дека истиот не е впишан во друг регистар на воздухоплови;

4. уверение за пловидбеност на воздухопловот за извоз што го издал надлежниот орган на земјата во која бил впишан воздухопловот, со кој што се потврдува дека истиот е пловидбен (Export Certificate of Airworthiness);

5. уверение или друг документ дека воздухопловот ги исполнува пропишаните стандарди за јачина на бучавата и за емисија на гасови;

6. доказ за сопственост (купопродажен договор со платена сметка, договор за дар или друг доказ) или одобрен договор за закуп односно лизинг на воздухопловот без екипаж и

7. доколку операторот не е сопственик на воздухопловот, потребно е да се достави изјава со која сопственикот на воздухопловот се согласува истиот да се запише во регистарот на воздухоплови на Република Македонија.

Член 5

(1) Документите од член 4 на овој правилник треба да бидат во оригинал или копија заверена кај нотар согласно Законот за општа управна постапка.

(2) За документите од член 4 точка 6 на овој правилник кои се изготвени на јазик различен од македонскиот јазик, покрај оригиналот или копијата заверена кај нотар се поднесува и превод на македонски јазик изготвен од овластен судски преведувач.

(3) Со барањето за упис на воздухоплов во регистарот на воздухоплови се приложува и доказ за платена административна такса утврдена со Законот за административните такси и платен надоместок утврден со тарифник на Агенцијата.

Член 6

По приемот на барањето се утврдува дали постојат формални недостатоци и тоа:

- дали барањето ги содржи сите податоци неопходни да се постапува по него (име, презиме/назив, потпис и адреса на барателот);

- дали е уплатена административна такса и надоместокот утврден со тарифник на Агенцијата и

- дали се поднесени сите документи и докази за бараните податоци кои се приложуваат со барањето.

Член 7

(1) Доколку барањето содржи некој формален недостаток, се известува барателот кој во рок од 15 дена треба да ги отстрани констатираните недостатоци.

(2) Доколку барателот ги отстрани недостатоците во рокот од став (1) на овој член се смета дека барањето било уредно од самото поднесување.

(3) Доколку барателот не ги отстрани недостатоците во рокот од став (1) на овој член Агенцијата со заклучок го отфрла барањето.

Член 8

Агенцијата по приемот на барањето и потребната документација започнува со утврдување на сите факти и докази/околности што се од значење за утврдување на исполнетоста на условите за регистрација на воздухоплов, при што особено се проверува:

- дали воздухопловот ги исполнува пропишаните услови за пловидбеност;

- дали домашното физичко лице има македонско државјанство, односно дали странското физичко лице има регулиран престој во Република Македонија или дали правното лице е регистрирано и со седиште во Република Македонија;

- дали потврдата за бришење на воздухопловот од претходниот регистар (Certificate of Aircraft Deletion), ги има потребните податоци за воздухопловот како и печат и потпис од овластеното лице од воздухопловната власт која го издава документот;

- дали уверението за пловидбеност на воздухопловот за извоз (Export Certificate of Airworthiness) ги содржи потребните податоци за воздухопловот како и печат и потпис од овластеното лице од воздухопловната власт која го издава документот;

- дали доставениот купопродажен договор или доказ за друг вид на право на користење на истиот е валиден и потпишан од овластени лица на двете договорни страни или одобрен од Агенцијата;

- дали во изјавата сопственикот на воздухопловот се согласил истиот да се впише во регистарот на воздухоплови на Република Македонија, доколку операторот не е сопственик на воздухопловот и

- дали воздухопловот ги исполнува пропишаните услови за бучава и емисија на гасови согласно важечките прописи.

Член 9

(1) Доколку Агенцијата утврди дека се исполнети сите пропишани услови, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето со комплетна документација и докази донесува решение за упис на воздухопловот во регистарот на воздухоплови или за издавање односно промена на уверението за регистрација кое заедно со уверението за регистрација му го доставува на барателот.

(2) Доколку Агенцијата утврди дека не се исполнети сите пропишани услови за упис на воздухопловот во регистарот на воздухоплови или за издавање односно промена на уверението за регистрација, во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето со комплетна документација и докази донесува решение за одбивање на барањето во кое се наведуваат причините за одбивањето.

Член 10

За поднесените барања за упис на воздухоплов во регистарот на воздухоплови и издавање или промена на уверението за регистрација и за издадените уверенија за регистрација или промена, во Агенцијата се води евиденција во регистарот на воздухоплови.

Член 11

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се применува од 1 мај 2011 година.

Бр. 03-149/3
21 февруари 2011 година
Скопје

Директор,
д-р **Дејан Мојсоски**, с.р.

ПРИЛОГ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА REPUBLIC OF MACEDONIA **Агенција за цивилно воздухопловство** Civil Aviation Agency **УВЕРЕНИЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА** CERTIFICATE OF REGISTRATION		Уверение бр:_____ Certificate No:_____
1. **Знаци на државна припадност и регистарски ознаки** Nationality & Registration mark	2. **Производител, тип и модел на воздухопловот** Manufacturer & Manufacturer's designation of aircraft	3. **Сериски бр.на воздухопловот** Aircraft serial No.
4. **Име на сопственикот:** Name of owner: 5. **Адреса на сопственикот:** Address of owner:		
4 а. **Име на корисникот:** Name of user: 5 а. **Адреса на корисникот:** Address of user:		
6. **Со ова се потврдува дека горенаведениот воздухоплов е уредно запишан во регистарот на воздухоплови на Република Македонија согласно Конвенцијата за меѓународно цивилно воздухопловство од 07.12.1944 година и Законот за воздухопловство на Република Македонија.** It is hereby certified that the above described aircraft has been duly entered on the Civil Aircraft Register of the Republic of Macedonia in accordance with the Convention on International Civil Aviation dated 7 December 1944 and with the Aviation Act of the Republic of Macedonia.		
Дата на издавање Date of issue		**Потпис** Signature

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

626.

Врз основа на член 27 став 3 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010 и 156/2010), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 27.1.2011 година, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА КАРТИЧКАТА ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗА НАЧИНОТ НА НЕЈЗИНОТО ИЗДАВАЊЕ, ВОДЕЊЕ, КОРИСТЕЊЕ И ДОКАЗОТ ЗА ПЛАТЕН ПРИДОНЕС ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Правилникот за формата и содржината на картичката за здравствено осигурување и за начинот на нејзиното издавање, водење, користење и доказот за платен придонес за задолжително здравствено осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 159/2010), во член 2 текстот:

- Kartela vlen vetëm me letërnjoftim, librezë nxënësi ose pashaportë;
- Në afat prej 30 diteve pas kalimit të afatit të kartelës në qfardo baze, shfrytëzuesi e kthen kartelën për zhvlerësim te Fondi;
- Humbjen e kartelës shfrytëzuesi e lajmëron te Fondi dhe e shpall në „Gazetën zyrtare të RM“;
- Kartelën e gjetur ju lutemi ta paraqitni te Fondi;
- Kjo kartelë vlen vetëm te institucionet shëndetësore ku Fondi e ka siguruar kryerjen eshërbimeve shëndetësore.

се заменува со текстот:

- Kartela vlen vetëm me letërnjoftim të vlevshëm, vërtetim për shkollim ose pasaportë;
- Në afat prej 30 ditësh që nga kalimi i afatit të vlevshmërisë së kartelës për çfarëdo arsye, përdoruesi e kthem atë për zhvlerësim në Fond;
- Përdoruesi e paraqet humbjen e kartelës në Fond dhe atë e shpall në „Gazetën zyrtare të RM“;
- Nëse gjeni një kartelë të këtillë, ju lutemi ta dorëzoni në Fond;
- Kjo kartelë vlen vetëm në institucionet shëndetsore me të cilat Fondi ka siguruar realizim të shërbimeve shëndetësore.

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-756/3
27 јануари 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
Ирфан Хоџа, с.р.

www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Тони Трајанов.
Телефон: +389-2-55 12 400.
Телефакс: +389-2-55 12 401.
Претплатата за 2011 година изнесува 10.100,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2011024